Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 289 15 декември 2021 година

декември 2021 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област уставно право на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на насловен вонреден професор д-р Жанета Попоска за насловен вонреден професор во областа меѓународно јавно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област кардиоваскуларна хирургија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 31

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област ортопедски болести на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 39

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 47

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област протетика на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 65

**РЕФЕРАТ** за избор на вонреден професор за научната област дентална патологија 30404 (еден извршител) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 86

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област кардиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 106

**РЕФЕРАТ** за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање насловен доцент во наставно-научната област кинетографија на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 115

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област експлоатација на слоевити лежишта на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 126

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторска дисертација со наслов „Независни прогностички и предиктивни фактори кај ран стадиум луминал а и луминал б карцином на дојка“ пријавена на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 135

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Маркетинг: примери од пракса”од проф. д-р Тамара Јованов-Апасиева, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 145

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторска дисертација со наслов „Прогностички фактори во третманот на венски улкуси на долните екстремитети кај пациенти со хронична венска инсуфициенција”, пријавена на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 148

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Етика во образованието“ од проф. д-р Трајче Стојанов, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 154

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата .......... 157

**ПРЕГЛЕД** на прифатени теми за изработка на докторски трудови од наставно-научните совети на докторски студии на Кампус 4 .......... 158

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Џидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување:Благој Михов
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ УСТАВНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1102-97/4 од 23.6.2021 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 23.6.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област уставно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 9 јуни 2021 година и во предвидениот рок се пријави д-р Јасмина Димитриева-Најданова, насловен доцент за наставно-научната област уставно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, констатираме дека се доставени сите потребни документи согласно со објавениот Конкурс и чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Јасмина Димитриева-Најданова е родена на 19 февруари 1970 година во Скопје. Средно образование завршува во Скопје во Гимназија „Јосип Броз-Тито” во 1988 година со одличен успех. Со високо образование се стекнува на Правниот факултет, правосудна насока, во Скопје на 28 октомври 1992 година. Студиите ги завршува со просечен успех 8,37. Во учебната 1993 година се запишува на втор циклус (магистерски) студии на Централноевропскиот универзитет во Будимпешта, Унгарија. Студиите ги завршува на 20 јули 1995 година, со магистерски труд на тема „Споредбен преглед на антимонополската регулатива во САД, ЕУ и Македонија”. Дипломата е нострифицирана од МОН на 4 јули 2008 г., Одлука бр. 09-4772/2. Студиите ги завршува со просечен успех 9,23. Таа има остварено и 3-месечен студиски престој на Old College во Единбург, Шкотска, Обединетото Кралство за правото на Европска Унија во 1996 год., како стипендист на Британската амбасада.

Докторска дисертација ја пријавила во март 2007 година на Правниот факултет – Љубљана, Универзитет во Љубљана, Словенија. Дисертацијата на тема „Европски стандарди во изборната област и нивна примена“ ја одбранила на 7 јули 2014 година, пред Комисија во состав: редовен професор д-р Мирјам Шкрк, Правен факултет - Љубљана, вонреден професор д-р Јуриј Топлак, Правен факултет -Марибор и доцент д-р Василка Санцин, ментор, Правен факултет - Љубљана. Професор д-р Матеј Ачето од Католичкиот факултет во Лисабон учествувал како ко-ментор во подготовката на докторската дисертација. Со одбраната на докторската дисертација, д-р Јасмина Димитриева се стекнува со научниот степен доктор на науки од научната област правни науки. Дипломата е нострифицирана од МОН на 14 јануари 2015 г., со Решение бр. УП1 бр. 15-14.

Д-р Јасмина Димитриева-Најданова има повеќе од 18 години искуство во наставно-образовната и научноистражувачката дејност, кој го вклучува и

периодот на изработката на докторатот од областа на изборите 2007-2014 на Правниот факултет во Љубљана. Во центарот на нејзината наставно-образовна и научноистражувачка дејност секогаш биле изборите, човековите права и уставното право. Ефектите од нејзината работа се видливи не само во наставно-образовната и научноистражувачката дејност, туку и во креирањето политики и изработка на закони и подзаконски акти, како и во стручното оспособување на судии, обвинители и адвокати.

Д-р Јасмина Димитриева-Најданова е автор, ко-автор и рецензент на бројни публикации и трудови од областа на уставното право, изборите, демократскиот уставен поредок и заштитата на човековите права. Нејзината научноистражувачка дејност, меѓу другото, е претставена преку магистерскиот труд (1995) и докторската дисертација (2014), кои се преработени и издадени во вид на монографии.

Последните 5 години, во 2021 и 2020 г., се јавува како прв ко-автор заедно со професор д-р Lydia Tiede на „Global Review of Constitutional Law report on North Macedonia 2020" (наскоро публикувано во I CON годишно издание - the Clough Center for the Study of Constitutional Democracy) 2021 и на Global Review of Constitutional Law report on North Macedonia 2019, кои помеѓу други трудови беше избрано и публикувано во International Journal of Constitutional Law I CON vol. 18 (2020) стр. 605-613, Oxford academic со импакт фактор 1510, како и во I CON's годишно издание - the Clough Center for the Study of Constitutional Democracy, 2020. Во 2020 година се претставува и со анализата „Трајковки и Чиповски против Северна Македонија. Почит за приватниот живот: земање материјал, процесирање и складирање на ДНК профили" објавено на веб-страницата на Justice Observers на македонски и англиски јазик. Во 2019 година го објавува трудот „Preventing and protecting refugee children from trafficking: a paradigm shift under R2P principle?", во книгата „Responsibility to Protect: Lessons Learned and the Way Forward", Vasilka Sancin ed., Faculty of Law, University of Ljubljana, 2019, стр. 229-244 издадена по Меѓународната конференција на оваа тема. Автор е и на трудовите „Protecting the Right to Health of Prison Population" објавен како оригинален труд во Зборник на трудови на 6. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Правен факултет - Штип, 2019, стр. 351-363 и „Protection of Minority Rights – A Pillar of A Democratic Society", објавен како оригинален труд во Зборник на трудови на 5. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Правен факултет - Штип, 2018, стр. 373-383.

Во 2021 година таа има дадено свој придонес кон анексот на книгата „Backsliding: Democratic Regress in the Contemporary World" во делот посветен на С. Македонија и Србија од авторите Stephan Haggard и Robert R. Kaufman, Cambridge University Press, 2021. Д-р Јасмина Димитриева со својата анализа „Challenges for Legal and Constitutional Responses to COVID-19", IFES-Macedonia 2020, придонесе кон публикацијата „Legal Considerations when postponing or adapting elections", IFES, 2020. Преку изработка на истражување и учество во работната група таа придонесе кон публикацијата „Prison health: issues and reforms in the republic of Armenia, Partnership for good governance", EU/CoE, 2018 година.

Д-р Јасмина Димитриева-Најданова ги има изработени и следниве рецензии: „The Appeal System and Macedonian Constitutional Court – the regulation issues and its reflection in practice" - International Scientific Journal Balkan Social Science Review, 2021„Judicial activism within EU Court of Justice: Useful critics or Overestimated Concept" – 5. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Правен факултет - Штип, 2018, „The Right to Privacy" - International Scientific Journal Balkan Social Science Review, 2017, „The European

Court For Human Rights And National Constitutional Courts - The Relationship Of Conflict Or Relationship Of Cooperation“ – 4. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет - Штип, 2017.

Д-р Јасмина Димитриева-Најданова активно учествува на научни собири на кои ги презентира своите трудови. Во 2020 г. го презентираше делот за Северна Македонија на научниот собир посветен на Глобалниот преглед на развојот на уставното право за 2019 год., во секцијата за Југоисточна Европа. Други позначајни конференции се: 4. Меѓународна конференција за одговорноста за заштита (R2P) каде што го презентира трудот „Preventing and protecting refugee children from trafficking: a paradigm shift under R2P principle?” на Љубљанскиот правен факултет, 2019, 5. и 6. Меѓународна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, каде што беше ко-модератор и на кои презентираше два труда „Protecting the Right to Health of Prison Population” и „Protection of Minority Rights – A Pillar of A Democratic Society“.

Д-р Јасмина Димитриева-Најданова е избрана за наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област уставно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на 20.12.2016 година со Одлука бр.1102-233/3, ја изведува наставата по Уставно право и држи вежби. Д-р Јасмина Димитриева е примена како стручњак од практиката на Универзитетот Американски колеџ, каде што од ноември 2015 година до јуни 2016 година држи предавања и испити на магистранди за Казнено-процесното право - практични примери и Криминалистика (по 20 часа за секој предмет). Во 2021 година таа одржува предавање на тема „Модалитетите кои ги поддржува ЕУ за одржување на изборниот интегритет на Западен Балкан“ на Универзитетот Салерно, дел од програмата Еразмус. Во 2018 година, како дел од Проектот на Центарот за правни анализи, поддржан од Амбасадата на Обединетото Кралство, д-р Јасмина Димитриева има одржано предавање за значењето на судската пракса во РС Македонија на Универзитетот на Југоисточна Европа. Во 2018 година, д-р Јасмина Димитриева е ментор на тимот на Правниот факултет - Штип од студентите од Еразмус кои учествуваа на Европското симулираното судење за хуманитарно и бегалско право, кое се одржа на Правниот факултет во Љубљана.

Д-р Јасмина Димитриева-Најданова има одржано бројни стручни обуки на судиите и советниците на македонскиот и на косовскиот уставен суд, на македонскиот управен суд, на адвокати, членовите и стручната служба на Државната изборна комисија, на судии и јавни обвинители за Европската конвенција за човекови права, на новинари за новелите во изборното законодавство, на членови на НВО за правата на затворени и притворени лица, на затвореници од Штипскиот затвор за нивните права, на канцеларијата на народниот правобранител за заштита од тортура и други професионални групи. Таа има голем број излагања и дискусии во рамките на комисиите формирани од страна на Министерството за правда на Р. Македонија за подобрување на законодавството во изборната област и за изготвување на Законот за кривична постапка (2004-2009), Комисијата за изработка на нацрт-законот за прекршоци, формирана од Министерство за правда на Косово (2013) и Комисијата на подготовка на Закон за извршување на санкции формирана од Министерството за правда на Ерменија (2015-2016). Во работата на горенаведените тела, таа учествува во својство на член или експерт. Д-р Јасмина Димитриева е ментор на програмата за менторирање на правни асистенти и стажанти во Мисијата на ОБСЕ во Скопје помеѓу 2003 и 2008 година, насочена кон изготвување на правни истражувања, правна методологија и анализа на судска пракса на Европскиот суд за човекови права.

Во 2018-2019 година, во соработка со Правниот факултет - Љубљана таа подготвува проект за правата на децата бегалци за пријава на Хоризонт 2020, чии резултати беа прикажани на Меѓународната конференција за R2P во 2019 година, која се одржа во Љубљана.

Во 2015 г., покрај изработка на научни предлог-проекти за компјутерски тероризам и компјутерски криминал за пријава за Хоризонт 2020 во соработка со Правниот факултет во Љубљана, таа подготвува извештај за соработката помеѓу невладиниот сектор и судството во Македонија финансирано од Вишеградскиот фонд и Република Кореја, како и споредбена анализа за Мисијата на ОБСЕ во Скопје во врска со правата на заедниците и за правата на притворените лица, компаративна анализа подготвена за Советот на Европа. Таа се појавува како ко-автор и го презентира трудот „European Mediation Standards in Macedonian Law" на меѓународната конференција на Американ колеџ во Скопје. Во 2016 година е ангажирана како советник на ОБСЕ за подготовка на публикацијата посветена на судската пракса на Европскиот суд за човекови права и советник на Меѓународната фондација за изборни системи (IFES) за изработка на компаративна анализа за заштита на избирачките права, џебен водич за избирачките одбори и подзаконски акт за жалбена процедура пред ДИК. Во 2016 година го објавува и трудот „Citizens facing environmental challenges in Balkan countries„ во книгата посветена на Меѓународната конференција за правото на заштита на човековата средина одржана во Љубљана.

Од 2017 година е раководите на проектот на Хоризонталниот инструмент на ЕУ и Совет на Европа за превенција и борба против трговијата со луѓе, во чија рамка организира и модерира конференции, работилници, обуки и држи презентации за надомест на штета на жртвите на трговијата со луѓе, меѓународните стандарди и домашното законодавство, а е член на работната група за изработка на законот за надомест на штета на жртвите на насилни кривични дела. Како советник за човекови права и национален правен советник за мисиите на ОБСЕ во Скопје и на Косово, д-р Јасмина Димитриева била раководител на 2 национални проекти за изработка на коментар на изборниот законик и за изработка на експертски и правни мислења за горливи изборни прашања, односно 3 меѓународни проекти од областа на компјутерскиот криминал, компаративен преглед на национални превентивни механизми и сервисот за пробација на Косово, а учествувал како член во 3 проекти, кои се однесувале на примена на јазиците на регионално ниво во Косово, право на мирен собир и споредeн преглед на прекршочното законодавство во бивша Југославија.

Д-р Јасмина Димитриева-Најданова има изработено повеќе од 120 правни мислења, правни анализи и оценки за компатибилноста на законски проекти во Македонија и Косово со меѓународните стандарди од областа на изборното право, локална самоуправа, собраниски деловник, казнено-процесното и меѓународното право, човековите права, судска реформа, на теми во врска со следење на комуникации, имунитет на пратеници, избор и разрешување на судии, пристап кон јавни информации, повреда на правата од Повелбата за локална самоуправа, одговорност на меѓународни организации, привилегии и имунитети, транспарентност и надзорни надлежности на собранието, права на притворени лица, законодавен процес. Таа, исто така, има подготвено предлог-резолуции, препораки и извештаи за ОБСЕ и Конгресот на локална и регионална власт, Совет на Европа.

Д-р Јасмина Димитриева-Најданова има дваесет и пет години работно искуство во правната област, посебно за заштита на човековите права, во изборното и кривичното право. Таа, меѓу другото, работела од 2014 до 2017 година како

независен правен експерт за човекови права и избори, советник за човекови права во Мисијата на ОБСЕ на Косово (2011-2014), национален правен советник/раководител на правниот оддел во Мисијата на ОБСЕ во Скопје (2004-2011), правен секретар во Европскиот суд за човекови права (1999-2002), администратор во Совет на Европа-Стразбур (1997-1999), правник во проектот на Американската адвокатска асоцијација за Централна и Источна Европа (ЦЕЕЛИ/АБА) (1994-1996). Таа има повеќегодишно искуство во дизајнирање, водење и спроведување на проекти од областа на хармонизација на македонското законодавство со законодавството на ЕУ, подобрување на законодавниот процес во Македонија, подобрување на изборното законодавство во Македонија, судска реформа, градење на национален превентивен механизам во Косово, право на приватност. Таа исто така била одговорна за организација на работата на правната служба во Мисијата на ОБСЕ во Скопје со двајца вработени, и на тимовите за мониторинг на реформа на безбедносниот сектор во рамките на Мисијата на ОБСЕ на Косово во регионите на Митровица и Гњилане. Во 2015 г., д-р Јасмина Димитриева учествува во изготвување на научни и стручно-апликативни проекти во соработка со Правниот факултет во Љубљана, УГЦ, Универзитетот Евро-Балкан и проекти за човековите права на ЕУ во соработка со НВО за заштита на човековите права од Чешка - ПроБоно. Таа е исто така автор на „Практичен водич за примена на судската пракса на Европскиот суд за човекови права“ (2016, ОБСЕ), „Водечка судска пракса на Европскиот суд за човекови права” (2016, ОБСЕ) и „Водечка судска пракса на Европскиот суд за човекови права за случаите на говор и кривични дела од омраза” (2016, ОБСЕ). Д-р Јасмина Димитриева е член е на Меѓународниот институт за хуманитарно право, Сан Ремо. Покрај мајчиниот јазик, таа зборува англиски, француски и јазиците на бивша Југославија.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор**

– Просечен успех – д-р Јасмина Димитриева-Најданова остварила просечен успех од 8,37 во додипломските студии и 9,23 во постдипломските студии.
– Научен степен - магистер, доктор на науки од научната област за која се избира – д-р Јасмина Димитриева-Најданова се стекнала со звање магистер по правни науки на 20 јули 1995 г., а докторирала на 7 јули 2014 година.
– Претходен избор во звање - д-р Јасмина Димитриева е насловен доцент на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип од 20.12.2016 година со Одлука бр.1102-233/3.
– Објавени научни трудови во референтна научна публикација - д-р Јасмина Димитриева-Најданова во последните 5 години по изборот во насловно звање доцент ги има објавено следниве трудови:

| Реден број | Автор | Објавено | Наслов на трудот | Години на објавување |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Јасмина Димитриева и Lydia Tiede | I CON годишно издание - the Clough Center for the Study of Constitutional Democracy (Одобрено за публикување 2021) | „Global Review of Constitutional Law Report on North Macedonia 2020” | 5 |
| 2. | Јасмина Димитриева и Lydia Tiede | International Journal of Constitutional Law I CON vol. 18 (2020) стр. 605-613 со импакт фактор 1510, Oxford academic | “Global Review of Constitutional Law Report on North Macedonia 2019” | 18 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Јасмина Димитриева и Lydia Tiede | I CON годишно издание - the Clough Center for the Study of Constitutional Democracy, 2020 | “Global Review of Constitutional Law report on North Macedonia 2019” | 5 |
| 4. | Јасмина Димитриева | Justice Observers, 2020 | „Трајковски и Чиповски против Северна Македонија. Почит за приватниот живот: земање материјал, процесирање и складирање на ДНК профили” | 3 |
| 5. | Јасмина Димитриева | „Responsibility to Protect: Lessons Learned and the Way Forward„, Vasilka Sancin ed., Faculty of Law, University of Ljubljana, 2019, стр. 229-244 | “Preventing and protecting refugee children from trafficking: a paradigm shift under R2P principle?” | 8 |
| 6. | Јасмина Димитриева | Зборник на трудови на 6тата Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет, Правен факултет – Штип“, 2019, стр 351-363 | “Protecting the Right to Health of Prison Population” | 7 |
| 7. | Јасмина Димитриева | Зборник на трудови на 5. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет - Штип, 2018, стр. 373-383 | “Protection of Minority Rights – A Pillar of A Democratic Society” | 7 |

Д-р Јасмина Димитриева-Најданова дава придонес кон апендиксот на книгата „Backsliding: Democratic Regress in the Contemporary World“ во делот посветен на С. Македонија и Србија од професорите Stephan Haggard and Robert R. Kaufman, објавена од Cambridge University Press, 2021 и рецензира 3 научни труда за списанијата издадени од Универзитетот Гоце Делчев - Штип.

Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава – д-р Јасмина Димитриева-Најданова има придонесено кон реформата на изборното и кривичното законодавство во земјата, Косово и Ерменија. Во 2020 г. д-р Јасмина Димитриева со анализата „Challenges for Legal and Constitutional Responses to COVID-19„, IFES-Macedonia 2020, придонесе кон публикацијата на IFES за избори во време на пандемијата. Преку изработка на истражување, правна анализа и учество во работната група таа придонесе кон публикацијата „Prison health: issues and reforms in the republic of Armenia, Partnership for good governance”, EU/CoE, 2018 година.

Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – д-р Јасмина Димитриева-Најданова приложи потврди за активно познавање на англискиот јазил од Британскиот совет и ТОФЕЛ.

Способност за изведување на високообразовна дејност – д-р Јасмина Димитриева-Најданова има повеќе од 25 години работно искуство на изведување обуки и организирање на образовни активности и континуирано образование за разни професионални групи. Таа има редовно предавања, вежби и испити на додипломци и постдисспломци повеќе од 4 години. Д-р Јасмина Димитриева-

Најданова има објавено повеќе од 15 публикации и има рецензирано и едитирано 10 публикации од областа на правната наука. Таа има раководено и учествувано во повеќе правни проекти.

**Посебни услови:**

– Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати - во изборниот период д-р Јасмина Димитриева-Најданова била дел од тим во научноистражувачки проект „ФЛОРА“ што се реализирал од страна на Правниот факултет - Љубљана, а чии оригинални резултати се презентирани на Меѓународната конференција за одговорноста да се заштити (R2P) и објавени во книга „Responsibility to Protect: Lessons Learned and the Way Forward“. Таа, исто така, има учествувано во тимот на Правниот факултет - Љубљана кој има изготвено 2 научноистражувачки предлог-проекти за Хоризонт 2020. Д-р Јасмина Димитриева-Најданова менторира студенти од Еразмус кои учествуваа на Европско симулирано судење во 2018 година.
– Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници – д-р Јасмина Димитриева-Најданова во рамките на образовните активности учествува и во самостојниот развој на помлад асистент и демонстратор и со нив соработува во рамките на изведувањето на наставата, предавања и вежби по предметот Уставно право.
– Рецензиран учебник, скрипта и практикум, авторско ЦД или монографија - д-р Јасмина Димитриева-Најданова има издадено две монографии „Election Standards and Their Implementation in Europe” и „Anti-monopoly Regulation in Retrospective”.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Д-р Јасмина Димитриева-Најданова е насловен доцент на Правниот факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип од 20.12.2016 година со Одлука бр.1102-233/3. Во 2017 година изведува настава, вежби, држи колоквиуми и испити по предметот Уставно право на прв циклус за студентите на правните студии и на политички студии во Штип и во Струмица. Во 2018 и 2019 година изведува настава, држи колоквиуми и испити по испитот Уставно право на прв циклус студии. Покрај тоа, таа има одржано и предавања на Правниот факултет во Салерно и на Универзитет на Југоисточна Европа - подружница Скопје, како дел од проектите за меѓууниверзитетска соработка. Беше ментор на тимот од Правниот факултет при УГД - Штип кој учествувал на Европското симулирано судење во Љубљана на тема меѓународно хуманитарно и бегалско право.

Д-р Јасмина Димитриева-Најданова е примена како стручњак од практиката на Универзитетот Американски колеџ, каде што од ноември 2015 година до јуни 2016 година држи предавања и испити за магистранди од правните студии од областа на казнено-процесното право-практични примери и криминалистика (по 20 часа за секој предмет).

**Евалуација на научните трудови**

Во последните 5 години д-р Јасмина Димитриева-Најданова ја насочува својата научна дејност кон анализирање на најважните настани од уставно-правен аспект во земјава и продолжува со континуирано испитување и обработка на теми од изборното право и заштитата на човековите права со фокус на меѓународните стандарди и судската пракса на Европскиот суд за човекови права. Таа учествува на повеќе меѓународни конференции во земјава и во странство, каде што ги презентира своите научни трудови.

*1) Ј.Димитриева и Lydia Tiede, труд, „Global Review of Constitutional Law Report on North Macedonia 2020" одобрено за печат во годишното издание на I CON - the Clough Center for the Study of Constitutional Democracy (2021)*

Трудот е изработен во соработка со истакната професорка од Универзитетот Хјустон во САД. Ја разработува кризата создадена поради пандемијата со ковид-19 во однос на предизвиците кои се појавија од уставно-правен аспект, ја анализира релевантната судска пракса на Уставниот суд и се осврнува на најзначајните настани, како што се зачленувањето во НАТО и ветото на Бугарија во однос на евроинтеграциските процеси на земјата. Изданијата на I CON се од меѓународна важност, а глобалниот преглед на уставното право се изработува за секоја земја од страна на истакнати експерти по уставно право. Оваа меѓународна публикација е поддржана од повеќе истакнати универзитети од САД и од ЕУ, а е наменета за научната и стручната јавност чии фокус е јакнењето на правната држава, развој на демократијата и правна заштита на граѓаните.

***2) Ј. Димитриева и Lydia Tiede, труд "Global Review of Constitutional Law Report on North Macedonia 2019" објавен во „International Journal of Constitutional Law„ I CON vol. 18 (2020) стр. 605-613 со импакт фактор 1510, Oxford academic***

Трудот е изработен во соработка со истакната професорка од Универзитетот Хјустон во САД и се осврнува и ги анализира најзначајните настани во 2019 година од уставно-правен аспект. Исто така се осврнува и на уставните амандмани со кои се усвои името Република Северна Македонија со цел придружување кон ЕУ и НАТО, како и на ветото наметнато од францускиот претседател Макрон. Понатаму ги анализира одлуките на Уставниот суд, како и случаите кои беа во надлежност на Специјалното обвинителство од аспект на зајакнување на владеењето на правото и борбата против корупцијата во земјата. Трудот беше избран за публикување во конкуренција со трудови напишани за останатите земји во светот во однос на прегледот на Уставното право на глобално ниво. Тој е наменет, пред сè, за научната јавност, но и за креаторите на политики и уставните судии. Значењето на трудот се гледа и во неговиот придонес кон дискусиите за јакнење на правната држава и демократијата не само во земјава, туку и на меѓународен план.

*3) Ј.Димитриева и Lydia Tiede, труд "Global Review of Constitutional Law report on North Macedonia 2019", објавен во I CON годишно издание - the Clough Center for the Study of Constitutional Democracy, 2020*

Се работи за истиот труд под број 2 адаптиран за објавување во годишното издание на I-CON. Со овој труд за првпат уставниот развој на Република Северна Македонија беше анализиран и прикажан во меѓународна публикација која се осврнува на уставниот развој на државите во светот.

4) *Ј.Димитриева, труд „Трајковски и Чиповски против Северна Македонија Почит за приватниот живот: земање материјал, процесирање и складирање на ДНК профили", објавен на Justice Observers, 2020*

Се работи за правна анализа на пресуда на Европскиот суд за човекови права на македонски и на англиски јазик. Анализирани се жалбените барања на жалителите и одговорот на државата, како и одлуката на Европскиот суд за човекови права со коментар во однос на објаснувањето на чекорите кои ги следи Европскиот суд за човекови права при утврдување дали постои повреда на право на приватност, предвидено во член 8 од Европската конвенција за човекови права. Трудот исто така се осврнува и на правните прашања кои се отвораат во земјата со оваа пресуда, со утврдување на повреда на член 8 од Конвенцијата. Покрај објаснувањето на процесот и чекорите преку кои Судот ја донел пресудата, авторката исто така дава сугестии за потребните измени во однос на регулирањето на земање материјал, процесирање и чување на ДНК материјал. Анализата е наменета за владините службеници кои изготвуваат законодавство поврзано за заштита на личите податоци и кои ги применуваат тие закони, како и за претставниците на правната фела.

*5) Ј. Димитриева, труд, "Preventing and protecting refugee children from trafficking: a paradigm shift under R2P principle?" објавен во книгата „Responsibility to Protect: Lessons Learned and the Way Forward„, Vasilka Sancin ed., Faculty of Law, University of Ljubljana, 2019, стр. 229-244*

Трудот е производ на оригинално научно истражување направено во соработка и со поддршка на Правниот факултет во Љубљана и дел од проектот ФЛОРА, кој беше поднесен до Хоризонт 2020. Се работи за иновативна примена на одговорноста за заштита R2P во однос на децата бегалци кои се особено ранливи и подложни на трговијата со деца, со конкретни препораки со цел нивна посеопфатна заштита, а заснована врз сеопфатна анализа на релевантните меѓународни правила и обврски. Трудот беше презентиран и дискутиран на Меѓународна конференција посветена на концептот „Одговорност за заштита (R2P)", кој редовно се одржува на Правниот факултет во Љубљана, на која учествуваат светски признаени експерти во оваа област. Презентирањето на трудот на ваков форум претставува уште една потврда за научната вредност на трудот и издржаноста на презентираните резултати во трудот.

6) *Ј.Димитриева, труд, "Protecting the Right to Health of Prison Population" објавен во Зборник на трудови на 6. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Правен факултет - Штип, 2019, стр. 351-363*

Се работи за оригинален труд кој ги анализира меѓународните стандарди на кои земјите се обврзале за да ги обезбедат правата на здравствена заштита на притворените лицата и затворениците. Авторот се осврнува и на судската пракса на Европскиот суд за човекови права во однос на гаранцијата од член 3 за заштита од тортура, нечовечно и понижувачко однесување. Трудот исто така ги анализира и државните модели на повеќе држави во насока на предлагање на препораки за одржлива и сеопфатна помош на оваа категорија на лица. За оваа тема малку е пишувано во рамките на државата, а трудот кој длабински го анализира ова прашање придонесува кон дискусијата за изнаоѓање на соодветно решение за здравствената заштита на притворените и затворените лица. Пошироко гледано, трудот дава согледувања кои се однесуваат и на заштитата на правата на жртвите, тема која недоволно е обработена од страна на македонската научна заедница. Согледувањата се јасно претставени и научно поткрепени.

7) *Ј. Димитриева, труд, "Protection of Minority Rights – A Pillar of A Democratic Society" објавен во Зборник на трудови на 5-тата Меѓународна Научна Конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Правен факултет - Штип, 2018, стр. 373-383*

Овој оригинален труд е објавен врз основа на резултатите од истражувањето спроведено со поддршка на ОБСЕ, а кое се однесуваше на компаративна анализа на моделите за заштита и промовирање на правата на немнозинските заедници во ЕУ и балканските земји. Трудот ги анализира и меѓународните стандарди, добри пракси и други документи од меѓународно значење за заштитата на културните, образовните и јазичните права на немнозинските заедници, како и гаранцијата за еднаквост и забрана на дискриминација. Трудот е пред сè наменет за научната јавност и владините претставници кои работат на заштитата на правата на немнозинските заедници, но и за претставниците на немнозинските заедници, како и за сите оние кои се заинтересирани да придонесат кон заштитата од дискриминација по основа на етничка припадност и јазик.

**Други одбрани објавени научни и стручни трудови**

*1) Ј. Димитриева, труд “Citizens Facing Environmental Challenges in Balkan Countries”, објавен во книгата “International Environmental Law: Greening the Urban Living”, Правен факултет – Љубљана (2016)*

Основната цел на трудот е да ја измери подготвеноста на граѓаните и НВО-ата, кои се грижат за заштита на човековата околина во Хрватска, Србија, Македонија и Косово, законски да се спротивстават на одлуките на надлежните органи кои неповолно делуваат врз заштитата на природата и ја уништуваат човековата околина во градовите. Испитувањето ги користи следниве индикатори: компатибилност на националните законодавства со меѓународните стандарди (Аархуска конвенција, Европска конвенција за човекови права, динамизам на НВО-ата / проекти, придонес кон креирањето политики, бесплатна правна помош), видови на реакција на граѓаните на проблемите на загадување и случаи против државата. Правните методи опфаќаат правна и компаративна анализа на меѓународни инструменти, на националните закони и на одлуките на управни и судски тела, прибирање на податоци од НВО-секторот и надлежните органи преку интервјуа и прашалници, како и анализа на релевантни документи. Од анализата на состојбите произлегува дека НВО секторот и граѓаните немаат доволно моќ ефективно да придонесат кон борбата против загадувањето во урбаните средини, иако членството и проспектот за членство во ЕУ игра значајна улога за поактивно вклучување на НВО секторот во креирањето на политиките, како и во заштитата на човековата околина. Трудот нуди конкретни препораки за подобрување на еколошкото законодавството од аспект на меѓународните обврски кои се преземени од државите, поддржување на улогите на НВО секторот за лобирање и мониторирање на заштитата на човековата околина, како и за поефикасни правни средства за заштита на градовите од загадување. Согледувањата од истражувањето се јасни и научно издржани.

*2) Ј. Димитриева, монографија “Anti-monopoly Regulation in Retrospective”, Lumbert Academic Publishing, Германија (2016)*

Монографијата е напишана врз основа на магистерскиот труд на кандидатката. Посебно се анализирани законодавствата на САД, ЕУ и Македонија за сузбивање на монополската позиција на пазарот. Особено интересен е аспектот на анализа на водечки судски случаи во САД и ЕУ. Книгата се осврнува и на проблемите со кои се судрува Република Македонија во регулација на монополската позиција на пазарот како мала и сиромашна земја, која се обидува да оствари транзиција кон пазарна економија и да разработи соодветен систем на правна заштита од монополските позиции на пазарот.

*3) Ј.Димитриева, Практичен водич за примена на судска пракса на Европски суд за човекови права – технички и процедурални аспект, „Значајни пресуди на Европскиот суд за човекови права со коментар” и „Значајни одлуки на Европскиот суд за човекови права со коментар - говор на омраза и кривични дела од омраза”.*

Сите 3 публикации се рецензирани од судијката М. Лазарова-Трајковска, а објавени од страна на ОБСЕ во 2016 година. Сите три се посветени на судската пракса на Европскиот суд за човекови права, а како целна група ги имаат правниците, судиите, адвокатите и обвинителите, како и претставниците на НВО-та. Сите три публикации беа претставени на овие целни групи преку соработка со Академијата за судии и обвинители и Уставниот суд. Првата публикација се задржува на значењето на прецедентското право и техниките за пронаоѓање на случаите од значење за Европскиот суд за човекови права. Втората претставува водич кон најзначајната

судска пракса на Европскиот суд за човекови права со коментар за сите членови на Европската конвенција за човекови права, додека третата публикација ја презентира значајната судска пракса во врска со кривичните дела од омраза и говорот на омраза. Последните две публикации ја обработуваат секоја значајна судска пресуда одделно и содржат коментари со објаснувања за чекорите кои ги презема Судот при анализирање дали постои повреда на одреден член од Конвенцијата за човекови права. Публикациите се наменети за судиите, обвинителите и адвокатите со цел приближување на судската пракса на Конвенцијата кон припадниците на домашната правна фела и нејзина поголема примена во домашните судови.

4) *Ј.Димитриева, „Џебен водич за избирачките одбори", ИФЕС (2016)*

Се работи за практична публикација наменета за избирачките одбори со опис на постапките кои треба да ги преземат во согласност со релевантното законодавство и упатства на ДИК.

*5) Ј.Димитриева, монографија „European standards in Election Field and their Implementation", Lumbert Academic Publishing, Германија (2015)*

Монографијата ги образложува резултатите на долгогодишното истражување на кандидатката во областа на Европските изборни стандарди, кое е базирано врз сознанијата до кои се доаѓа преку полуструктурирани интервјуа со релевантни службеници од ОБСЕ, ОДИХР, Совет на Европа и УНДП, анализа на документи и извештаи и правна и компаративна анализа на законодавството на 8 држави-членки на Совет на Европа. Иновативниот аспект е содржан во прецизната дефиниција на Европските изборни стандарди кои се концептуализирани за секоја фаза од изборниот циклус. Измерена е и ефикасноста во нивната примена за селектираните држави. Монографијата е рецензирана од проф. д-р Габер и д-р Ѓурчилова.

*6) К. Чавдар, Ј. Димитриева, З. Шапуриќ, труд "European Standards and Principles in the Law on Mediation in the Republic of Macedonia in view of the European Directive 2008/52/EC on Cross Border Mediation", Публикација од Меѓународната конференција "European Integration-New Prospects", Универзитет Американски колеџ-Скопје (2015)*

Трудот се осврнува на имплементацијата на релевантната ЕУ Директива во македонското законодавство. Компаративниот преглед на ЕУ државите кои ја имплементирале Директивата 2008/52/ЕС има за цел да ги прикаже мерките и начините кои се применети во овие држави, а кои би можеле да служат како пример за Република Македонија. Трудот содржи и анализа на ситуацијата со медијацијата и нејзината примена во Република Македонија, при што се идентификувани пречките, но се формулирани и препораки за поуспешна примена на медијацијата. Покрај анализа на релевантните документи и законските решенија, прибирани се податоци од страна на Министерството за правда, медијаторите и НВО секторот по пат на интервју.

*7) Ј.Димитриева, Извештај за земјата: НВО-ата и судството, активности за надзор, интеракција, соработка објавено на веб страницата на НВО Сите за правично судење (2015)*

Извештајот е изработен како дел од регионален проект за соработка и интеракција помеѓу правосудството и НВО-секторот во Македонија, Албанија и Србија, а е финансиран од страна на Вишеградската група и НВО ИНПРИС од Полска. Податоците се прибирани преку интервјуа со НВО-ата кои се заинтересирани за ефикасно, независно и професионално судство, со судии и професионални здруженија, како и од излагањата и дискусиите на учесниците на конференции и работилници посветени на ефикасноста и независноста на судството. Резултатите покажуваат пад на соработката и интеракцијата помеѓу НВО-ата и судството,

кое повеќе се наоѓаат во улога на набљудувачи на судските процеси и судските органи, отколку во улога на партнер кој може да придонесе кон поефикасна судска реформа со својата стручност и умешно искористување на капацитетите. Ова е прв извештај од ваков вид за Република Македонија, а извештајот бил претставен на регионалниот состанок во Полска организиран од ИНПРИС-Полска.

*8) Ј. Димитриева, Докторска дисертација „Election standards and their implementation in Europe„ Правен факултет – Љубљана [J. Dimitrieva], 2013 326 f. [COBISS.SI-ID 13843537], supervisor: SANCIN, Vasilka*

Докторската дисертација е посветена на изборните стандарди кои се елаборирани од страна на регионалните европски организации ОБСЕ, ОБСЕ/ОДИХР, ЕУ, Совет на Европа и Европскиот суд за човекови права, со осврт на универзалните изборни стандарди. Заштитата на човековите и политичките права е главната призма низ која се разгледани и анализирани изборните стандарди. Во првиот дел се дава приказ на научната мисла за демократскиот систем на владеење и различните видови на демократија, за која изборите претставуваат неодминлив елемент. Акцентот е ставен и врз поврзаноста на изборното активно и пасивно право со човековите слободи на здружување, собир, изразување, мислење, вероисповед, забраната за дискриминација и правна заштита.

Врз основа на инструментите на регионалните организации посветени на изборите, извештаите за избори изработени од набљудувачките мисии, пресудите на Европскиот суд за човекови права и компаративна анализа на изборниот закон и праксата на Македонија, Словенија, Обединетото Кралство, Белгија, Швајцарија, Франција, Украина и Азербејџан проверени се следниве хипотези:

1. Иако европските изборни стандарди може да се издвојат од меѓународните договори и политичките обврски елаборирани во инструментите на Совет на Европа, ОБСЕ и ЕУ, кои се посветени на изборите, овие стандарди се непрецизни со различен степен на правна вредност и содржат празнина, бидејќи ниеден изборен стандард не ја рефлектира обврската да се овозможи „значајно претставување" на различните општествени слоеви при носењето на политички одлуки.

2. Бидејќи слободните и правични избори, кои го рефлектираат минималистичкиот концепт на демократија, претставува предизвик за голем број на држави, европските организации со цел да ја оптимизираат изборната поддршка би требало да: i) елаборираат единствени европски изборни стандарди, како заеднички содржател (деноминатор) кој би обезбедил правични и слободни избори; и ii) востановат Координативен изборен секретаријат во ОБСЕ со мандат да им помага на државите при спроведувањето на изборните реформи.

Покрај оригиналната концептуализација на европските изборни стандарди, научниот придонес на дисертацијата е претставен преку иновативните предлози за решение на фрагментираните изборни стандарди во Европа со цел да се оптимизира заштитата на политичките права, како и преку компаративната анализа на законот и праксата во полето на изборите на осум земји од ЕУ, Балканот и Кавказот.

Дисертацијата содржи темелен и детален приказ на изборните стандарди во предизборниот период, на денот на избори и постизборниот период на секоја од гореименуваните европски организации. Врз основа на горенаведеното, со научна методологија, понатаму е изработен единствен сет на европски изборни стандарди, кој ја претставува мерката преку која може да се измери правичноста и слободата на изборите. Единствениот сет на изборни стандарди е применет како алатка за анализа и проценка на законодавството и праксата од областа на изборите на осумте земји членки на Совет на Европа и ОБСЕ, и со тоа обврзани да се придржуваат кон нивните изборни стандарди.

Заклучните согледувања и предлози се сеопфатни и конкретни. Дисертацијата заклучува дека и покрај обемните активности и ресурси кои се посветени на одржувањето на слободни и правични избори, изборните измами и неказнетоста се честа појава. Изборни стандарди кои се минималистички и фрагментирани не се доволни да обезбедат слободни и правични избори. Различните сетови на изборни стандарди на ОБСЕ, Совет на Европа и ЕУ помеѓу себе се надополнуваат до определен степен. На пример, само стандардите на ОБСЕ бараат набљудување на изборите. Ваквиот збир на различни изборни стандарди, со различна правна сила, кои доаѓаат од различни европски организации им претставува проблем на државите, бидејќи не знаат со сигурност кои се минималните изборни стандарди кои се бараат на европско ниво за изборите да бидат прогласени за „слободни и правични". Концептуализираните изборни стандарди не смеат да се намалат освен за јасни исклучоци како што се јавната или националната безбедност, при што мора да се даде јасно образложение за причините.

Во однос на формата во која би се „отелотворил" единствениот сет на изборни стандарди, предвид се земени сите ризици за ре-концептуализирање на европските изборни стандарди, вклучително и ризикот дека на тој начин би можеле да се намалат изборните стандарди. Поради тоа се предлага трилатерален договор помеѓу Совет на Европа, ЕУ и ОБСЕ во кој би биле систематизирани сите изборни стандарди кои се неопходни за спроведување на „слободни и правични избори". Вклучување на нови изборни стандарди, како стандардот за „значајно претставување" не би бил возможен по пат на трилатерален договор, поради приговори од државите членки, иако елементи од овој стандард постојат во закони од повеќе ЕУ земји (пример, „значајно претставување" на жените во Франција итн.).

Се предлага и востановување на специјализиран Координативен секретаријат во структурата на ОБСЕ, кој би ги содржел сите извештаи, изборни реформи, закони и информации за изборните процеси во државите-членки на ОБСЕ, од кои мнозинството се членки и на Совет на Европа. На ваков начин би се овозможило континуирано следење и соодветно дизајнирање на изборната помош за секоја држава, која има потреба од тоа. Конечниот исход би водел кон прифаќање на европските изборни стандарди како дел од политичката и правната култура на земјите кои ги делат европските демократски вредности.

Дисертацијата исто така содржи интересни табеларни прикази врз основа на кои лесно може да се следат и проценат изборните проблемите со кои се судруваат земјите членки на ОБСЕ и на ОН, како и судските пресуди на Европскиот суд за човекови права кои се значајни за изборното право.

*7) Ј.Димитриева, "Principles of the European Charter of Local Self-Government", Proceedings of the Symposium European Charter of Local Self-Government and Local Self-Government in the Republic of Croatia (1998)*

Трудот дава приказ на принципите врз кои е заснована Повелбата за локална самоуправа на Советот на Европа, како документ, *par excellence*, кој ја штити и ја промовира управата која е најблиска до граѓаните. Локалната самоуправа не би можела да функционира без политичка, административна и финансиска независност од централните органи, а нејзиниот совет мора да биде избран на демократски избори. Потенцирани се и анализирани следните општи принципи на правото, кои се валидни за локалната самоуправа: супсидијарност, пропорционалност и правна сигурност. На крајот е даден осврт и на правната заштита која ја обезбедува Повелбата за советниците и градоначалниците. Трудот се задржува и на имплементацијата на обврските од Повелбата од страна на државите, како и на европските механизми за надгледување на нејзината примена.

Значајни необјавени трудови:

1. J. Димитриева, Challenges for Legal and Constitutional Responses to COVID-19, IFES-Macedonia 2020;
2. J.Димитриева, подзаконски акт „Упатство за приговори на Државна изборна комисија” (2016);
3. J. Димитриева, „Компаративна анализа за заштита на изборните права” ИФЕС (2016);
4. J. Димитриева, „Компаративна анализа за правата на малцинствата” ОБСЕ (2015).

Рецензии

J. Димитриева има изработено и 4 рецензии на 3 научни труда и книга од уставно-правната сфера.

Во рамките на научноистражувачката и наставно-педагошката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р J. Димитриева-Најданова има достигнувања во научно-правната област уставно право и во заштитата на човековите права кои се научно одржани и признаен во земјава и во странство. Меѓународната научна соработка во која таа активно учествува се рефлектира и претставува додадена вредност во скоро сите нејзини трудови објавени последните 5 години. Помеѓу другото, потврда за научните достигнувања на J. Димитриева-Најданова претставува и изборот на трудот на кој таа е прв автор помеѓу трудови од истакнати научни работници од целиот свет и негово објавување во реномирано меѓународно списание со импакт фактор. Таа е исто така посветена на просветно-образовната дејност, а една од нејзините цели е да ги води и насочи студентите кон практичната и конкретната примена на уставните одредби, а пред сè кон начините за правна заштита на слободите и правата гарантирани со Уставот.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Димитриева-Најданова има повеќе од дваесет и пет години работно искуство во правната област. Таа, меѓу другото, работела како експерт за правната област и човековите права (2014-2017), советник за човекови права во Мисијата на ОБСЕ на Косово (2011-2014), национален правен советник/раководител на Правниот оддел во Мисијата на ОБСЕ во Скопје (2004-2011), правен секретар во Европскиот суд за човекови права (1999-2002), администратор во Совет на Европа (Конгрес за локална и регионална власт) - Стразбур (1997-1999), а моментално е ангажирана на проект на ЕУ и Совет на Европа за превенција и борба против трговијата со луѓе.

Д-р Димитриева-Најданова има изработено повеќе од 130 правни мислења, правни анализи и оценки за компатибилноста на законски проекти во Македонија и Косово со меѓународните стандарди од областа на изборното право, уставното право, човековите права, меѓународното право и казнено-процесното право, како на пример за следење на комуникациите, пристап кон јавни информации, видови на одговорност, одговорност на меѓународни организации, привилегии и имунитети, транспарентност и надзорни надлежности на собранието, употреба на сила и оружје, права на притворени лица, забрана на тортура, законодавен процес, учество на граѓаните во власта. Во 2020 година има изработени и анализа-одговор на прашалник во врска со ефектите на пандемијата врз изборите и функционирањето на Собранието за Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Таа исто така има изготвено предлог-резолуции, препораки и извештаи за ОБСЕ и Конгресот на локална и регионална власт, Совет на Европа.

Во рамките на своето искуство во примената на правото, кандидатката има изработено пресуда и голем број на одлуки и правни анализи за Европскиот суд за човекови права, кои се однесуваат на заштита на правото на живот, правата на притворените лица, заштита од тортура, право на слобода на изразување и собир, право на ефикасен правен лек, право на правично судење. Таа исто така има изработено правни мислења во врска со наводите на апликантите за повредата на Повелбата на локална самоуправа, Европската конвенција за човекови права и внатрешните правила на ОБСЕ.

Кандидатката била член на стручни комисии и работни групи при Министерствата за правда на РМ, Ерменија и Косово во периодот од 2007 до денес и учествувала во изготвувањето и измените на македонскиот Изборниот законик, македонски закони од кривично-правната област, вклучително и предлог-законот за надомест на штета за жртви на насилни кривични дела, Косовскиот закон за прекршоци и кривична постапка, како и законски промени за заштита на правата на затворениците во Ерменија. Таа исто така држела обуки и предавања на македонскиот и косовскиот уставниот суд и на Академијата за судии и обвинители.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката Јасмина Димитриева-Најданова покажува високи способности за научноистражувачката, наставно-образовната, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност што се констатира од опусот на објавените научни трудови во земјава и во странство, од одржаната наставно-образовната дејност, од активното учество на научни конференции во земјата и во странство, како и од учество во научноистражувачки и стручно-апликативни проекти.

Врз основа на горенаведеното, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Јасмина Димитриева-Најданова ги исполнува законските услови за избор во звање насловен вонреден професор во наставно-научната област Уставно право и има чест и задоволство на **Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип да ја предложи кандидатката д-р Јасмина Димитриева-Најданова да биде избрана во звање насловен вонреден професор во наставно-научната област уставно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Наташа Габер-Дамјановска,** редовен професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и директор на Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, наставно-научна област уставно право, претседател, с.р.

**Вон. проф. д-р Јелена Трајковска-Христовска,** вонреден професор на Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, наставно-научна област уставно право, член, с.р.

**Проф. д-р Јован Ананиев.** редовен професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, наставно-научна област политички системи, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | Број | Поени | Број | поени | Вкупно |
| 1 | Избор во звање доцент | 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **Број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Монографија или научна книга | | | 2 | 15 | 30 |
| 2 | Одбранета докторска теза | | | 1 | 8 | 8 |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ фактор (прв автор) | | | 1 | 15 | 15 |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно списание (прв автор) | | | 2 | 9 | 18 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 3 | 2 | 2 | 3 | 12 |
| 6 | Одржано предавање по покана од научна институција | | | 1 | 3 | 3 |
| 7 | Учество на научен собир (усно) | 3 | 1,5 | 3 | 2 | 10,5 |
| 8 | Учесник во научен проект | | | 1 | 3 | 3 |
| 9 | Рецензент на научен труд | 3 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| 10 | Одбранета магистерска теза | | | 1 | 4 | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **107,5** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **Број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Стручна монографија | 3 | 3 | | | **9** |
| 2 | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 1 | 2 | | | **2** |
| 3 | Пленарно предавање на стручен собир | 5 | 2 | | | **10** |
| 4 | Изготвување на извештаи од анализи | 3 | 0,1 | | | **0.3** |
| 5 | **ВКУПНО** | | | | | **28,3** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **165,8** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР Д-Р ЖАНЕТА ПОПОСКА ЗА НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО ОБЛАСТА МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1102-97/3 од 23.6.2021 година донесена на 208. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 22.6.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на вонреден професор д-р Жанета Попоска за насловен вонреден професор во областа меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 9.6.2021 година и во предвидениот рок се пријави д-р Жанета Попоска, насловен вонреден професор.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Жанета Попоска е родена на 19 февруари 1978 година во Велес, Р. Македонија, каде го завршува основното и средното образование. Во учебната 1996/1997 година се запишува на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2000 година го завршува Правниот факултет со среден просек 9.00 (девет) и се стекнува со звање дипломиран правник, меѓународно правна група.

Во 2000 година кандидатката се запишува на постдипломските студии по меѓународно право и политика на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои успешно ги завршува во 2003 година со среден просек 10.00 (десет). Магистерскиот труд на тема „Заштита од мачење, нечовечно и понижувачко постапување или казнување во рамките на Советот на Европа” успешно го одбранува и се стекнува со звање магистер на правни науки од областа на меѓународното право.

Во март 2011 година, кандидатката пријавува докторат на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на тема „Дискриминација врз основа на хендикеп во меѓународното право за правата на човекот“. Во јуни 2012 г. таа успешно го одбранува својот труд и се стекнува со звање доктор на правни науки.

Со Одлука на ННС на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип бр.1602-108/6 од 1.7.2013 година е избрана во звање насловен доцент, а со Одлука на ННС бр. 1102-233/4 од 21.12.2016 година е избрана во звање насловен вонреден професор по предметот Човекови права, каде што наставата континуирано ја изведува.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатката за повторен избор во звање вонреден професор***

**Општи услови за избор:**

- просечен успех: 10 (десет);
- научен степен: вонреден професор од научната област во која се избира - со Одлука на ННС на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип бр. 1102-233/4 од 21.12.2016 година кандидатката д-р Жанета Попоска е избрана во звање насловен вонреден професор по предметот Човекови права;
- објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Stojanovski, Strasko and Poposka, Zaneta | *Macedonians and Albanians: Stereotypes and Ethnic Distance* | Balkan Social Science Review, 15, pp. 297-327. ISSN 1857- 8772, | 2020 |
| 2 | Poposka Zaneta | *Reasonable Accommodation for Persons with Disabilities* | Proceedings from the International Scientific Conference "Social Change in The Global World", September 2019, pp.611-624, (978-608-244-647-9), Stip, Macedonia | 2019 |
| 3 | Жанета Попоска | *Анализа на судската практика на комитетот за правата на лицата со попреченост* | Proceedings from the International Scientific Conference "Social Change in The Global World", September 2018, стр.199-217, (978-608-244-548-9), Stip, Macedonia | 2018 |
| 4 | Zaneta Poposka | *Segregation of Roma in Schools for Persons with Disabilities – Case law of the European Court of Human Rights* | Proceedings from the International Scientific Conference "Social Change in The Global World", September 2017, pp.213-225, (978-608-244-423-9), Stip, Macedonia | 2017 |
| 5. | Zaneta Poposka | *Personal assistance – Comparative Analysis of the legislative and Institutional Framework in the Area of Social Services* | Yearbook of the Law Faculty, Volume 7, pp.235-250, (ISSN: 1857-8713), Stip, Macedonia | 2017 |
| 6. | Zaneta Poposka | *The meaning of Dissuasive, proportionate and effective Sanction in Discrimination Cases* | Proceedings from the International Scientific Conference "Social Change in The Global World", September 2016, pp.367-382, (978-608-244- 353-9), Stip, Macedonia | 2016 |
| 7. | Жанета Попоска | *Криминалот од омраза - преку леќите на Европскиот суд за човекови права* | Годишен зборник на Правен Факултет, Volume 6, стр..147-162, (ISSN: 1857-8713), Штип, Македонија | 2016 |
| 8. | Zaneta Poposka | *Idea behind Reasonable Accommodation as a Way Forward in Achieving Equality* | Journal Balkan Social Science Review, Volume 7, pp.7-31, (ISSN: 1857-8799), Skopje, Macedonia | 2016 |

- потврда за познавање на англиски јазик: АПТИС сертификат од 24.4.2015 година;
- способност за изведување на високообразовна дејност: потврдено со изведување на настава по предметот Човекови права на Правниот факултет во Штип.

**Посебни услови**

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Со Одлука на ННС на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип бр. 1102-233/4 од 21.12.2016 година е избрана во звање насловен вонреден професор по предметот Човекови права, каде што наставата континуирано ја изведува до денес. Професионалните ангажмани и научниот интерес којшто кандидатката д-р Жанета Попоска го покажува се во сферата на меѓународното право. За забележување е нејзиниот посебен интерес кон меѓународното јавно право со посебен акцент на меѓународните организации и меѓународното право за правата на човекот. Токму во ова проблематика, кандидатката има објавено книги и повеќе стручни трудови, елаборирани подолу. Авторка е на учебните помагала „Скрипта по предметот Човекови права" и „Практикум за вежби по предметот Човекови права" издаден од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во 2016 година (е-учебник). Тргнувајќи од темите коишто кандидатката досега ги има обработувано, за забележување е нејзиниот интерес за мултидисциплинарен приод на истражување којшто се движи во рамки на правните и политичките науки.

**Список на печатени оригинални научни трудови во списанија и конгреси, по изборот во насловен вонреден професор:**

1. Stojanovski, Strasko and Poposka, Zaneta, Macedonians and Albanians: Stereotypes and Ethnic Distance. Balkan Social Science Review, 15, pp. 297-327. ISSN 1857- 8772, 2020.

Мултикултурниот карактер на македонското општество се рефлектира во разновидноста на неговите етнички, верски и целокупни културни колективни ентитети. Хетерогениот состав е претставен на различни нивоа на социјална интеракција и социјална вклученост. Регионалните диспаритети се, исто така, карактеристични за специфичниот македонски меѓуетнички модел. Во северозападниот дел на државата доминира втората по големина етничка група, албанското население, а во остатокот од земјата, Македонците се доминантна етничка група. Исто така, низ целата земја се присутни и други етнички групи како Турци, Роми, Срби, Власи и други заедници. Во врска со овој состав може да се следат различни модели на социјална меѓуетничка вклученост, како и модели за градење стереотипи и нивоа на етничка дистанца. Овој труд користи податоци за истражување спроведено во 2015 година, споредувајќи слични претходни истражувања објавени во 1997 и 2004 година. Научниот квалитет на трудот е на високо ниво, посебно емпириските резултати, како и препораките кои се дадени и кои послужуваат како насока за носителите на одлуки во нивниот иден ангажман во оваа област.

2. Zaneta Poposka, Reasonable Accommodation for Persons with Disabilities, published in the Proceedings from the International Scientific Conference "Social Change in The Global World", September 2019, pp.611-624, (978-608-244-647-9), Stip, Macedonia, 2019.

Трудот го анализира Правниот институт на соодветно приспособување за лицата со попреченост. Меѓутоа, не постои унифициран став во светот за тоа како се третира неоправданото одбивање на овие приспособувања, односно дали се смета за форма на директна или индиректна дискриминација, или *sui generis* форма на дискриминација. Овој труд го истражува ова правно прашање користејќи споредбени набљудувања од државите-членки на ЕУ. Понатаму, трудот ги разработува елементите на соодветното приспособување и ги одредува неговите рамки во националниот правен контекст, особено истражувајќи ги одредбите на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација. Конечно, трудот презентира начини за напредување во зголемување на важноста на овој правен институт во зајакнувањето на основните права на лицата со попреченост. Текстот користи примери од национална и меѓународна судска практика, како и извештаи и анализи што се развиени за истата тема што го прават непроценлив неговиот научен, но и практичен придонес.

3. Жанета Попоска, Анализа на судската практика на комитетот за правата на лицата со попреченост, published in the Proceedings from the International Scientific Conference

"Social Change in The Global World", September 2018, pp.199-217, (978-608-244-548-9), Stip, Macedonia, 2018.

Комитетот за правата на лицата со попреченост, основан со Меѓународната конвенција за правата на лицата со попреченост на Организацијата на обединетите нации усвоена на 13 декември 2006 година, е најважното договорно тело за човековите права кое се однесува на правата на лицата со попреченост. Трудот го разгледува модалитетот на работата на Комитетот во врска со допуштеноста и суштинското разгледување на апликациите, како и правната природа на неговите согледувања и препораки доставени до засегнатата држава-договорна страна и до подносителите на апликацијата. Понатаму, трудот ја анализира јуриспруденцијата на Комитетот за правата на лицата со попреченост до денес и усвоените ставови за различните членови на Конвенцијата. Конечно, трудот ги претставува начините за зголемување на важноста на усвоените согледувања на Комитетот за заштита на основните права предвидени со Конвенцијата. Текстот ја користи судската практика на Комитетот, како и изработените извештаи и анализи за истиот предмет на разгледување што го прави исклучително висок неговиот научниот квалитет и користа од истиот.

4. Zaneta Poposka, Segregation of Roma in Schools for Persons with Disabilities – Case law of the European Court of Human Rights, published in the Proceedings from the International Scientific Conference "Social Change in The Global World", September 2017, pp.213-225, (978-608-244-423-9), Stip, Macedonia, 2017.

Трудот ја разработува позицијата и образложението на Европскиот суд за човекови права во случаи на индиректна дискриминација врз основ на раса и етничка припадност како резултат на неправилно сместување на апликантите во специјални училишта за лица со попреченост, посочувајќи дека во одредени околности неуспешниот обидот да се коригира нееднаквоста преку различен третман може само по себе да доведе до повреда на Конвенцијата. Понатаму, трудот ја анализира судската практика на Европскиот суд за човекови права, особено случајот Д.Х и други против Чешка, Оршуш и други против Хрватска, Хорват и Кис против Унгарија и Лавида и други против Грција и ги посочуваат главните пречки и предизвици за правилното вклучување на децата Роми во националните образовни системи. Текстот извлекува заклучоци од меѓународната судска практика што го прави неговиот научен придонес високо квалитетен.

5. Zaneta Poposka, Personal assistance – Comparative Analysis of the legislative and Institutional Framework in the Area of Social Services, published in the Yearbook of the Law Faculty, Volume 7, pp.235-250, (ISSN: 1857-8713), Stip, Macedonia, 2017.

Трудот ги презентирани наодите од надворешната проценка на тековната регулаторна рамка на постоечките социјални услуги и придружни услуги, како и актуелната регулаторна рамка во областа на социјалните услуги и вработувањето на лицата со попреченост, со цел воведување на услугата на персонална асистенција, спроведена во периодот февруари-јуни 2017 година. Целта на трудот е да ја претстави потенцијалната идна улога на системот за персонална асистенција за лицата со попреченост во Република Македонија и да го процени степенот до кој треба да се воведат законски измени во олеснувањето на воведување на овој систем во националното законодавство. Дополнителна цел е да се дадат препораки воведувајќи чекор по чекор пристап во иницирањето на воспоставување на овој систем и неговиот правен статус, финансирање, одговорности и надзор над работата на давателите на услуги и персоналните асистенти, како составен дел на системот. Научниот квалитет на трудот е на високо ниво, посебно препораките кои се дадени кои послужуваат како насока за носителите на одлуки во оваа сфера во нивната идна законодавна измена во оваа област.

6. Zaneta Poposka, The meaning of Dissuasive, proportionate and effective Sanction in Discrimination Cases, published in the Proceedings from the International Scientific Conference "Social Change in The Global World", September 2016, pp.367-382, (978-608-244- 353-9), Stip, Macedonia, 2016.

Трудот ја елаборира позицијата на правните лекови и санкции во постојното законодавство за антидискриминација, особено во правото на Европската Унија. Трудот ги анализира видовите санкции достапни во различното национално законодавство, меѓу другото и административните санкции и парични казни, надомест на материјална и нематеријална штета, предупредување, посредување и обврска за спроведување на

антидискриминаторски политики. Понатаму, трудот ги идентификува клучните предизвици и пречки поврзани со соодветно санкционирање во случаи на утврдена дискриминација, особено во светлината на начелото на одвраќање, пропорционалност и ефективност на правниот лек. Конечно, трудот извлекува заклучок од судската практика на Европскиот суд за човекови права и Судот на правдата на Европската Унија, повеќе елаборирајќи што опфаќа разубедителниот ефект на санкцијата. Текстот користи резултати од истражување и анкета што се спроведени во Европската Унија и извлекува заклучоци од меѓународната и националната судска практика. Научниот квалитет на трудот е на високо ниво, посебно препораките кои се дадени кои послужуваат како насока за носителите на одлуки во оваа сфера во нивната идна законодавна измена во оваа област.

7. Жанета Попоска, Криминалот од омраза - преку леќите на Европскиот суд за човекови права, Годишен зборник на Правен факултет, Volume 6, pp.147-162, (ISSN: 1857-8713), Штип, Македонија, 2016.

Трудот го анализира феноменот на криминалот од омраза како форма на криминал кој произлегува од пристрасноста или предрасудите на сторителот врз основа на определена заштитена карактеристика на жртвата, вистински или претпоставена, или поради поврзаноста на жртвата со лице со заштитена карактеристика (по асоцијација). Овој труд преку судската пракса на Европскиот суд за човекови права ги разгледува стереотипите и предрасудите за определена група во општеството како ограничувачки фактори на индивидуалните избори на секој кој припаѓа на односната група кои доведуваат до дискриминација, стигматизација, говор на омраза и во крајна линија насилство мотивирано од пристрасност. Во таа насока, посебно место се отстапува на анализирањето на судската пракса и наодите на Судот во врска со религиозните, етничките и хомофобичните предрасуди како и предрасудите врз основа на попреченост кои се наоѓаат во основата на случаите на криминал од омраза, што го прави овој труд исклучително научно квалитетен и корисен.

8. Zaneta Poposka, Idea behind Reasonable Accommodation as a Way Forward in Achieving Equality, published in the Journal Balkan Social Science Review, Volume 7, pp.7-31, (ISSN: 1857- 8799), Skopje, Macedonia, 2016.

Овој труд го разработува прашањето за правната природа и влијанието на соодветното приспособување, за тоа каков тип на приспособување е соодветно и ефективно во правна смисла. Дополнително, овој труд го разгледа прашањето за заштитата, односно кој треба да биде заштитен - индивидуалното лице или групата лица со попреченост, рамката на законската обврска за заштита и нејзините граници. За споредба, трудот ја анализира должноста за соодветното приспособување предвидена во Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и Директивата на Советот 2000/78/ЕС од 27 ноември 2000 година, со која се воспоставува општа рамка за еднаков третман при вработување и занимање. Денес во различни правни системи постојат различни начини за регулирање на соодветното приспособување. Имено, дали треба да се смета како антидискриминаторска должност или како форма на афирмативна акција? Ова прашање нема единствен одговор и е елаборирано подетално во трудот користејќи споредбено искуство од државите-членки на ЕУ, САД и Австралија. Понатаму, трудот ја оценува моменталната ситуација во врска со соодветното приспособување на лицата со попреченост во македонски контекст. Конечно, трудот ги идентификува клучните предизвици и препорачува акции за нивно надминување. Текстот користи резултати од истражувања и анкети што се спроведени во земјата и во странство како илустрација на трендовите и моделите.

**Објавени книги, по изборот во вонреден професор:**

1. Nikodinovska Krstevska, Ana and Tusevska, Borka and Kosevaliska, Olga and Stojanov, Trajce and Shikova, Natalija and Jakimovska, Svetlana and Gavrilovikj, Nenad and Ampovska, Marija and Denkova, Jadranka and Majhosev, Andon and Belovski, Vojo and Poposka, Zaneta and Marolov, Dejan (2019) Европска унија: право и политики. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип. ISBN 978-608-244-595-3

Публикацијата *Европска Унија: право и политики* претставува збирка во која на едно место се собрани ракописи на македонски јазик од областа на Европската Унија, коишто

се наменети како за академската така и за стручната заедница на правници, политиколози, практичари и студенти, но се разбира и за пошироки категории на читателска јавност. Збирката Европска Унија: право и политики содржи ракописи од вкупно дванаесет различни автори кои обработуваат единаесет различни подрачја од европското право и политиките, како што се: европскиот идентитет, теориите за европска интеграција, јазичната политика на Европската Унија, правото на интелектуална сопственост на Европската Унија, европското договорно право, европското отштетно право, административното право на земјите во Европската Унија, европското трудово право и индистриските односи во Европската Унија, системите на заштита на човековите права во Европската Унија, надворешната политика на Европската Унија и политиките за проширување на Европската Унија. Поглавјата во книгата имаат теоретски и практичен приод кон различните проблематики што се обработуваат и преку еден унифициран пристап на изработка тие ги разработуваат основните содржини на правата и на политиките на Европската Унија преку примарното и секундарното право на Унијата, но и преку богатата практика на Судот на правдата на Европската Унија.

2. Ananiev, Jovan and Arifi, Besa and Gaber- Damjanovska, Natasa and Lazarova-Trajkovska, Mirjana and Poposka, Zaneta and Cubrik, Slavica (2018) Човекови права. Мисија на ОБСЕ, Скопје. ISBN 978-608-4788-31-7.

Книгата се фокусира на обезбедување на вештини и знаења на идните правни практичари за повеќе права и принципи како што е: правото на живот, забраната на мачење, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, правото на еднаквост и принципот на недискриминација, правото на слобода и безбедност, правото на правично судење, правото на приватен и семеен живот, дом и преписка, слободата на мисла, совест и религија, слободата на изразување, правото на глас и правото на правични и слободни избори, слободата на собир и здружување, слободата на движење како и постојниот систем на заштита на човековите права на универзално и регионално, (европско), ниво. Притоа, акцентот е ставен како на теоријата така и на практиката, посебно на судската практика на Европскиот суд за човекови права, Судот на правдата на Европската Унија и националната уставно-судска заштита. Тоа се должи на една едноставна причина дека крајната цел на меѓународната заштита на правата на човекот е нивно спроведување на национално ниво, како и справување со повредата на односното право вклучувајќи го и во нашето општество, со тоа што на жртвите на повредата на правата на човекот им се овозможува да ја бараат правдата преку соодветни и ефикасни правни лекови. За да се постигне оваа цел, идните правници и стручната јавност треба да располагаат со практични алатки и совети за примената на меѓународните стандарди во националното законодавство.

3. Жанета Попоска (2018) Толкувач на меѓународната Конвенција на Организацијата на обединети нации за правата на лицата со попреченост. Полио плус. ISBN: 978-608-4609-25-7.

Книгата се состои од три поглавја и еден прилог: Глава I - појаснува за процесот на создавањето на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Организацијата на Обединетите нации. Дополнително, дава краток преглед на нејзината содржина и основни карактеристики. Глава II - дава преглед на преамбулата и членовите на Конвенцијата поделени на општи одредби, супстантивни права, одредби поврзани со спроведувањето и надзорот и одредби од технички карактер. Дополнително, во оваа глава се разгледува и Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Глава III - ги анализира научените лекции од досегашното спроведување на Конвенцијата и идните предизвици при нејзиното спроведување, посебно на национално ниво. Оправданоста за изработката на книгата, што тесно се врзува со нејзината научно-апликативна вредност е потребата од елаборирање на одредбите содржани во Конвенцијата како и нивното широко толкување, со цел запознавање на лицата со попреченост, нивните организации, надлежните институции и пошироката академска и стручна јавност со овој меѓународен правен документ кој е ратификуван од страна на македонското Собрание во декември 2011 година. Овој Толкувач служи како помагало за разбирање на Конвенцијата и нема за цел да даде нејзина сеопфатна теоретска разработка, туку да укаже на постојните начини на примена на одредбите од истата. Нејзината важност е токму во мапирање на ситуацијата, која до тогаш не е направена, како и во препораките за нејзино надминување.

4. Жанета Попоска, Лазар Јовевски (2017) Антидискриминациско право. Мисија на ОБСЕ во Скопје и Правен факултет Јустинијан I. ISBN: 978-608-4788-20-1.

Книгата „Антидискриминациско право“ претставува алатка наменета за студентите на правните факултети и стручната јавност, чија цел е да послужи како водич при идентификување на клучните елементи и карактеристики на антидискриминациското право во рамките на меѓународниот и националниот правен систем, како и да овозможи преглед на институционалната инфраструктура за негова заштита. Стекнувањето на вештини и знаења од страна на идните правни практичари за правото на еднаквост и принципот на недискриминација е воедно во фокусот на оваа публикација. Оваа монографија покажува симбиотска теоретска и практична разработка на феноменот на анти-дискриминацијата и нејзината научна вредност е значителна.

**Објавени монографии и истражувачки извештаи како автор или уредник, по изборот во вонреден професор:**

1. Жанета Попоска (2019) Барометар за еднакви можности. Мисија на ОБСЕ во Скопје. ISBN: 978-608-4788-38-6.

Истражувањето „Барометар за еднакви можности“, изработена од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, ги опфаќа перцепциите за дискриминација и нееднаквост на севкупната јавност. Исто така, прави компаративна анализа на резултатите од трите истражувања спроведени во 2009, 2013 и 2018 година и дава преглед на правецот и интензитетот на промените на перцепциите, ставовите, познавањата и свеста за дискриминација и нееднаквост во земјата во периодот од 2009 до 2018 година. Во извештајот се испитуваат одговорите на мажите и жените во врска со дискриминацијата по седум основи - род, етничка припадност, религија или верувања, возраст, попреченост, сексуална ориентација и политичка припадност. Неговата вредност произлегува од емпириските податоци кои се презентирани во истражувањето.

2. Жанета Попоска (уредничка), Елена Кочоска (авторка) (2018) Анализа на политичкото учество на лицата со попреченост. Мисија на ОБСЕ во Скопје. ISBN: 978-608-4788-38-6.

Во рамките на портфолиото за антидискриминација, Мисијата на ОБСЕ во Скопје ја изработи Анализата за политичко учество на лицата со попреченост. Анализата го истражува директното влијание на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (КПЛП) и постојните уставни и законски одредби врз политичкото учество на лицата со попреченост во државата, анализа на состојбите, а исто така дава и предлози и препораки за понатамошна дискусија и преглед од страна на политичката и академската заедница, како и заедницата на лица со попреченост, што ја прави оваа анализа високо вредна во научна смисла.

3. Жанета Попоска (уредничка), Јован Ананиев (автор) (2017) Соодветното приспособување на работното место за лицата со попреченост. Мисија на ОБСЕ во Скопје. ISBN: 978-608-4788-39-3.

Истражувањето им помага на лицата со попреченост да се надмине проблемот кој го имаат со неспроведувањето на соодветно приспособување, како и на креаторите на трудовата политика, но и на националните органи и тела кои се задолжени да работат на намалувањето на оваа појава. Овој Истражувачки извештај располага со податоци кои се релевантни за проблемот со соодветното приспособување на работното место за лицата со попреченост, коишто се групирани по различни основи и овозможуваат носење на заклучоци релевантни за Комисијата за заштита од дискриминација. Неговата научна вредност е значителна.

4. Жанета Попоска (уредничка), Неда Чаловска Димовска и Славица Чубриќ (авторки) (2017) Користење на actio popularis во случаи на дискриминација. Мисија на ОБСЕ во Скопје. ISBN: 978-608-4790-12-9.

Публикацијата дава осврт и на домашното и на европското законодавство во делот на дозволеноста и употребата на *actio popularis* механизмот, практиката на Европскиот суд за човекови права и Судот на правдата на Европската Унија, како и практиката на земјите од регионот. Публикацијата, исто така, овозможува увид и во конкретна методологија

за користење на *actio popularis*, заради обезбедување на соодветна насока за тоа во кои случаи и како треба да се користи овој механизам од страна на здруженијата на граѓани. Нејзината научна но и апликативна вредност е значителна.

5. Жанета Попоска, Страшко Стојановски (2016) Влијание на стереотипите и етничката дистанца за појава на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза. Мисија на ОБСЕ во Скопје. ISBN: 978-608-4788-10-2.

Овој Истражувачки извештај дава преглед на постојните стереотипи и нивното влијание за воспоставување на интеретничка дистанца, како и можност за следење на состојбите во доменот на етничката интеракција во државата. Дополнително, извештајот се фокусира и на презентирање на резултатите поврзани со прашањата за дискриминација, говорот на омраза и криминалот од омраза во национален контекст. Неговото научно значење и вредност е огромно поради емпириските податоци кои ги содржи и препораките кои ги извлекува за донесувачите на одлуки.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката редовно се вклучува во домашни и меѓународни проекти. Како илустрација се следниве:

2008-2021 – Проектен менаџер и истражувач на антидискриминационото законодавство, Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Вклученост во ИПА и Прогрес проекти како аналитичар во делот на антидискриминација.

2010-2021 – Проектен менаџер и истражувач на законодавството за заштита од криминалот од омраза и говорот на омраза, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и ОДИХР од Варшава.

2018-2020 - Проектен менаџер и истражувач на правата на лицата со попреченост, Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

2019-2021 – Истражувач во проекти поврзани со миграција и азил со осврт на македонскиот национален контекст, Правен факултет при УГД.

Дополнително, во периодот 2004 – 2021 кандидатката д-р Жанета Попоска има учествувано како говорник или учесник на бројни конференции во Виена и Варшава кои биле организирани од страна на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ). Некои од темите се следниве: антидискриминација, криминал од омраза, одржлив развој и социјална инклузија, забрана на тортура, полициска злоупотреба, тероризам и безбедносни прашања, заштитни механизми за човекови права, демократски институции за владеење на правото, програми за развој на граѓанското општество, реформи во законодавниот процес, и неколку тематски *Supplementary Human Dimensions Meetings*. Исто така има остварено студиски посети на тела за еднаквост во Белгија, Ирска, Шведска, Велика Британија и Франција.

Кандидатката д-р Жанета Попоска се има јавено како рецензент на бројни научни трудови, како што се:

1. Balkan Social Science Review (2021) The Impact of the Informational; and Communication Technology on the realization and Protection of Human rights;
2. 7th International Scientific Conference, Social Change in The Global World (2020) Scope of article 6 of the European Convention on Human Rights – Contribution of the European Court of Human rights Practice;
3. Balkan Social Science Review (2019) Prohibition of Discrimination with Regards to Disability in the Light of the European Right to education of Children;
4. 5th International Scientific Conference, Social Change in The Global World (2018) Protection of Minority Rights – A Pillar of a Democratic Society;
5. International Balkan University, Journal of Human and Social Sciences (2018) The impact of migratory flows of Third Country Workers on EU Enlargement Policy;
6. Balkan Social Science Review (2017) legal vs. Factual Social Protection Status of persons with Intellectual Disability in Republic of Macedonia;
7. 4th International Scientific Conference, Social Change in The Global World (2017) Европско државјанство и Европски суд на правдата.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, кандидатката д-р Жанета Попоска ги има остварено следните поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО+НИ+САОР):

- Наставно-образовна (НО) = 30 поени
- Научно-истражувачка (НИ) = 113 поени
- Стручно-апликативна и организационо-развојна (САОР) = 58 поени

Вкупно (НО+НИ+САОР) = 201 поени.

Од сето гореизнесено може да се заклучи дека кандидатката ги исполнува критериумите за повторен избор во истото звање на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Д-р Жанета Попоска ги задоволува сите стручни и наставно-научни услови, согласно позитивните законски прописи, за да биде повторно избрана во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на изнесеното Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип повторно да ја избере д-р Жанета Попоска во звање вонреден професор.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вон. проф. д-р Дејан Маролов, претседател, с.р.**
**Вон.проф. д-р Ана Никодиновска-Крстевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Јован Ананиев, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **Број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање вонреден професор | 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **Број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Монографија или научна книга<br>*Европска Унија: право и политики. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип. ISBN 978-608-244-595-3*<br>*Човекови права. Мисија на ОБСЕ, Скопје. ISBN 978-608-4788-31-7.*<br>*Толкувач на меѓународната Конвенција на Организацијата на обединети нации за правата на лицата со попреченост. Полио плус. ISBN: 978-608-4609-25-7.*<br>*Антидисцриминациско право. Мисија на ОБСЕ во Скопје и Правен факултет Јусинијан I. ISBN: 978-608-4788-20-1.* | 4x15 | | | | **60** |
| **2.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати)<br>Macedonians and Albanians: Stereotypes and Ethnic Distance. Balkan Social Science Review, 15, pp. 297-327. ISSN 1857- 8772, 2020.<br>Idea behind Reasonable Accommodation as a Way Forward in Achieving Equality, published in the Journal Balkan Social Science Review, Volume 7, pp.7-31, (ISSN: 1857- 8799), Skopje, Macedonia, 2016. | 2 | 3 | | | **6** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Reasonable Accommodation for Persons with Disabilities, published in the Proceedings from the International Scientific Conference “Social Change in The Global World”, September 2019, pp.611-624, (978-608-244-647-9), Stip, Macedonia, 2019.<br>Анализа на судската практика на комитетот за правата на лицата со попреченост, published in the Proceedings from the International Scientific Conference “Social Change in The Global World”, September 2018, pp.199-217, (978-608-244-548-9), Stip, Macedonia, 2018.<br>Segregation of Roma in Schools for Persons with Disabilities – Case law of the European Court of Human Rights, published in the Proceedings from the International Scientific Conference “Social Change in The Global World”, September 2017, pp.213-225, (978-608-244-423-9), Stip, Macedonia, 2017.<br>Personal assistance – Comparative Analysis of the legislative and Institutional Framework in the Area of Social Services, published in the Yearbook of the Law Faculty, Volume 7, pp.235-250, (ISSN: 1857-8713), Stip, Macedonia, 2017.<br>The meaning of Dissuasive, proportionate and effective Sanction in Discrimination Cases, published in the Proceedings from the International Scientific Conference “Social Change in The Global World”, September 2016, pp.367-382, (978-608-244- 353-9), Stip, Macedonia, 2016.<br>Криминалот од омраза - преку леќите на Европскиот суд за човекови права, Годишен зборник на Правен Факултет, Volume 6, pp.147-162, (ISSN: 1857-8713), Штип, Македонија, 2016. | 6 | 4 | | | **24** |
| **4.** | Учесник во научен проект<br>*Anti-discrimination*<br>*Hate crimes*<br>*Правата на лицата со попреченост*<br>*Миграција и азил* | 4 | 2 | | | **8** |
| **5.** | Студиски престој во странство<br>*Студиски посети на тела за еднаквост во Белгија, Ирска, Шведска, Велика Британија и Франција* | | | | 8 | **8** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **6.** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати)<br>*Balkan Social Science Review*<br>*International Scientific Conference, Social Change in The Global World*<br>International Balkan University | 7 | 1 | | | **7** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **113** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Книга<br>*Барометар за еднакви можности. Мисија на ОБСЕ во Скопје. ISBN: 978-608-4788-38-6.*<br>*Анализа на политичкото учество на лицата со попреченост. Мисија на ОБСЕ во Скопје. ISBN: 978-608-4788-38-6.*<br>*Соодветното приспособување на работното место за лицата со попреченост. Мисија на ОБСЕ во Скопје. ISBN: 978-608-4788-39-3.*<br>*Користење на actio popularis во случаи на дискриминација. Мисија на ОБСЕ во Скопје. ISBN: 978-608-4790-12-9.*<br>*Влијание на стереотипите и етничката дистанца за појава на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза. Мисија на ОБСЕ во Скопје. ISBN: 978-608-4788-10-2.* | 5 | 10 | | | **50** |
| **2.** | Пленарно предавање на стручен собир<br>*Supplementary Human Dimension Meeting, Vienna, Austria* | 1 | 4 | | | **4** |
| **3.** | Позитивно рецензирана скрипта и практикум за вежби по предметот Човекови права | 2 | 2 | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **58** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **201** |

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАРДИОВАСКУЛАРНА ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2002-210/11 од 24.6.2021 година донесена на 261. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 24.6.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област кардиоваскуларна хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

- д-р Андреја Арсовски, вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија на Факултет за медицински науки, УГД;
- д-р Сашо Јовев, редовен професор за наставно-научната област кардиохирургија на Медицински факултет, Скопје, УКИМ;
- д-р Љубица Ѓоргиевска-Исмаил, редовен професор за наставно-научната област кардиологија на Медицински факултет, Скопје, УКИМ.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 9.6.2021 година и во предвидениот рок се пријави: д-р Жан Митрев, доктор на медицински науки од научната област хирургија-кардиоваскуларна хирургија, вработен во Клиничката болница „Жан Митрев клиника“ во Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Жан Митрев** е роден на 11.1.1961 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип, континуирано со одличен успех. Со високо образование се стекнува на Медицинскиот факултет во Скопје, каде што дипломира во 1985 год. со просечен успех од 8,076. По завршување на стручниот стаж и положување на државниот испит се запишува на специјализација по хирургија и истата ја завршува ноември 1992 година. Работи како хируршки асистент во Универзитетската клиника во Цирих, Швајцарија, потоа во Клиниката за кардиохирургија во Лудвигсхафен во Германија, а до 2000 година работи на Клиниката за кардиохирургија при Универзитетот „Јохан Волфганг Гете“, каде што врз основа на своето искуство е промовиран за шеф на Одделот за кардиохирургија. Суспецијализација започнува на Клиниката за кардиохирургија при Универзитетот во Загреб, каде што го започнува и својот магистерски труд од областа на кардиохирургијата, а истиот го завршува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во август 1998 година. Во декември 2001 год. се стекнува со европска диплома за завршена суспецијализација од областа на кардиоваскуларната хирургија и истата е потврдена од Министерството за образование на нашата република во јуни 2007 година.

***Стручна активност***

На 1.3.2000 година ја отвора и го започнува развојот на првата кардиохируршка болница во земјава. Во 2016 година ја отвора и развива новата болница со најсовремена медицинска технологија која во 2018 година прерасна во Клиничка болница – „Жан Митрев клиника“. Д-р Жан Митрев има реализирано повеќе стручни престои и едукации, меѓу кои:

– 1993-1994 г. - Хируршки асистент на Универзитетската клиника во Цирих, Швајцарија;
– 1993 г. – Клинички истражувачи хируршки асистент во Клиниката за кардиохирургија во Лудвигсхафен, Германија;
– 1990-1992 г. - Клинички истражувач на Клиниката за торакална и кардиоваскуларна хирургија при Универзитетот „Јохан Волфганг Гете“ во Франкфурт, Германија;
– 1988-1990 г. – Престој на кардиохирургија при Клиничката болница во Загреб, Хрватска;
– 1983 г. - Престој на Медицинскиот факултет при Универзитетската клиника „Реина Софија“ во Кордоба, Шпанија.

***Наставна дејност***

Во рамките на наставно-образовната дејност, д-р Жан Митрев има одржано повеќе теоретски и практични предавања (работилници) во склоп на континуираната едукација која се организира и изведува во „Жан Митрев клиника“.

***Научна дејност***

Докторските студии на Факултетот за медицински науки во Штип ги завршува во предвидениот рок, а својот докторски труд со наслов **„Вредноста на геометриската реконструктивна хируршка метода во лекувањето на постинфарктната аневризма на левата комора на срцето“** го одбранува на 18 декември 2020 год. Магистерскиот труд на тема **„Влијанието на оперативната техника во хируршкиот третман на акутниот коронарен синдром“** го одбранува во август 1998 година на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како резултат на неговото досегашно залагање, како автор и коавтор, има публикувано и презентирано 38 научни трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, 120 трудови со оригинални научно-стручни резултати кои се објавени во книги на апстракти и над 101 усна презентација на меѓународни собири во Европа и во светот.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1 Д-р Жан Митрев е доктор на медицински науки од областа на хирургијата – кардиоваскуларна хирургија, а неговата научноистражувачка работа е главно фокусирана на евалуацијата на бенефитот од кардиохируршките техники во третманот на кардиоваскуларните заболувања.

1 Има сертификат за владеење со англиски јазик.
2 Има препорака од двајца професори.
3 Има остварен просечен успех на прв циклус (додипломски) студии од 8.076, завршена специјализација по општа хирургија, супспецијализација по кардиохирургија и завршени докторски студии.
4 Има доставено сепарати од сите негови научноистражувачки трудови во соодветната област (законски предуслов за избор во доцент се најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации).

Во овој извештај се евалуирани трудовите на д-р Жан Митрев публикувани во последните 5 години.

Научните трудови со кои д-р Жан Митрев ги исполнува законските критериуми за избор на звање доцент се:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Petar Risteski[1], Tanja Angusheva[2],Rodney Rosalia[2],Sonja Grazdani[3],Milka Klincheva[2],Venko Filipche[4],Marjan Shokarovski[3],Aron Frederik Popov[5], Sasko Jovev[3], **Zan Mitrev[2] .** | Outcomes with Ventricular Assist Device Therapu for Advanced Heart Failure in North Macedonia:First Annal Report .HSF 2020:3025 23(4) (Epub June 2020) | HSF | IF = 0.404 |
| 2 | PetarRisteskiMD12 **ZanMitrevMD1**Michel Pompeu B.O.SáMD, PhD34RodneyRosaliaPhD1 | Aortic valve neocuspidisation using xenologous pericardium verus bioprosthetic valve replacement Elsevier https://doi.org/10.1016/j.athoracsur.2021.04.099 | Elsevier | IF = 4.33 |
| 3 | Tanja Anguseva,**Zan Mitrev**, Predrag Milojevic, Milka Zdravkovska[1] | Evaluation of Prognosis of Aortic Valve Stenosis: A New Approach Based on Transvalvular Energy Loss Index. oaOJMS / https://doi.org/10.3889/oamjms.2020.5498 | Oa MJMS | 2008 |
| 4 | **Zan Mitrev**,Tanja Anguseva,Zvonko Atanasov | Trauma of the Heart and Gerat Vessels Cardiolog Res *Cardiovasc Med 2 CRCM-115* 2017; (ISSN: 2575-7083) | Res *Cardiovasc Med 2 CRCM* | IF = 2,93 |
| 5 | Tanja Anguseva, **Zan Mitrev** | Right Ventricular Myxoma, J.surg.2017 (ISSN: 2575-9760) | J.surg | IF = 2,125 |
| 6 | Milev I, Zafirovska P, Zimbakov Z, Idrizi S, Ampova-Sokolov V, Gogieva E, Ilievska Lj, Toshevski G, Hristov N, Georgievska-Ismail Lj, Angusheva T, **Mitrev Z.** | Transcatheter Closure of Patent Foramen Ovale: A Single Center Experience. *Open Access Maced J Med Sci*. http://dx.doi.org/10.3889/oamjms.2016.113 | Oa MJMS | 2008 |
| 7 | Tanja Anguseva, **Zan Mitrev** | Emergencies in Cardiovascular Surgery-A Clinical Judgment and Treatment Strategy, *Cardiovasc Med 2 CRCM-115*/DOI:10.29011/2575-7083.000019 | *Cardiovasc Med 2 CRCM-115* | IF = 2,93 |
| 8 | Antoanela Fara[1], **Zan Mitrev[2]**,Rodney Rosalia[2], Bakri Assas[2] | Cytokine storm and COVID-19: a chronicle of pro-inflamatory cytokines;Open Biol.2020 *doi:10.1098*rsob.200160 | Open Biol. | IF = 4.93 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9 | Aleksandra Kapedanovska-Nestorovksa, Aleksandar Dimovski, Zoran Sterjev, Nadica Matovska Deskovska,Ljubica Suturkova, Petar Ugurov, **Zan Mitrev**, Rodney Rosalia | The AKR1D1*36(rs1872930)Allelis Variant is IndepenentlyAssociated With Clopidogrel Treatment Outcome, Pharmgenomics Pars.Med 2019;12:285-295 | Pharm genomics Pars.Med | IF = 3,91 |
| 10 | Sanja Mehandziska[1], Aleksandra Stajkovska[2], Margarita Stavrevska[1],Kristina Jakovleva[1],Marija Janevska[2],Rodney Rosalia[1], Ivan kungulovski[2],**Zan Mitrev**[1], Goran Kungulovski[2] | Workflow for the Implementation of Precision Genomics in Healthcare, Front Genet.2020 11:619 | Front Genet | IF = 4,27 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Жан Митрев бил вклучен како едукатор на специјализанти од областа на општата хирургија и кардиохирургијата.

Од доставените биографски и библиографски податоци на д-р Жан Митрев, очигледно е дека тој учествувал активно на голем број обуки, работилници, конгреси и семинари од подрачјето на кардиологијата и кардиохирургијата, одржани во и надвор од нашата земја. Притоа, д-р Жан Митрев се стекнал со неопходно искуство за примена на здобиените практични знаења.

Д-р Жан Митрев е искусен професионалец во својата област, со 29-годишен специјалистички стаж и 20-годишен супспецијалистички стаж. Член е на медицински организации како Европската академија на науките, уметностите и писмото (European Academy of Science, Art and Letter – Academie Europeenne des Sciences et des Lettres).

**Членства во интернационални здруженија**

1991 Германско здружение за торакална и кардиоваскуларна хирургија
1992 Американски колеџ за ангиографија
2001 Европско здружение за вештачки органи
1994 Европско здружение за кардиоторакална хирургија
2004 Здружение на кардиоваскуларни хирурзи Евроазиски мост
2004 Интернационално здружение за минимално инвазивна кардиохирургија
2006 Здружение на торакални хирурзи
2011 Network на кардиоторакални хирурзи
2011 Европско здружение за кардиологија
2011 Здружение за заболувања на срцеви валвули
2012 Интернационално здружение за трансплантација на срце и бели дробови
2013 Светско здружение на кардиоторакални хирурзи.

**Членство во македонски здруженија**

2007 Управен одбор, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Македонија
2011 Македонско здружение за нефрологија, дијализа, трансплантација и вештачки органи

2011 Здружение за кардиоваскуларна хирургија на Македонија (основач и претседател).

**Препознаени награди и номинации:**
2003 Награда за хуманост, Скопје, Македонија
2004 Награда за најдобар приказ на случај на 10th Jubilee Congress for Cardiothoracic technology, Мајами, Флорида, САД.
2010 Номинација на техно колеџ при Европското здружение за технолошки иновации во кардиохирургијата при третман на корен на аорта
2012 Номинација на техно колеџ при Европското здружение
2014 Награда за најдобра медицинска услуга – Стреса, Италија
2020 13-то Ноемвриска награда на Град Скопје.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***
Д-р Жан Митрев е активно вклучен во стручно-апликативната работа на дијагностичкиот центар во „Жан Митрев клиника“.

**Листа на трудови и евалуација на трудовите за избор на д-р Жан Митрев публикувани во последните 5 години**
***Трудови со оригинални научни резултати објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор и списанија со фактор на влијание (IF):***
1 Petar Risteski[1], Tanja Angusheva[2],Rodney Rosalia[2],Sonja Grazdani[3],Milka Klincheva[2],Venko Filipche[4],Marjan Shokarovski[3],Aron Frederik Popov[5], Sasko Jovev[3], Zan Mitrev[2] .Outcomes with Ventricular Assist Device Therapu for Advanced Heart Failure in North Macedonia:First Annal Report .HSF 2020:3025 23(4) (Epub June 2020)
Во овој труд се дадени сумарно првите едногодишни резултати од програмата за третман на пациенти со терминален стадиум на срцева слабост со примена на механичка циркулаторна потпора. Резултатите се сумарни од два кардиохируршки центра. Резултатите демонстрираа успешен почеток на ВАД програмата во РС Македонија.
PetarRisteskiMD12 ZanMitrevMD1 Michel Pompeu B.O.SáMD, PhD34RodneyRosalia PhD1 Aortic valve neocuspidisation using xenologous pericardium verus bioprosthetic valve replacement Elsevier https://doi.org/10.1016/j.athoracsur.2021.04.099
Овој труд претставува приказ на случај на пациент со изразена аортна стеноза кој подложи на хируршки третман - реконструктивна хирургија на сепаратна замена на трите залистоци со новокреирани залистоци од перикарден пач. Даден е детален опис на хируршката техника и направена добра компаративна статистика со конвеционалната хируршка метоза замена на аортната валвула со протеза кај 412 пациенти со тешка аортна стеноза и мал аортен корен. Резултатите од 6-годишно следење покажаа дека оваа група на пациенти имаат помала инциденца на реоперации со подобар клинички исход. Во споредна со конвенционалните хируршки техники на замена на аортната валвула со протеза.
*Tanja Anguseva,Zan Mitrev, Predrag Milojevic, Milka Zdravkovska[1]*Evaluation of Prognosis of Aortic Valve Stenosis: A New Approach Based on Transvalvular Energy Loss Index. oaOJMS / https://doi.org/10.3889/oamjms.2020.5498
Во овој труд се евалуира ефектот на реконструктивната хирургија на аортната валвуларна стеноза. Со примената на индексот на трансвалвуларно губење на енергија направена е евалуација на исходот по реконструктивната хирургија кај 377 пациенти со долговременски период на следење од 18 години. Резултатите покажаа дека индексот на трансвалвуларно губење на енергија (ELI) е подобар предиктор во однос на големината на отворот на аортната валвула (EOA) за процена на миокардната резерва кај пациентите со умерена и тешка аортна стеноза во постреконструктивната хирургија на аортната валвула.
1 Zan Mitrev,Tanja Anguseva,Zvonko AtanasovчTrauma of the Heart and Gerat Vessels Cardiolog Res *Cardiovasc Med 2 CRCM-115* 2017; (ISSN: 2575-7083)
Траумата на големите крвни садови и срцето се карактеризираат со специфична анатомска локација и механизам на повреда (компресивна или пенетрирачка). Менаџмент стратегијата на овие повреди директно зависи од големината и од механизмот на

настанување на повредата. Напреднатата имиџинг технологија и катетер базираните дијагностички процедури овозможуваат брза егзактна дијагностика со можност на поефективен интервентен третман. Но и покрај ова стандардните хируршки процедури на отворено срце се неопходни при многу трауми на срцето и големите крвни садови. Но во повеќето центри во светот поради специфичноста на овие состојби се формираат мултидисциплинарни тимови за дијагностика третман и следење на овие пациенти. Во овој оригинален труд авторот дава приказ на менаџмент стратегија при разни видови траума од типот на удар, компресија и убодни рани на срцето и големите крвни садови сумарно преку презентацијата на клиничката студија на 22 третирани пациенти.

2 Tanja Anguseva, Zan Mitrev /Right Ventricular Myxoma, J.surg.2017 (ISSN: 2575-9760)

Во овој труд авторите прикажуваат случај на 13-годишно момче со миксом во ретка позиција на десна комора со пропагација кон трикуспидната валвула и кон излезниот тракт на десната комора. Во трудот е опишана детално хируршката техника за отстранување на туморот. Патохистолошкиот наод потврдил дека се работи за миксом со налепени тромботични маси.

Milev I, Zafirovska P, Zimbakov Z, Idrizi S, Ampova-Sokolov V, Gogieva E, Ilievska Lj, Toshevski G, Hristov N, Georgievska-Ismail Lj, Angusheva T, Mitrev Z. Transcatheter Closure of Patent Foramen Ovale: A Single Center Experience. *Open Access Maced J Med Sci*. http://dx.doi.org/10.3889/oamjms.2016.113

Во овој труд се претставени резултатите од перкутано затворање на патент форамен овале (ПФО) кај 52 пациенти кои се презентирале со мозочен удар, транзиторна исхемична атака и изразена мигрена со аура. Проследени се пери-интервентните компликации, успешноста на методата, а пациетните се следени во тек на 2 години за појава на нови несакани збиднувања. Авторите заклучуваат дека перкутаното транскакетерско затворање на ПФО е безбедна и ефективна процедура со среднорочно ослободување од нови невролошки несакани ефекти и значително намалување на изразеноста на симптомите на мигрена.

7. Tanja Anguseva, Zan Mitrev/Emergencies in Cardiovascular Surgery-A Clinical Judgment and Treatment Strategy, *Cardiovasc Med 2 CRCM-115*/DOI:10.29011/2575-7083.000019

Ургентната хирургија е дел од секојдневната пракса на кардиохируршките центри и ги опфаќа пациентите со акутен коронарен синдром, ендокардит, валвуларна хирургија, траума акутна аортна дисекција, акутна емболизација и Le Riche синдром. Во овој труд авторот ретроспективно ги прикажува 12-годишните резултати од 10023 кардиоваскуларни пациенти над кои е применета итна кардиоваскуларна процедура. Сумарно искуството од овој труд поентира дека при навремената дијагностика и поентирање на ризик-факторите се неопходни во одлуката за хируршкиот менаџмент кај овие болни. Искуството покажа дека е неопходен мултидисциплинарна евалуација и тимски пристап при донесувањето на одлуката за итна хируршка процедура.

8. Antoanela Fara[1], Zan Mitrev[2],Rodney Rosalia[2], Bakri Assas[2]/Cytokine storm and COVID-19: a chronicle of pro-inflamatory cytokines;Open Biol.2020 *doi:10.1098*rsob.200160

Корона пандемијата отвори ново поле на истражување на медицината. Акутните компликации на ова заболување како акутниот дистрес синдром, срцевата слабост, бубрежната инсуфициенција, црнодробната слабост, мултиорганската слабост и шоковата состојба многу често се компликација на КОВИД 19 заболувањето. Анализата на патолошките механизми покажа дека во заднина на ова заболување покажа дека е хиперинфламаторниот одговор и тригерирање на продукција на цитокините. Терминот синдром на цитокинска бура е само маркер за тежината на КОВИД 19 заболувањето. Во овој труд е направена анализа на проинфламаторните маркери од фамилијата на интерлеукини, како и адекватните промени во клеточниот имунитет. Овие анализи дозволија вклучување на нови медикаменти во терапевтскиот пристап на КОВИД 19 заболувањето, како што се крвна пурификација, адсопција на цитокините, но сепак сè уште главен двигател на негативната каскада на цитокинската бура останува интерлеукинот 6.

9.Aleksandra Kapedanovska-Nestorovksa, Aleksandar Dimovski, Zoran Sterjev, Nadica Matovska Deskovska,Ljubica Suturkova, Petar Ugurov, Zan Mitrev, Rodney Rosalia/The

AKR1D1*36(rs1872930)Allelis Variant is IndepenentlyAssociated With Clopidogrel Treatment Outcome, Pharmgenomics Pars.Med 2019;12:285-295

Целта на овој труд беше да се потенцира поврзаноста на AKR1D1*36(rs1872930) алелот со ризикот за појава на мајорни кардиоваскуларни компликации кај пациенти кои се третирани со клопидогрел, како и пократок век на преживување. Кохортната студија која е спроведена на 198 ургентни кардиоваскуларни пациенти ја потврди оваа поврзаност, што ни даде за право кај оваа група пациенти наместо на клопидгрел да се внесат новите НОАК препарати.

10. Sanja Mehandziska[1], Aleksandra Stajkovska[2], Margarita Stavrevska[1],Kristina Jakovleva[1],Marija Janevska[2],Rodney Rosalia[1], Ivan kungulovski[2],Zan Mitrev[1], Goran Kungulovski[2/]Workflow for the Implementation of Precision Genomics in Healthcare, Front Genet.2020 11:619

Целта на овој труд беше да се детектира феномот на популацијата која живее во РС Македонија. Истото е направено со примена на генетска карта кај доброволци. Примената на анализата на персоналната генетска карта овозможува правилен пристап и превенција на одделни заболувања на персонално ниво. Персонализираната медицина е проактивен пристап, што овозможува кај пациентот да се направи навремено откривање на предиспозицијата кон одделни заболувања и да се направи адекватен медикаментозен план, план за промена на начин на живот и животна средина за превенција на развој на истата.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложените документи, како и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Жан Митрев има голем придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го избере д-р сци. Жан Митрев во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област кардиоваскуларна хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Андреја Арсовски, претседател, с.р.**
**Д-р Сашко Јовев, член, с.р.**
**Д-р Љубица Георгиевска-Исмаил, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**
**д-р Жан Митрев**

| Р.бр. | **Наставно-образовна дејност** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. бр. | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) (15/10/5)<br><br>**Труд со реден број 4 – прв автор (1 x 15 )**<br>**Труд со реден број 2, 5, 7 и 8 – втор автор**<br>(4 x 10)<br>**Труд со реден број 1, 2, 9 и 10 – останати автори**<br>(3 x 5 x 0,7 = 10,5 + 1 x 5 = 5) | 1 x 15 = 15<br>4 x 10 = 40<br>3 x 5 x 0,7 = 10,5<br>1 x 5 = 5 | | | | **70,5** |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) ( 9/6/3)<br><br>**Труд под реден број 3 – втор автор (1 x 6)**<br>**Труд со реден број 6 – останати автори автори**<br><br>**(1 x 3 x 0,7)** | 1 x 6 = 6<br>1 x 3 x 0,7 = 2,1 | | | | **8,1** |
| 10 | Одбранета докторска дисертација | 8 | | | | **8** |
| 11 | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | | 6 | | | **6** |
| 12 | Одбранет магистерски труд | | 4 | | | **4** |
| 23 | Студиски престој во странство | 8 | | | | **8** |
| | **Вкупно** | | | | | **104,6** |
| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 22 | Награди-признанија за научни-постигнувања | 2 x 5 | | 4 x 10 | | **50** |
| 26 | Раководител / директор на КБ „Жан Митрев клиника“ | 1 x 3 | | | | **3** |
| 29 | JCI акредитација и реак. КБ „Жан Митрев клиника“ редитација на | 1 x 2 | | | | **2** |
| | **Вкупно** | | | | | **55** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **159,6 бода** | | | | |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-267/3 од 15.9.2021 година донесена на 265. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 15.9.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научна област ортопедски болести (30215) на Факултетот за медицински науки при универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

– д-р Зоран Божиновски – редовен професор за наставно-научната област Ортопедски болести, Медицински факултет - Скопје, УКИМ – претседател;
– д-р Љупчо Каревски – редовен професор во пензија за наставно-научната област ортопедски болести – член;
– д-р Константин Митев – насловен вонреден професор за наставно-научната област трауматологија, Факултет за медицински науки – Штип, УГД – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 2.9.2021 година и во предвидениот рок се пријави: доцент д-р Јасмин Цирувири, вработен во ГОБ „8-ми Септември“ - Скопје и на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Доцент д-р Јасмин Цирувири е роден на 11.7.1962 година во Скопје Македонија. Основно училиште и гимназија завршува во Скопје. Со студиите на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје започнува по отслужување на воениот рок, во студиската 1981/1982 година и дипломира во студиската 1987/1988 година, со просечен успех 8,8.

Од 1989 до 1991 година волонтира на Клиниката за ортопедија при Медицинскиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Љупчо Серафимовски. Во 1991 година се вработува како доктор на пракса во тогашната Воена болница на Министерството за одбрана, сегашна „8-ми Септември“. До 1992 година д-р Цирувири поминува општа медицинска пракса. Во март истата година станува управник на Воената амбуланта за семејна медицинска пракса за воената област Тетово. Семејната медицинска пракса за војниците, старешините и членовите на нивните семејства во воената област – Тетово ја врши до септември 1995 година, кога започнува со специјализацијата на Клиниката за ортопедија на Медицинскиот факултет пру УКИМ во Скопје. По завршувањето на специјализацијата по ортопедија, во декември 1999 година, д-р Јасмин Цирувири работи како ортопедски хирург на Одделот за ортопедија и трауматологија во Воената болница во Скопје.

Во август 2001 година д-р Јасмин Цирувири е поставен за началник на Одделението за трауматологија во Одделот за ортопедска и трауматолошка хирургија во Воената болница во Скопје. Во мај 2007 година е назначен за началник на целиот Оддел за ортопедија и трауматологија во Воената болница во Скопје.

Притоа, тој работи на планирање, организирање, раководење, координација на процесите на лекарските прегледи, дијагностика, начини на лекување преку конзервативни третмани и хируршки интервенции, методи на постоперативни третмани на Одделот, сè до август 2017 година, кога е именуван за началник на хируршките одделенија во ГОБ „8-ми Септември“ - Скопје, позиција на која е сè уште.

За време на здравствената криза поради светската пандемија од ковид-19, од март 2019 година и тековно, д-р Јасмин Циривири е назначен и за координатор на Ковид центарот во ГОБ „8-ми Септември“ - Скопје, преку кој се згрижени и третирани илјадници пациенти заразени од корона вирусот. За цело времетраење на вонредната состојба поради пандемијата до ковид-19, д-р Циривири е активно вклучен во организирањето на работата во целата болница, во планирањето на оперативните третмани на хируршките одделенија, распоредувањето на персоналот, утврдувањето на протоколите за заштита од ковид, како и на протоколите за лекување, како и активно учество во секојдневното функционирање на Центарот и на болницата во услови на пандемија.

Докторската дисертација на тема „Третман во две фази на инфицирани ендопротези на колк и колено со примена на антибиотски спејсер“ ја одбранува на во септември 2016 година и се стекнува со звањето доктор на медицински науки.

***Стручна дејност***

Како член на Редакцискиот одбор на Acta Ortopedica et Traumatologica Macedonica на МАДОТ – Македонско друштво на ортопеди и трауматолози активно учествува во повеќе организациски комитети за секој настан кој е во организација на МАДОТ.

Функцијата секретар на Друштвото ја врши од септември 2021 година.

Во 2019 година е претседател на Комисијата за полагање на испит за проверка на стручни знаења и способности при Лекарската комора на Република Македонија.

Како дел од активностите на Проектот на проф. д-р Javad Parvizi за поставување на протокол за дијагноза и лекување на инфекции на имплантирани ендопротези, избран е за член на меѓународниот консензус (еден од 400 претставници ортопедски-хирурзи) за донесување нови протоколи-процедури во третманот на оваа сложена компликација во 2019 година.

Од 2018 г. е член на Комсијата за лекување на воени инвалиди на Република Северна Македонија, формирана од Министерството за труд и социјална заштита.

Вештак е во Државен завод за судски вештачења од областа на ортопедијата и трауматологијата, од 2014 година.

Во септември 2010 година д-р Циривири се здобива со лиценца на De Puy Institute во Германија, за инструктор за ревизија на имплантирани ендопротези на колк и колено.

***Наставна дејност***

На 16.3.2017 година, со Одлука 2002-84/85 Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, го избира д-р Јасмин Циривири за доцент за наставно -научната област ортопедија со трауматологија.

***Научна дејност***

Едукацијата на д-р Циривири започнува веднаш по неговата специјализација. Тој учествува со свои трудови, но и како слушател, на бројни работилници, стручни секции и настани од научно-едукативен карактер, почнувајќи од 2001 г., па сè до денес.

Има неколку едукативни престои во реномирани центри во Европа и САД, од кои најзначајни се едукацијата за минимално инвазивен преден пристап на колк во специјалната ортопедска болница во Валдотра - Словенија и Рим - Италија, едукација за аугментација на колк во Artrex Institute - Германија, едукација за хирургија на колк и колено во Военомедицинската академија на Турција и на Американската академија за ортопедска хирургија, потоа во Австрија и сл. Присуствува и како едукатор активно учествува во неколку обуки во земјава и на Балканот кои се однесуваат на хирургијата на колк и колено.

Бил организатор на голем број едукации за ортопедија во земјава, наменети за лекари специјалисти: ортопеди, медицински сестри и физиотерапевти.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор:***

**Општи услови**

1. Остварен просечен успех од 8,8 на студиите од прв циклус на Медицинскиот факултет

при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје;
2. Доктор на науки од обласа на медицината - докторската дисертација на тема „Третман во две фази на инфицирани ендопротези на колк и колено со примена на антибиотски спејсер“, одбранета на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје на 13.9.2016 година.
3. Со Одлука бр. 2002-84/85 од 16.3.2017 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип е избран за наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област ортопедија со трауматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за период од 4 години.
4. Објавени 5 (пет) научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните 5 години.
5. Познавање на 1 странски јазик – англиски.
6. Демонстрирана способност за изведување високообразовна дејност; во изминатиот период д-р Циривири беше вклучен како наставник – доцент во наставата по предметите Ортопедија со трауматологија и Прва медицинска помош. Доцент д-р Јасмин Циривири беше член на комисии за одбрана на повеќе дипломски трудови, како и член на комисии за одбрана на специјалистички испит (4).

**Посебни услови**

**Листа на научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните 5 години**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Jasmin Ciriviri**, Zoran Nestorovski, Darko Talevski, Tode Vranishkovski, Hristijan Kostov | Treatment of acetabular defects with porous metal augments in revision hip surgery | CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci.,XL,2,2019, ISSN 1857-9345,UDC 616,718-089.843(497,7)”2015/2017 | 2019 |
| 2. | H Kostov, A. Dimovska-Gavrilovska,A. Gavrilovski, **J. Ciriviri** | Patient with Ancylosing Spondylitis-Bechterew disease and fracture of C4-C5 with primarly quadriplegia | MEDICUS ISSN 1409-6366, UDC 61 Vol-24(2)-2019 | 2019 |
| 3. | H. Kostov, T. Vranishkoski, **J. Ciriviri** | One-Level Lumbar Spondylosis | Мак.Мед. Преглед 2019; 73(1):9-14 | 2019 |
| 4. | H Kostov, A. Dimovska-Gavrilovska,A. Gavrilovski, **J. Ciriviri** | Managing of AC dislocation Grade III or IV with surgical tight rope system treatment, a retrospective study in the period of 2015 to 2018 | MEDICUS ISSN 1409-6366, UDC 61 Vol-24(1)-2019 | 2019 |
| 5. | T. Vranishkovski, H. Kostov**, J. Ciriviri** | Giant cell tumor of the lumbar spine-one case report | MEDICUS ISSN 1409-6366, UDC 61 Vol-24(3)-2019 | 2019 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

По објавениот Конкурс за избор на наставник во насловно звање доцент во 2016 година, кандидатот е избран за доцент за наставно-научната област Ортопедија со трауматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Одлука бр. 2002-84/85 од 16.3.2017 година.

Во периодот по изборот, доцент д-р Јасмин Циривири предавал на студиските програми: Општа медицина и Стручните студии за медицински сестри физиотерапевти, на следниве предмети:

- Ортопедија
- Прва медицинска помош.

Учествувал како член на Комисија за одбрана на дипломски трудови (>5 пати), како член на Комисија за полагање на специјалистички испит (4),

Ментор е на 7 лекари на специјализација по ортопедија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, а вклучен е во едукација на лекарите специјализанти.

**Листа на трудови и активности од реализирана наставно-образовна и научноистражувачка дејност на доцент д-р Јасмин Циривири во последните 5 години:**

I. **Научен труд објавен во меѓународно научно списание:**

1. **Jasmin Ciriviri**, Zoran Nestorovski, Darko Talevski, Tode Vranishkovski, Hristijan Kostov- Treatment of acetabular defects with porous metal augments in revision hip surgery- CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci.,XL,2,2019 ISSN 1857-9345,UDC 616,718-089.843(497,7)"2015/2017

Во трудот се прикажани резултати од третман на коскени ацетабуларни дефекти третирани со порозен метален аугмент (надградба). Јасно се дефинирани индикациите кога се користат аугментациите при ревизија на колк, кои се предностите од неговата апликација, хируршката техника која се користи за апликација на метални аугменти, како и постоперативното следење на резултатите со јасно укажување на предноста на користење на оваа техника споредбено со други начини на лекување на коскените дефекти на ацетабуларната јама по олабавување на претходно имплантирана ендопротеза со последица на големи коскени дефекти. Анализата покажува солидни радиографски и клинички резултати со добро коскено враснување на металниот аугмент и добра стабилност. Анализирани се 37 оперативно лекувани пациенти во период од 2015-2017 година.

2. H Kostov, A. Dimovska-Gavrilovska, A. Gavrilovski, **J. Ciriviri,** Patient with Ancylosing Spondylitis-Bechterew disease and fracture of C4-C5 with primarly quadriplegia, MEDICUS ISSN 1409-6366, UDC 61 Vol-24(2)-2019

Во трудот е објаснет пристапот кон дијагноза и третман на фрактура на четвртиот и петтиот цервикален прешлен по спортска траума. Непосредно по повредата се јавува квадриплегија. По дијагностицирање на повредата е преземен третман со заден пристап заради придружната Бехтерова состојба и компресија на медулата од задна страна, објаснет е начин на интубација и оперативната техника за стабилизација на повредата.

3. H. Kostov, T. Vraniskoski, **J. Ciriviri,** One-Level Lumbar Spondylosis, Мак.Мед. Преглед 2019; 73(1):9-14

Во трудот се прикажани предноста и недостатоците на конзервативниот метод и оперативниот третман. Прикажан е случај на асиметрична унилатерална лумбална спондилоза на едно ниво кај 15-годишно девојче. Пациентката е третирана хируршки со задна фузија на ниво Л5-С1 со користење на коскен графт од илијачна коска. Резултат на овој репорт е дека со оперативниот третман настанува брзо и стабилно смирување на болката со сочувана функционалност на лумбалниот сегмент. Третманот обезбедува обезболување и превенција од понатамошни повреди на лумбалниот сегмент, земајќи ги предвид и двата фактори кои играат улога во патогенезата-генетскиот фактор и механичкиот фактор на лумбалниот сегмент.

4. H Kostov, A. Dimovska-Gavrilovska,A. Gavrilovski, **J. Ciriviri** , Managing of AC dislocation Grade III or IV with surgical tight rope system treatment, a retrospective study in the period of 2015 to 2018 MEDICUS ISSN 1409-6366, UDC 61 Vol-24(1)-2019,

Во овој труд е прикажан оперативниот третман на акромиоклавикуларна дијастаза со методата Tight rope-нерсорптивен конец посебно наменет за ваков вид на повреда. Трудот опфаќа серија од 32 пациенти оперативно лекувани во период од 2015 до 2018 год. Постоперативно се следени една год. по оперативниот зафат. Опишани се индикациите

за оваа интервенција, минимално инвазивната хируршка техника во третманот, предностите на ваквиот третман без потреба за втора оперативна интервенција за вадење на остеосинтетскиот материјал и брзата постоперативна рехабилитација проследени преку Dash и VAS скоровите.

5. T. Vranishkovski, H. Kostov, **J. Ciriviri,** Giant cell tumor of the lumbar spine-one case report, MEDICUS ISSN 1409-6366, UDC 61 Vol-24(3)-2019

Во трудот е прикажана клиничката слика на овој бенигни но агресивен тумор со непредвидлив исход. Опишани се начинот на дијагностицирање, оперативната техника на отстранување на туморската маса и начинот на стабилизација на прешленските тела по отстранувањето на туморот. Во заклучокот е наведено дека единствен ефективен начин на лекување е оперативниот третман со минуциозна хируршка техника и постоперативно следење за евентуални рани компликации и рецидив на туморот.

**II. Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир:**

6. **J.Ciriviri,** D. Talevski, Z. Nestorovski, T. Vranishkovski, L. Kocev.: Treatment of acetabular defects with porous metal augments in revision hip surgery. Abstract book, IV Congress of MAOT with international participation.26-29.04.2018 Ohrid, Macedonia

Во трудот се опфатени 34 пациенти лекувани оперативно, заради олабавување на едната или двете компоненти на имплантирани ендопротези на колк кај кои настанал голем ацетабуларен дефект и истиот е оперативно лекуван со надградба од порозен метал. Опишан е начинот на дијагностицирање на дефектот, оперативната техника која е применета во лекувањето и постоперативниот период на следење на резултатите според Харис-Хип скорот. Наведено е како заклучок дека оваа метода на лекување овозможува добра и брза стабилизација на ацетабуларната компонента со враснување на порозниот материјал во коскеното ткиво и стабилно оптоварување на оперираниот екстремитет.

7. **J.Ciriviri,** Z. Nestorovski, T. Vranishkovski, N. Petkov, D. Talevski, L. Kocev: Two stage revision surgery for infected hip and knee endoprothesis using antibiotics spacer. Abstract book, IV Congress of MAOT with international participation 26-29.04.2018 Ohrid, Macedonia

Во трудот се опфатени 50 пациенти кај кои настанала инфекција како компликација на имплантирани ендопротези на колк и колено. Опишан е третманот во две фази на лекување со употреба на антибиотски спејсер од сопствено производство во првата фаза на лекување и дефинитивниот третман си имплантирање на ревизиони ендопротези. Трудот ја опфаќа целокупната евалуација на предоперативниот и постоперативниот третман со примена на протокол за дијагноза и лекување. Објавено е солидно постоперативно следење на резултатите од аспект на успех во излекувањето на инфекцијата и функционалниот аспект на третманот.

8. **J.Ciriviri,** D. Talevski, Z. Nestorovski, N. Petkov. Treatment of loosening on implants components in revision hip surgery. Book of abstracts, II Congress of ortopedics and traumatology of Bosnia and Hercegovina with international participation. 27-28.september 2018, Mostar, Bosnia and Hercegovina.

Во трудот се опфатени 52 пациенти, лекувани оперативно, заради олабавување на едната или двете компоненти на имплантирани ендопротези на колк кај кои настанал голем коскен дефект и истиот е оперативно лекуван. Опишан е начинот на дијагностицирање на дефектот, оперативната техника која е применета во лекувањето и постоперативниот период на следење на резултатите според Харис-Хип скорот. Наведено е како заклучок дека оваа метода на лекување овозможува добра и брза стабилизација на компонентите од ревизионите ендопротетски материјали со враснување на порозниот материјал во коскеното ткиво и стабилно оптоварување на оперираниот екстремитет.

9. **J.Ciriviri,** D. Talevski, Z. Nestorovski, T. Vranishkovski, L. Kocev. Treatment of acetabular defects with porous metal augments in revision hip surgery. Abstract book, First AMOT Congres with international participation. Hotel Splendid, Bechici. 26-28 September 2019 Becici, Monte Negro.

Во трудот се опфатени 42 пациенти, лекувани оперативно, заради олабавување на едната или двете компоненти на имплантирани ендопротези на колк кај кои настанал голем ацетабуларен дефект и истиот е оперативно лекуван со надградба од порозен

метал. Опишан е начинот на дијагностицирање на дефектот, оперативната техника која е применета во лекувањето и постоперативниот период на следење на резултатите според Харис-Хип скорот.

**III. Пленарно предавање на научен собир:**

10. **J. Ciriviri** Distal Humeral Fractures. AO Trauma Course Europe and Southern Africa, Skopje, Macedonia 27-28 October 2017

Презентацијата се однесува на повреди на дисталниот дел на хумерусот, механизам на повреда, дијагноза, класификација и конзервативен и оперативен третман. Воедно е и едукатор на група од десет слушатели за теоретски апликативен пристап на третманот на повредите во предел на лакотот.

11. **J. Ciriviri** Plato-tibial Fractures. AO Trauma Course Europe and Southern Africa, Skopje,Macedonia. 23-24 November 2018

Презентација на класификација на фрактури на проксимален дел на тибиа со осврт на клиничката слика, дијагнозата и третманот на повредите во зависност од класификацијата на повредата согласно со АО класификација. Воедно е и едукатор на група од десет слушатели на курсот за теоретски и апликативен третман на повреди на калканеус.

12. **J. Ciriviri CEE** Experts meeting with prof. Barett, Johnson-Johnson Iinstitute. Online October 14th 2020.

Презентацијата се однесува на оперативно лекување на комплицирана гонартроза со примена на примарна ендопротеза. Прецизно е објаснета хируршката техника со сите предизвици кои се јавиле за време на оперативниот третман и презентација на постоперативниот рендгенолошки и клинички резултат. Курсот е одржан за 50 слушатели искусни хирурзи во оваа област.

**IV. Секциско предавање на научен собир:**

13. **Ј.Циривири,** „Третман на остеопоротични фрактури"- Секциски состанок на Македонското друштво на ортопеди и трауматолози и македонската асоцијација за применета дензитометрија Современ тераписки пристап кон најчестите фрактури на колкот во ортопедската пракса. Штип, 19.10.2018 г.

14. **Ј. Циривири,** „Интердисциплинарен и мултимодален концепт во третман на болка" - Секциски состанок на Македонска ревматолошка асоцијација и македонска асоцијација на ортопеди и трауматолози, Скопје, 22.11.2018 г.

15.**Ј.Циривири,** „Артропластика на долен екстремитет" - Секциски состанок на Македонското здружение за ортопедија и трауматологија, Скопје, 26.2.2020 г.

16. **Ј. Циривири,** „Третман на болка - Наука или уметност" - Секциски состанок на Македонско друштво на ортопеди и трауматолози, Здружение на физијатри на Македонија и Македонска ревматолошка асоцијација, Скопје, 24 февруари 2021 г.

17. **Ј. Циривири,** „Тромбопрофилакса кај ортопедски и трауматолошки пациенти"- Секциски состанок на македонското друштво на ортопеди и трауматолози. 23.9.2021 г.

**V. Член на Научен одбор на научен собир (4. Конгрес на ортопеди и трауматолози на Македонија)**

**Листа на трудови и активности од остварената стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на доцент д-р Јасмин Циривири**

**I. Скрипта по ортопедија со трауматологија:**

**Автор Ј. Циривири, 2021**

Скриптата е напишана на 111 страници во А4 формат, лекторирана, рецензирана и одобрена од Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Штип. Во почетниот дел е прикажан историскиот развој на ортопедијата, потоа се опфатени најчестите поглавја од ортопедските заболувања кај возрасните и во детска возраст, нивната клиничка слика, посебни тестови на испитување, специфични инвестигации, дијагноза и современ третман.

**II. Практикум по ортопедија со трауматологија**
**Автор Ј. Циривири, 2020(1)**

Во практикумот се опишани најчестите тестови од клиничкиот преглед, распоредени по системи кои овозможуваат иницијални сознанија за ортопедскиот статус кај болен или повреден пациент. Исто така, опишани се и современите дијагностички процедури кои ја помагаат дијагнозата на ортопедска болест или повреда. Практикумот е напишан на 36 страници во боја, поседува цртежи и слики кои значително го потпомагаат објаснувањето во текстот. Истиот е рецензиран и одобрен од Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Штип.

**III. Инструктор на „Johnson-Johnson Institute" за Југоисточна Европа за имплантација на ендопротези на колк и колено**

Доцент д-р Јасмин Циривири е едукатор од 2019 година за „Hand on Hand surgery" на Џонсоновиот институт за Југоисточна Европа. Два пати во годината обучува специјалисти по ортопедија за имплантација на колк и колено. Обуката е дводневна, со присуство на двајца специјалисти кои присуствуваат на 4 оперативни интервенции и теоретски предавања за индикациите и хируршката техника во лекувањето.

**IV. Член на Редакцискиот одбор на Acta Ortopedica et Traumatologica Macedonica на МАДОТ** – Македонско друштво на ортопеди и трауматолози активно учествува во повеќе организациски комитети за секој настан кој е во организација на МАДОТ.

**V. Функцијата секретар на Друштвото** ја врши од септември 2021 година.

**VI. Во периодот 2019 година бил претседател на Комисијата за полагање на испит за проверка на стручни знаења и способности при Лекарската комора на Република Македонија.**

**VII.** Како дел од активностите на проектот на проф. д-р Javad Parvizi за поставување на протокол за дијагноза и лекување на инфекции на имплантирани ендопротези, избран е за **член на Меѓународниот консензус** (еден од 400-ната претставници ортопедски-хирурзи) од целиот свет за донесување нови протоколи-процедури во третманот на оваа сложена компликација во 2019 година.

**VIII.** Од 2018 е **член на Комисијата за лекување на воени инвалиди** на Република Северна Македонија, формирана од Министерството за труд и социјална заштита.

**IX. Вештак е во Државен завод за судски вештачења** од областа на ортопедијата и трауматологијата, од 2014 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализа на целокупната доставена документација, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа доцент д-р Јасмин Циривири, вработен во ГОБ „8-ми Септември", има голем придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност и ги исполнува сите законски услови за избор во звањето вонреден професор за наставно-научната област ортопедски болести.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го избере доцент д-р Јасмин Циривири во звање вонреден професор за наставно-научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Зоран Божиновски, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Љупчо Каревски, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Константин Митев, насл. вонреден професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ
### вонреден професор д-р Јасмин Циривири

| Р.бр. | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Избор во звање доцент | 30 | | | | |
| | | | | | | |
| | **Вкупно** | **30** | | | | |
| Р. бр. | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) ( 9/6/3)<br>**Труд под реден број 1 - прв автор:**<br>**Трудови под реден број 2, 3, 4 и 5 - останати автори** | 1 X 9 = 9<br>4 x 3 = 12 | | | | **21** |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови на научен собир<br>**Во земјава - Трудови под реден број 6 и 7**<br>**Во странство - Трудови под реден број 8 и 9** | 2 x 2 = 4 | | 2 x 3 = 6 | | **10** |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир<br>**Дома - под реден број 10 и 11**<br>**Странство - под реден број 12** | 2 x 3 = 6 | | 1 x 6 = 6 | | **12** |
| 7 | Секциско предавање на научен собир<br>**Дома -под реден број 13, 14, 15, 16 и 17** | 5 x 2 = 10 | | | | **10** |
| 10 | Одбранета докторска дисертација | 8 | | | | **8** |
| 11 | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | 6 | | | | **6** |
| 16 | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 2 | | | | **2** |
| 19 | Претседател на организациски или научен одбор на научен собир | 2 | | | | **2** |
| 23 | Студиски престој во странство | 8 | | | | **8** |
| 24 | Рецензент на научен труд | 8 x 1,5 = 12 | | | | **12** |
| | **Вкупно** | | | | | **91** |
| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 13 | Учесник во научен проект | | | 1 x 8 | | **8** |
| 16 | Изработен и рецензиран програмски пакет | | | 1 x 6 | | **6** |
| 26 | Раководител на катедра/оддел/центар | 3 | | | | **3** |
| 27 | Член на универзитетски или владини тела | 2 x 5 | | | | **10** |
| 29 | Член на институтски орган, комисија | 2 x 2 | | | | **4** |
| | **Вкупно** | | | | | **31** |
| **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | **152 бода** | | | | |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДИЈАТРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-210/12 од 24.6.2021 година донесена на 261. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 24.6.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно научната област педијатрија, двајца извршители, на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

- **проф. д-р Елизабета Зисовска**, редовен професор за наставно-научната област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, вработена на ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје – претседател;
- **проф. д-р Соња Пеова**, редовен професор во пензија за наставно-научната област педијатрија – член;
- **Проф. д-р Милка Здравковска**, редовен професор за наставно-научната област епидемиологија и здравствена статистика и информатика, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 9.6.2021 година и во предвидениот рок се пријавија 2 кандидатки:

- д-р Марија Димитровска-Иванова, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на педијатријата;
- д-р Снежана Палчевска-Коцевска, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на педијатријата.

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Снежана Палчевска-Коцевска е родена во 1965 година во Скопје. Медицинскиот факултет го завршува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во 1989 година како прв дипломиран лекар во генерацијата, со просечен успех од 9.20.

Од 1992 година, д-р Снежана Палчевска е вработена на Клиниката за детски болести. Специјализацијата по педијатрија ја завршува во 1997 година, по што е распределена како лекар на Одделот на неонатологија на Клиниката за детски болести. Во 2006 година го брани својот магистерски труд во областа на протеинските уринарни профили кај здрави новородени со примена на СДС ПАГ Електрофореза водена од менторот проф. д-р Велибор Тасиќ. Раководител на Одделот за неонатологија станува во 2010 година и функцијата ја извршува со успех во тек на следните 5 години, во тек на кои воведува нови методи за дијагностика и третман и активно се ја организира континуиранaта медицинска едукација на персоналот на одделот. Докторската дисертација успешно ја брани во 2013 година на тема „Влијание на гестациската возраст и телесната маса врз гликозниот и липидниот метаболизам во неонатална возраст“, под менторство на проф. д-р Мирјана Кочова.

Од 2015 година д-р Палчевска својата професионална кариера ја продолжува во Клиничката болница „Аџибадем-Систина“, како педијатар и неонатолог на Одделот за неонатологија и неонатална интензивна нега.

**Наставно-образовна дејност**

Во 1999 година д-р Снежана Палчевска е избрана за асистент на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Вклучена е во сите активности на Катедрата за педијатрија. Активно учествува во изведувањето на практичната настава по предметите: Педијатрија, Клиничко испитување, Стоматологија и Ургентна медицина. Според студентските евалуација постојано е највисоко оценета, а во два наврати е избрана за најдобар асистент по предметот Педијатрија. Учествува како ментор и како едукатор на специјализантите по педијатрија и на специјализантите по семејна медицина.

Во 2011 година одржува предавање на Симпозиумот за рана интервенција и развојни нарушувања со меѓународно учество - Охрид.

Во годишните семинари за лекари на специјализација одржала предавања на Семинарот по неонатологија, наменет за специјализантите по педијатрија во склоп на континуираната медицинска едукација.

Во 2015 година д-р Палчевска е избрана за доцент на Медицинскиот факултет во Скопје, во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј». Нејзината стручност и посветеност на едукација на студентите и специјализантите секогаш е препознаена и ценета.

**Научноистражувачка дејност и стручно усовршување**

Д-р Снежана Палчевска активно учествува на голем број конгреси, семинари и работилници од областа на педијатријата и неонатологијата во земјава и во странство. Во 2011 г. активно учествува со предавање на симпозиум за рана интервенција и развојни нарушувања. Во 2012 година учествува на курс за неонатален ултразвук во Фиренца, Италија. Школа за неонатална реанимација завршува во 2014 година. Во 2015 година активно учествува на клинички семинари за неонатална ендокринологија во Атина, Грција. Во 2015 година е стипендист на Европската академија за пречки во развојот на децата во Виена. Во 2017 и 2018 година д-р Палчевска активно учествува на европскиот и светскиот конгрес за перинатална медицина, во Белград и во Санкт Петербург.

Д-р мед. сци. Снежана Палчевска била активно вклучена во наставно-научната дејност на Клиниката за детски болести во Скопје преку многубројни стручни семинари и презентации. Во текот на својата едукација и континуирано стручно усовршување во областа, д-р Палчевска има остварено повеќе стручни престои во реномирани клинички болници во повеќе држави.

Научноистражувачката активност на д-р мед. сци. Палчевска започнува во периодот кога како млад лекар учествува во истражувања на Клиниката за детски болести во Скопје. Учесник е во 6 научноистражувачки проекти како главен истражувач и коистражувач. Резултатите од своите истражувања ги презентира на многу домашни и меѓународни конгреси и симпозиуми со орални презентации и пленарни предавања. Д-р Палчевска има објавено 70 оригинални научни трудови во домашни и интернационални медицински списанија од кои 45 како автор и 25 како коавтор, од кои 5 се во последниве 5 години. Автор и коавтор е на три книги од областа на неонатологијата, дел од нив сè уште се користат како наставен материјал за специјализантите по педијатрија. Како докажан експерт од областа, докажан низ својата стручно-апликативни работа, д-р Палчевска учества во изработката на националните неонатални протоколи, како член на координативното тело на Министерството за здравство.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Снежана Палчевска-Коцевска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Одделот за неонатологија при Универзитетската клиника за детски болести до 2015 година, потоа продолжува во Клиничката болница „Аџибадем Систина". Член е на Комисијата за стручна ревизија за признавање на специјализации и супспецијализации за дејноста неонатологија завршени во странство, како и на Комисијата за супервизија и стручна ревизија на работата на ГАК неонатологија по налог на Влада на Република Северна Македонија. Член е на повеќе комисии и тела на Клиниката за детски болести, Скопје.

Д-р Снежана Палчевска е член на повеќе домашни и интернационални здруженија од побласта на педијатрија, неонатологија и перинатологија, како и повеќе комисии и тела на Министерството за здравство и Медицинскиот факултет.

Од 2015 година д-р мед. сци. Снежана Палчевска-Коцевска својата професионална кариера ја продолжува во Клиничката болница „Аџибадем-Систина“ како педијатар и неонатолог на Одделот за неонатологија и неонатална интензивна нега. Освен во редовната стручна работа, вклучена е во изведување на практичната настава за студентите на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Република Северна Македонија.

**Општи услови за избор:**

- Просечен успех – додипломски студии 9,2;
- Научен степен – доктор на медицински науки, 2013 година;
- Објавени минимум 4 научни трудови во референтна научна публикација во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание/ Конференција | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Aluloska N, Sofijanova A, Kirovski I, Papazovska-Cherepnalkovski A, **Palcevska S**, Kiteva-Trenchevska G, Tasic V | Malformation spectrum in early diagnosed anomalies of the kidneys and urinary tract. | Medicus. 2017; 22(2):180-6. | |
| **2.** | Алулоска Н, Кировски И, Папазовска-Черепналковски А, **Палчевска С**, Бицевска-Манџуковска Х, Китева-Тренчевска Г, Тасиќ В. | Клинички тек и исход кај пациенти со рано дијагностицирани конгенитални малформации на бубрезите и уринарниот тракт. | Архиви на јавно здравје. 2017; 9(2):5-11. | 13 години |
| **3.** | **Palchevska S**, Gjurkova B, Shukarova E, Stavrikj K, Jovanovska J, Aluloska N. | Dysphagia as an early presentation of DiGeorge Syndrome- case report. | Archives of public Health. 2021;13:1-5 | 13 години |
| **4.** | **Palchevska S**, Spasevska S, Jovanovska J, Tasic V, Aluloska N | Idiopatic infantile hypercalcemia-case report. | JMS 2021;4(1):29-33 | |
| **5.** | Aluloska N, **Palchevska S**, Simeonov R, Guchev Z, Tasic V. | Posterior urethral valve and prenataly resolved multycistic dysplastic kidney. | Contributions. Sec. of Med. Sci., 2021; XLII 1:77-81 | |

-Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик - англиски јазик;

-Способност за изведување на високообразовна дејност;

-Д-р Снежана Палчевска-Коцевска има долгогодишна академска кариера, како едукатор на специјализанти по педијатрија и семејна медицина.

**Посебни услови за избор:**

-Препорака од работодавец и двајца професори;

-Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето.

**Трудови на д-р Снежана Палчевска-Коцевска публикувани во последните 5 години**

*Трудови со оригинални научни резултати објавени во списанија со меѓународенуредувачки одбор:*

1. Aluloska N, Sofijanova A, Kirovski I, Papazovska-Cherepnalkovski A, **Palcevska S**, Kiteva-Trenchevska G, Tasic V. Malformation spectrum in early diagnosed anomalies of the kidneys and urinary tract. Medicus. 2017; 22(2):180-6.

Овој труд претставува студија за спектарот на конгенитални аномалии на бубрезите и уринарниот тракт кај пациенти со рано поставена дијагноза на ЦАКУТ. Студијата е работена на пациенти селектирани во раниот неонатален период, со пренатално поставено сомнение за конгенитална аномалија на бубрезите и уринарниот тракт.

2. Алулоска Н, Кировски И, Папазовска-Черепналковски А, **Палчевска С**, Бицевска-Манџуковска Х, Китева-Тренчевска Г, Тасиќ В. Клинички тек и исход кај пациенти со рано дијагностицирани конгенитални малформации на бубрезите и уринарниот тракт. Архиви на јавно здравје. 2017; 9(2):5-11.

Во оваа студија се прикажани резултатите на клиничкиот тек и исходот кај пациенти со ранодијагностицирани конгенитални аномалии на уринарниот тракт. Потенцирано е значењето на раната дијагноза во спречување на компликации и потреба од ренозаместителна терапија.

3. **Palchevska S**, Gjurkova B, Shukarova E, Stavrikj K, Jovanovska J, Aluloska N. Dysphagia as an early presentation of DiGeorge Syndrome- case report. Archives of public Health. 2021;13:1-5

Овој труд претставува редок случај на атипична презентација на синдромот на Di George. Неонаталната презентација кај пациентите со овој синдром најчесто е конгенитална кардиопатија која често е асоцирана со хипокалцемија. Дисфагија како иницијална презентација е опишана досега само во неколку случаи од литературата.

4. **Palchevska S**, Spasevska S, Jovanovska J, Tasic V, Aluloska N. Idiopatic infantile hypercalcemia-case report. JMS 2021;4(1):29-33

Трудот претставува приказ на Идиопатска инфантилна хиперкалцемија. Акцентот е на потребата од адекватна клиничка проценка и лабораториска обработка на доенчињата со заостанување во растот и тешки дехидратации, повраќање, полиурија или конвулзии. Раната дијагноза е животоспасувачка за овие пациенти.

5. Aluloska N, **Palchevska S**, Simeonov R, Guchev Z, Tasic V. Posterior urethral valve and prenataly resolved multycistic dysplastic kidney. Contributions. Sec. of Med. Sci., 2021; XLII 1:77-81

Ова е уште еден приказ на случај на исклучително ретка аспцијација на две различни конгенитални аномалии на бубрезите и уринарниот тракт. Пренатално дијагностициран мултицистично диспластичен бубрег со пастнатална резолуција и валвула на задна уретра се опишани досега во неколку случаи во светската литература. Важноста на адекватна и навремена дијагноза е во редовно следење со превенција на уринарни инфекции со цел да се спречи терминална бубрежна болест.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која ѝ беше доставена.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Снежана Палчевска-Коцевска во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање насловен доцент. Од целокупната активност на д-р Снежана Палчевска-Коцевска може да се заклучи дека кандидатката остварува значителен напредок во научно-истражувачката дејност. Ова го потврдуваат остварените публикации во списанија со импакт фактор, како и повеќето публикации во меѓународни списанија, бројните презентации на научни и стручни собири во земјата и странство. Истовремено, кандидатката остварува континуиран прогрес и во наставно-образовната дејност и стручно-апликативната дејност.

**Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да ја избере д-р Снежана Палчевска-Коцевска во звањето насловен доцент за наставно-научната област педијатрија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Елизабета Зисовска, редовен професор, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Соња Пеова, редовен професор во пензија, член, с.р.**
**Проф. д-р Милка Здравковска, редовен професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| 1 | Избор во звање помлад асистент | 1 | 10 | / | / | 10 |
| 2 | Избор во звање асистент | 1 | 15 | | | 15 |
| 3 | Избор во звање научен соработник | 1 | 20 | | | 20 |
| 4 | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **75** |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | **Научен труд објавен во списание со ИФ (прв и втор автор)<br>1 x 15 = 15<br>1 x 10 = 10** | 1 | 10 | 1 | 15 | 25 |
| | **Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор)** | 12 | 1 | | | 12 |
| | **Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автор)** | 9 | 1 | | | 9 |
| | **Труд со оригинални научни резултати објавен во научно-стручно списание со меѓународен уредувачки одбор – нерецензирани** | 5 | 1 | | | 5 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир** | 4 | 1 | | | 4 |
| | **Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт** | 20 | 2 | | | 40 |
| | **Одбранета докторска теза** | 1 | 8 | | | 8 |
| | **Одбранет специјалистички труд** | 1 | 6 | | | 6 |
| | **Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал** | 4 | 1 | | | 4 |
| | **Студиски престој во странство** | | | 8 | 1 | 8 |
| | **Учесник во национален научен проект** | 3 | 2 | | | 6 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **127** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско- развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | **Труд во стручно (научно-популарно) списание** | | | | | |
| | **Коавтор на научно популарна книга** | 2 | 2 | | | 4 |
| | **Член на факултетски орган, комисија** | 2 | 2 | | | 4 |
| | **Член на институтски орган, комисија** | 2 | 2 | | | 4 |
| | **Учество на стручен собир со реферат (усно)** | 6 | 2 | | | 12 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **24** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **226** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДИЈАТРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-210/12 од 24.6.2021 година донесена на 261. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 24.6.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно научната област педијатрија, двајца извршители, на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

- **проф д-р Елизабета Зисовска**, редовен професор за наставно-научната област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, вработена на ЈЗУ Универзитетеска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје – претседател;
- **проф. д-р Соња Пеова**, редовен професор во пензија за наставно-научната област педијатрија – член;
- **проф. д-р Милка Здравковска**, редовен професор за наставно-научната област епидемиологија и здравствена статистика и информатика, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 9.6.2021 година и во предвидениот рок се пријавија 2 кандидатки:

– д-р Марија Димитровска-Иванова, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на педијатријата;
– д-р Снежана Палчевска-Коцевска, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на педијатријата.

Врз основа на приложената документација од кандидатките чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Марија Димитровска-Иванова е родена на 23.7.1982 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип со континуиран одличен успех (5.00). Во учебната 2001/2002 година се запишува на студии на Медицинскиот факултет во Скопје. Дипломира на 3.12.2007 година со просечен успех 8,79 и се стекнува со стручнот назив доктор на медицина. По положувањето на стручен државен испит на 26 јуни 2008 година од страна на Лекарската комора на Република Македонија се здобива со Лиценца за работа.

Во 2008 година, со отворањето на Факултетот за медицински науки во Штип е вработена од Матичната комисија со Одлука бр. 0206-1200 како помлад асистент на научно поле фундаментални медицински науки на седницата одржана на 6.8.2008 година. Од 6 јули 2009 год. врз основа на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ се распоредува на Катедра за анатомија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

На 3 мај 2010 година се запишува на специјализација по педијатрија на Клиниката за детски болести-Скопје при Медицинскиот факултет на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје под менторство на пПроф. д-р Стојка Нацева – Фуштиќ.

На Факултетот за медицински науки продолжува да работи и со Одлука бр. 2502-118/12 на 68. седница на Наставно-научниот совет од 29.3.2012 година е избрана во соработничко звање – асистент за наставно-научно поле/ област клинички медицински науки.

На 133. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип, одржана на 29.1.2015 година, со Одлука бр. 2002-43/28 кандидатката ас.д-р Марија Димитровска-Иванова е избрана во асистент-докторанд од областа педијатрија.

На 18.3.2016 година успешно го положува специјалистичкиот испит и се стекнува со стручно звање специјалист по педијатрија.

Во октомври 2016 година се запишува на трет циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, насока – Базични и клинички истражувања во медицината под менторство на проф. д-р Елизабета Зисовска и на 4.1.2021 година ја брани докторската дисертација на тема **„Корелација помеѓу секреторен имуноглобилин А од мајчиното млеко и alpha glutathione S transferase во серум кај доенчиња со акутен гастроентерит"** со просек 10,0 и се стекнува со научно звање доктор на медицински науки.

Од 1.3.2015 година со преземање асистент д-р Марија Димитровска-Иванова започнува да работи на Одделението за педијатрија при ЈЗУ Клиничка болница-Штип како доктор на медицина сè до положувањето на специјалистичкиот испит на 18.3.2016 година кога со решение е прераспределена на работната позиција специјалист по педијатрија.

За време на работниот век асистент д-р Марија Димитровска-Иванова повеќе пати била на усовршување. Од 1.6-31.7.2013 година била стипендист на Владата на Република Словенија и има студиски престој, едукација и тренинг за цистична фиброза и педијатриска гастроентерологија на Детската клиника при Универзитетски клинички центар во Љубљана. Од 22-28.9.2013 година завршува обука од областа на педијатриската гастроентерологија во Салзбург-Австрија. Од 9-15.10.2016 година завршува обука од областа на ургентна педијатрија во Салзбург-Австрија. Од 19-21.9.2019 година завршува мастеркурс за педијатриска исхрана во Порто-Португалија.

Кандидатката д-р Марија Димитровска-Иванова активно се служи со англиски јазик, работа со компјутери и статистичка обработка на податоци во Statistics 7,0 и SPSS.

Кандидатката д-р Марија Димитровска-Иванова е член на Лекарската комора на Република Северна Македонија, Македонско лекарско друштво и Здружението на педијатри на Република Северна Македонија.

До ден-денешен д-р Марија Димитровска-Иванова работи како специјалист педијатар на Одделението за педијатрија при ЈЗУ Клиничка болница-Штип и како ангажиран асистент по педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Општи услови за избор:**

- Просечен успех – додипломски студии 8,79;
- Научен степен – доктор на медицински науки. Докторската дисертација со наслов „Корелација помеѓу секреторен имуноглобилин А од мајчиното млеко и alpha glutathione S transferase во серум кај доенчиња со акутен гастроентерит" е одбранета на 4.1.2021 година на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.
- Објавени минимум 4 научни трудови во референтна научна публикација:

| Бр. | Автори | Наслов на публикацијата | Списание | Импакт фактор Година на излегување |
|---|---|---|---|---|
| | **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta, Nikolova Irena | Intracerebral hemorrhage in an eight year old girl | European Journal of Pediatrics, 2019 Vol. 178 Issue 11, 1761 | IF= 2,305 1910 г |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Nikolova Irena | Child with insect sting induced anaphylaxis. | European Journal of Pediatrics, 2019 Vol. 178 Issue 11, 1644 | IF= 2,305 1910 г |
| | Nikolova Irena, **Dimitrovska-Ivanova Marija,** Doneva Luiza | Is this Caroli disease? | European Journal of Pediatrics, 2019 Vol. 178 Issue 11, 1681 | IF= 2,305 1910 г |
| | Nikolova Irena, **Dimitrovska-Ivanova Marija,** Doneva Luiza | Pleuropneumonia in a 7 year old boy | European Journal of Pediatrics, 2019 Vol. 178 Issue 11, 1795 | IF= 2,305 1910 г |
| | Zisovska Elizabeta, Madzovska Lidija, **Dimitrovska-Ivanova Marija** | Pregnancy induced hypertension and neonatal growth | Knowledge-International Journal 2019 Vol 34(4) 915-919 | 2009 г |
| | Zisovska Elizabeta, Madzovska Lidija, **Dimitrovska-Ivanova Marija** | Transient tachypnea of the newborn | Knowledge-International Journal 2019, Vol. 34(4) 925-929 | 2009 г |
| | **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta | Breast milk effects on clinical signs of acute gastroenteritis in infants up to 6 months of age | Research in Physical Education Sport and Health, 2020, 9(1), 145-150 | 2012 г |
| | **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta | Evaluation of breast milk sIgA protective role versus alpha glutathione S transferase in infants acute gastroenteritis | Physioacta, 2020, 14(1), 77-90 | 2007 г |
| | **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta | Clinical and microbiologic patterns of acute gastroenteritis on infants of different age. | International Medical Journal Medicus, 2020 25 (2), 157-163. | 2004 г |
| | **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta | Impact of breast milk secretory immunoglobulin A on infants acute gastroenteritis. | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 2020, 8(B), 897-901 | SJR=0,26 2008 г |
| | **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta | Alpha glutathione S-transferase – a potential biomarker for intestinal epithelial damage in infants with acute gastroenteritis | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 2020, 8(B), 902-905 | SJR=0,26 2008 г |

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – англиски јазик.
- Способност за изведување на високообразовна дејност – д-р Марија Димитровска-Иванова има 13-годишна академска кариера со три избори од помлад асистент, асистент и асистент-докторанд.

**Посебни услови:**

- Две препораки од професори – од проф. д-р Елизабета Зисовска, педијатар-неонатолог вработена во ЈЗУ Клиника за гинекологија и акушерство – Скопје и редовен професор на Катедрата по педијатрија на Факултет за медицински науки Универзитет „Гоце Делчев" - Штип и проф. д-р Катарина Ставриќ, педијатар-имунолог вработена во ЈЗУ Клиника за детски болести – Скопје и редовен професор на Катедрата по педијатрија на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.
- Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната активност на лицето: (НО)= 45 ; (НИ)= 138,5 ; (САОР)= 12 или вкупно 195,5 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Марија Димитровска-Иванова со Одлука бр. 0206-1200 од 6.8.2008 г. е избрана во помлад асистент на научно поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Со Одлука бр. 2502-118/12 на 68. седница на Наставно-научниот совет од 29.3.2012 година е избрана во соработничко звање – асистент за наставно-научно поле/ област клинички медицински науки. Со Одлука бр. 2002-43/28 на 133. седница на Наставно-научниот совет од 29.1.2015 г. е избрана во асистент-докторанд од областа педијатрија.

Во учебната 2008/2009 г. д-р Марија Димитровска-Иванова е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Анатомија 1 и Анатомија 2, Хистологија со ембриологија 1 студиска програма за општа медицина, Анатомија, Патологија со патофизиологија студиска програма за медицинска сестра/ техничар, физиотерапевт и медицински лаборант.

Во учебната 2010/2011 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Анатомија 1, Анатомија 2, Анатомија 3 студиска програма општа медицина, Анатомија 2 студиска програма за Дентална медицина, Анатомија и физиологија на око програма за оптометрија, Физиологија студиски програми по медицинска сестра/ техничар, физиотерапевт и медицински лаборант, забен техничар протетичар. Педијатрија со нега студиски програми за медицинска сестра/ техничар и Педијатрија за студиската програма физиотерапевт.

Во учебната 2011/2012 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Анатомија 1 и Анатомија 2 за студиската програма по Општа медицина, Анатомија 1 и Анатомија 2 за студиската програма по Дентална медицина и Педијатрија со нега за студиската програма по медицинска сестра/техничар.

Во учебната 2012/2013 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Анатомија 2 студиска програма по Општа медицина, Анатомија студиски програми за медицинска сестра/ техничар, физиотерапевт и медицински лаборант и акушерки, Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма по Општа медицина, Педијатрија со нега и Основи на педијатрија студиска програми по медицинска сестра/ техничар.

Во учебната 2013/2014 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Педијатрија 1 и Педијатрија 2, Фетална анатомија и малформации за студиска програма по Општа медицина, Педијатрија со нега студиски програми по медицинска сестра/ техничар, физиотерапевт, Педијатрија вежби како дел од 12. семестар за студиската програма по Општа медицина.

Во учебната 2014/2015 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите – Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма Општа медицина, Педијатрија со нега на новороденче студиска програма за акушерки, Педијатрија со нега студиска програма за медицинска сестра/ техничар, Неонатологија со нега на новороденче студиска програма за акушерки, Педијатрија вежби како дел од 12. семестар за студиската програма Општа медицина.

Во учебната 2015/2016 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите – Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма за Општа медицина, Педијатрија со нега студиска програма за медицинска сестра/ техничар, Педијатрија со нега на новороденче студиска програма за акушерки.

Во учебната 2016/2017 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите – Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма по Општа медицина, Педијатрија со нега студиска програма за медицинска сестра/ техничар.

Во учебните 2017/2018 и 2018/2019 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите – Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма по Општа медицина.

Во учебните 2019/2020 и 2020/2021 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите – Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма, Општа медицина, Педијатрија со нега на новороденче, Неонатологија со нега на новороденче и Фетална анатомија и малформации студиска програма за акушерки, Педијатрија со нега за студиска програма медицинска сестра/техничар и Медицинска етика за студиските програми Медицинска сестра/техничар, Акушерки, Физиотерапевти и Лаборанти.

Во сегментот на публикација на учебни помагала, д-р Марија Димитровска-Иванова учествува како коавтор во изработка на еден рецензиран прирачник за практична настава Нега на новородено дете за студентите од студиската програма акушерки, материјал кој се изучува во состав на предметот Неонатологија со нега на новороденче распореден во 6. семестар и еден рецензиран практикум за физикална дијагностика и терапија во педијатријата за студентите од студиската програма Општа медицина, материјал кој се изучува во состав на предметите Педијатрија 1 и Педијатрија 2 распоредени во 9-ти и 10-ти семестар.

Д-р Марија Димитровска-Иванова по изборот во асистент-докторанд била ко-автор во изработка на еден учебник со наслов *Неонатологија со нега на новородено дете* за студентите од студиската програма Акушерки, материјал кој се изучува во состав на предметот Неонатологија со нега на новороденче распореден во 6. семестар.

Д-р Марија Димитровска-Иванова сите овие години активно со свои трудови, предавања и презентации учествува на многу едукации, конгреси, конференции и симпозиуми во странство и во земјата од областа на педијатријата. Од 1.6-31.7.2013 година била стипендист на Владата на Република Словенија и има студиски престој, едукација и тренинг за цистична фиброза и педијатриска гастроентерологија на Детската клиника при Универзитетски клинички центар во Љубљана. Од 22-28.9.2013 година завршува обука од областа на педијатриската гастроентерологија во Салзбург-Австрија. Од 9-15.10.2016 година завршува обука од областа на ургентна педијатрија во Салзбург-Австрија. Од 18-24 јуни 2017 г. учествува на Педијатриската школа во Златибор, Србија. Била член на Организациskiот одбор и предавач на стручно-научната конференција „Социјални детерминанти и здравјето на населението“ во 2018 година. Активно учествува со свое предавање на 41. Европска конференција за цистична фиброза, 2018 година, 6. конгрес на Здружението за превентивна педијатрија на Србија, 2019 година, работилница на Здружение на лекари за добра клиничка пракса април 2019 година, 7. Конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество, јуни 2019 година, European Academy of Pediatrics Congress, Португалија 2019 година, Mastercourse of nutrition, Португалија, 2019 година. Од 2017 година до денес д-р Марија Димитровска-Иванова е акредитиран испитувач при Лекарската комора на Република Северна Македонија за стручен испит на доктори на медицина за стекнување со лиценца за работа.

**Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија последните 5 години:**

**Dimitrovska Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta, Nikolova Irena (2019) Intracerebral Hemorrhage in an Eight Year Old Girl. European European Journal of Pediatrics. Vol. 178 Issue 11, pp. 1761

*Целта на трудот е да се прикаже ретко спонтано интракранијално крвавење кај осумгодишно дете како последица на руптура на когенитална мозочна васкуларна малформација. Состојбата е успешно дијагностицирана со компјутерска томографија, КТ ангиографија, МРИ и МРИ ангиографија со кои се докажа дека се работи за руптура на кавернозен ангиом со компресивен ефект на тригонумот на десната латерална комора. По смирување на крвавењето и епилептичните напади каверномот беше хируршки отстранет со продолжување на антиепилептичната терапија.*

1. **Dimitrovska Ivanova Marija**, Nikolova Irena (2019). Child with insect sting induced anaphylaxis. European European Journal of Pediatrics. Vol. 178 Issue 11, pp. 1644

*Целта на трудот е да се прикаже појава на анафилакса кај 6-годишно дете со историја на астма по каснување од инсект која се манифестирала по триесетина секунди од убодот со појава на афонија, тешка бронхоопструкција, црвенило, оток на лицето, вратот, рацете и нозете и појава на дифузна уртикарија. Третирано со 02 маска, адреналин субкутано, парентерално аплицирани антихистаминик и кортикостероиди, инхалации со адреналин и парентерална рехидрација. Децата со алергиска основа имаат поголем ризик од појава на тешка анафаилактична реакција од разни алергени вклучувајќи и убоди од инсекти поради што треба да бидат обезбедени и обучени за користење на пенкала со адреналин.*

2. Nikolova Irena, **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Doneva Luiza (2019). Is this Caroli disease? European European Journal of Pediatrics. Vol. 178 Issue 11, pp. 1681.

*Целта на овој труд е да се укаже на атипична презентација на едно вродено заболување познато како Caroli болест кај 7-месечно доенче со појава на сиво-бледа боја на кожата и одбивање на оброци во тек на еден месец со присутна хепатомегалија и жолти склери и позитивна фамилијарна анамнеза за полицистична ренална болест. Реализираните лабораториски иследувања одеа во прилог на холестаза, а имеџинг иследувањата (ехо на абдомен, КТ на абдомен и МРИ холангиопанкреатографија) укажаа на хепатомегалија, цистично дилатирани интра и екстрахепатални жолчни патишта и цистични кортикални формации и на двата бубрега. Доенчето е поставено на урсодесоксихолна киселина, но конечниот третман претставува трансплантација на црн дроб.*

3. Nikolova Irena, **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Doneva Luiza (2019). Pleuropneumonia in a 7 year old boy. European European Journal of Pediatrics. Vol. 178 Issue 11, pp. 1795.

*Во овој труд се зборува за атипична презентација на плевропневмонија кај 7-годишно машко дете со појава на фебрилност, стомачна болка и повраќање на почетокот без аускултаторен наод. По 12 часа од појавата на првите симптоми со појава на отежнато дишење, градна болка и влошување на стомачната болка. На преглед со изразено ослабено везикуларно дишење лево во средни и базални партии. РТГ на бели дробови со појава на хомогена консолидација на лево базално, перибронхитични инфилтрати од десно и плеврален излив од лево. Започнато со кислородна поддршка, парентерална двојна антибиотска терапија, кортикотерапија и инхалаторна терапија. По 14 дневна терапија со комплетна регресија на аускултаторниот и РТГ наодот.*

4. Zisovska Elizabeta, Madzovska Lidija, **Dimitrovska-Ivanova Marija** (2019). Pregnancy induced hypertension and neonatal growth. Knowledge-International Journal. Vol 34(4), 915-919.

*Хипертензијата во тек на бременоста го зголемува ризикот од ниска родилна тежина поради интраутерин застој во раст но и поради предвремено раѓање. Малата родилна тежина е асоцирана со хронични заболувања подоцна во животот. Во оваа студија е утврдено дека гестациската старост на доенчињата од мајки со хипертензија е (35.8±1.8) недели во споредба со доенчињата од мајки без хипертензија (37.4±1.2) недели. Застапеноста на ИУГР новороденчиња кај мајки со хипертензија била 9,5% во споредба со оние од мајки без хипертензија 6,3. Бројот на леукоцитите кај новородените од хипертензивни мајки била 21.4±5.3x109/L споредено со оние од контролната група 18.5±3.12x109/L (p=0.005). Неонатална тромбоцитопенија е најдена кај 32% од новородените од мајки со прееклампсија споредено со контролната група кај 9,5% (p< 0,002).*

5. Zisovska Elizabeta, Madzovska Lidija, **Dimitrovska-Ivanova Marija** (2019). Transient tachypnea of the newborn. Knowledge-International Journal. Vol 34(4), 925-929.

*Целта на оваа студија е да се евалуира и опише фреквенцијата на перинаталните и постнаталните фактори во појавата на транзиторна тахипнеа кај новородените во првите часови од животот и да се утврдат ризик факторите за појава на компликации на оваа состојба. Транзиторна тахипнеа беше утврдена кај 178 новородени, 65/178 беа доцна прематурни и 113/178 беа термински новородени. Кај 30% кои имаа нејасни*

*знаци на респираторен проблем беше потребно РТГ на бели дробови за поставување на дијагнозата. Кај 83% состојбата спонтано се разреши, а останатите новородени развија симптоми на потешка респираторна болест како RDSy кај прематурни новородени, конгенитална пневмонија или респираторни состојби од екстрапулмонално потекло.*

6. **Dimitrovska Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta (2020) Breast milk effects on clinical signs of acute gastroenteritis in infants up to 6 months of age. Research in Physical Education Sport and Health. 9(1), 145-150.

*Целта на оваа студија беше да се евалуира клиничката слика на акутен гастроентеритис кај доенчиња до 6 месеци и да се направи корелација на тежината на болеста со типот на исхрана и да се утврдат микробиолошките предизвикувачи на АГЕ во оваа возрасна група. Оваа студија покажа дека ексклузивното доење го намалува ризикот од Ротавирус инфекција  посебно во првите 6 месеци од животот OR= 0.0758, 95% CI (0.0071-0.8074). Ексклузивното доење ја намалува тежината на клиничката слика на АГЕ преку намалување на бројот и тежината на дијареалните епизоди, фреквенцијата на повраќање, покачена температура и го намалува ризикот од појава на умерена и тешка дехидратација.*

7. **Dimitrovska Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta (2020). Evaluation of breast milk sIgA protective role versus alpha glutathione S transferase in infants acute gastroenteritis. Physioacta. 14(1), 77-90.

*Целта на оваа студија беше да се утврди дали мукозниот интегритет мерен преку вредностите на sIgA во столица е заштитен фактор од епително оштетување мерено преку серумските вредности на α-GST кај доенчиња со акутен гастроентерит и нивната асоцијацијa со начинот на исхрана. Статитички сигнификантна асоцијација беше идентификувана помеѓу припадност во група и нивоата на sIgA во столица (p=0.001346). Ротавирус беше најчест предизвикувач на акутен гастроентерит. Оваа студија покажа дека ексклузивното доење го намалува ризикот од ротавирус инфекција посебно во првите 6 месеци од животот OR=0.0758, 95%CI(0.0071-0.8074). Утврдена е статистички сигнификантна асоцијација помеѓу припадност на групата и серумските вредности на α-GST (p=0.002260). Утврдено е дека Ротавирус може да предизвика ерозија на интестиналниот епител преку позитивните вредности на α-GST во серумот кај Ротавирус позитивните случаи. Утврдено е дека sIgA во столицата негативно корелира со серумските вредности на α-GST за p=0.002.*

8. **Dimitrovska Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta (2020). Clinical and microbiologic patterns of acute gastroenteritis on infants of different age. International Medical Journal Medicus. 25 (2), 157-163.

*Целта на оваа студија беше да се направи евалуација на клиничката слика на акутен гастроентеритис кај доенчињата според возраста (0-6 месеци и 7-12 месеци), да се направи корелација на тежината на болеста поврзано со начинот на исхрана и да се утврдат можните микробиолошки предизвикувачи на акутен гастроентерит кај доенчињата во двете групи. Беше утврдена статистички сигнификантна асоцијација помеѓу припадност на групата и тежината на симптомите во зависност од начинот на исхрана помеѓу првата и втората и помеѓу третата и четвртата група. Ротавирус беше најчест предизвикувач на акутен гастроентерит. Оваа студија покажа дека ексклузивното доење го намалува ризикот од појава на акутен гастроентерит посебно во првите 6 месеци од животот OR=0.0758, 95% CI (0.0071-0.8074).*

9. **Dimitrovska Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta (2020). Impact of breast milk secretory immunoglobulin A on infants acute gastroenteritis. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 8(B), pp. 897-901.

*Во оваа студија се утврдуваше дали sIgA од мајчиното млеко има заштитен ефект на интестиналниот епител кај доенчиња до 6-месечна возраст со акутен гастроентерит и дали има влијание на тежината на клиничката слика во зависност од начинот на исхрана. Присуството на sIgA од мајчиното млеко кај доенчињата има влијание на тежината на клиничката слика на акутен гастроентеритис кај доенчињата преку намалување на бројот и тежината на дијареалните епизоди, фреквенцијата на*

*повраќање, покачена температура и го намалува ризикот од појава на умерена и тешка дехидратација.*

**Dimitrovska-Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta. (2020) Alpha glutathione S-transferase – a potential biomarker for intestinal epithelial damage in infants with acute gastroenteritis. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 8(B), pp. 902-905.

*Трудот е проспективна кохортна студија во која се испитува дали alpha glutathione S-transferase (α-GST) може да биде биомаркер за рано интестинално епително оштетување кај доенчиња со акутен гастроентерит и корелацијата на нејзините вредности во серумот со степенот на интестинално епително оштетување поврзано со видот на исхрана. Утврдено е дека овој ензим може да биде биомаркер за рано интестинално епително оштетување пред сѐ кај доенчиња со Ротавирус акутен гастроентерит и нејзините вредности во серумот беа сигнификантно пониски кај доенчиња кои беа аксклузивно доени во споредба со оние кои не беа на ексклузивно доење.*

Во рамки на научноистражувачката дејност, д-р Марија Димитровска-Иванова е автор/коавтор на 8 предавања, усни и постер презентации на научни и стручни собири, кои се печатени во зборници на трудови од научни собири, во земјава и во странство:

10. Zisovska Elizabeta, **Dimitrovska-Ivanova Marija.** New trends in clinical education for medical students. Современо воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи. Шеста меѓународна научна конференција. 11-12 мај 2018, Штип, Македонија Зборник на трудови (323-333 стр.) (Усно предавање).

**Dimitrovska-Ivanova Marija**, Nikolova Irena, Karagozova, Marija, Doneva, Luiza. Acute dehydration as a prymary manifestation of Cystic Fibrosis. 41 st European Cystic Fibrosis Conference, 06-09 June 2018, Belgrade, Serbia. (Усно предавање)

**Dimitrovska Ivanova Marija**, Zisovska, Elizabeta. Социјални детерминанти и акутен гастроентерит во Детската возраст. Социјални детерминанти и здравјето на населението, 27 Oct 2018, Stip, Macedonia. Зборник со трудови (49-56 стр.) (Усно предавање)

Nikolova, Irena and **Dimitrovska Ivanova, Marija** (2018) Влијанието на социо-економските фактори на застапеноста на Акутен гастроентерит кај децата од ромска и нeромска припадност. Социјални детерминанти и здравјето на населението, 27 Oct 2018, Stip, Macedonia. Зборник на апстракти (133 стр.) (Постер презентација)

**Dimitrovska Ivanova Marija** Анемии во детската возраст. Клиничка и лабораториска евалуација на најчестите видови на анемии, 02 Apr 2019, Медицински факултет Скопје. (Усно предавање)

**Dimitrovska Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta, Nikolova Irena. Delayed presentation of congenital diaphragmatic hernia. In: VI kongres udruzenja za preventivnu pedijatriju Srbije, 12-14 Apr 2019, Belgrade, Serbia. Зборник на апстракти (84 стр.) (Е- постер презентација)

**Dimitrovska Ivanova Marija**, Nikolova Irena, Doneva Luiza. Massive Lobar Pneumonia in One Year Old Girl. In: 7-ми Конгрес на Педијатрите на Македонија со меѓународно учество, 25-28 June 2019, Strumica, Macedonia. Зборник на апстракти (44 стр.) (Е- постер презентација)

Nikolova Irena, **Dimitrovska Ivanova Marija**, Doneva Luiza. Инциденцата на Ротавирус и Аденовирус акутен гастроентеритис кај деца до 5 години во тек на 2018 година. In: 7-ми Педијатриски конгрес со меѓународно учество, 25-28 June 2019, Strumica, Macedonia. Зборник на апстракти (58 стр.) (Е- постер презентација)

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Марија Димитровска-Иванова е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Одделението за педијатрија во Клиничка болница - Штип.

Во рамки на **стручно-апликативната дејност**, д-р Марија Димитровска-Иванова објавила 2 труда во стручното списание *Медикус* и имала две предавања од областа на педијатриската гастроентерологија и исхрана:

**Dimitrovska Ivanova Marija**, Nikolova Irena (2017). *Пристап кон доенчиња и деца до 3 години со покачена телесна температура*. Medicus. 11 (25). pp. 24-25.

Nikolova Irena and **Dimitrovska Ivanova Marija** (2017). Фебрилни конвулзии во детската возраст. Medicus. 11 (26). pp. 8-9.

**imitrovska-Ivanova Marija**. Функционална опстипација. Онлајн стручен собир „Оптимален раст и развој со млечните формули Novalac". 1.10.2020 година (Усно предавање)

**Dimitrovska-Ivanova Marija.** Гастроезофагеален рефлукс во доенечка возраст. Онлајн стручен собир „Оптимален раст и развој со млечните формули Novalac". 27.04.2021 година (Усно предавање)

Д-р Марија Димитровска-Иванова е член на следните институционални органи:

11. Лекарската комора на Р. Северна Македонија;
12. Македонското лекарско друштво;
13. Здружение на педијатри на Македонија;
14. Во два наврати била член на комисија за упис на студенти од прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Одлука бр. 2502-171/3 од 22.8.2012 и Одлука бр. 2502-118/3 од 18.6.2013.

    Техничко унапредување
15. Од 9-15.10.2016 година завршува обука од областа на ургентна педијатрија под покровителство на American-Austrian Foundation и Children's hospital of Philadelphia во Салзбург-Австрија.
16. Од 18-24.6.2017 година ја завршува Педијатриската школа во Златибор, Србија, под покровителство на Удружење педијатара Србије.
17. Од 19-20.09 2019 година завршува Mastercourse of nutrition, под покровителство на European Academy of Pediatrics, Порто-Португалија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која ѝ беше доставена.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Марија Димитровска-Иванова во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање насловен доцент. Од целокупната активност на д-р Марија Димитровска-Иванова може да се заклучи дека кандидатката остварува значителен напредок во научноистражувачката дејност. Ова го потврдуваат остварените публикации во списанија со импакт фактор, како и повеќето публикации во меѓународни списанија, бројните презентации на научни и стручни собири во земјава и странство. Истовремено, кандидатката остварува континуиран прогрес и во наставно-образовната дејност и стручно-апликативната дејност.

**Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да ја избере д-р Марија Димитровска-Иванова во звањето насловен доцент за наставно-научната област педијатрија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Елизабета Зисовска, редовен професор, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Соња Пеова, редовен професор во пензија, член, с.р.**
**Проф. д-р Милка Здравковска, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| 1 | Избор во звање помлад асистент | 1 | 10 | / | / | 10 |
| 2 | Избор во звање асистент | 1 | 15 | | | 15 |
| 3 | Избор во звање асистент-докторанд | 1 | 20 | | | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **45** |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор – бр. 1, 2) | | | 2 | 15 | 30 |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (втор автор –бр. 3, 4) | | | 2 | 10 | 20 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор – бр. 7, 8, 9, 10, 11) | 5 | 9 | | | 45 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (останати автори – бр. 5, 6) | | | 2 | 3 | 6 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (бр. 12, 14) | 2 | 2 | | | 4 |
| | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (бр. 13, 16) | 1 | 2 | 1 | 4 | 6 |
| | Учество на научен собир со реферат (постер), концерт во земјата и во странство (бр. 15, 17, 18, 19) | 3 | 1 | 1 | 1,5 | 4,5 |
| | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| | Одбранета специјализација | 1 | 6 | | | 6 |
| | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 1 | | | 1 |
| | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **138,5** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание (бр. 20, 21) | 2 | 2 | | | 4 |
| | Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | | | 4 |
| | Член на институтски орган, комисија | 1 | 2 | | | 2 |
| | Учество на стручен собир со реферат (усно) ( бр. 22, 23) | 2 | 1 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **12** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **195,5** |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРОТЕТИКА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-310/4 од 15.11.2021 година донесена на 268. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 15.11.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *протетика (30407)* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- **проф. д-р Ерол Шабанов**, редовен професор во пензија, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област протетика – претседател;
- **проф. д-р Весна Коруноска-Стевковска**, редовен професор, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област протетика – член;
- **проф. д-р Никола Гиговски**, редовен професор, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област протетика – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 16.10.2021 година и во предвидениот рок се пријави **доц. д-р Катерина Златановска,** д-р сци, од областа протетика, вработена на Факултетот за медицински науки, при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Катерина Златановска е родена во 1980 година во Куманово, каде што завршува основно и средно образование со одличен успех. Во учебната 1999/2000 година се запишува на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на шестгодишни студии. По завршувањето на студиите, на 10.5.2006 година се стекнува со називот дипломиран доктор по стоматологија со просек 9,29. По полагање на стручниот испит на 27.11.2006 година се стекнува со работна лиценца издадена од Стоматолошката комора на Македонија.

Од 2007 до 2011 година работи како матичен стоматолог во Поликлиника „Карпош“ во Куманово.

Во 2011 година д-р Катерина Златановска се вработува на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, при што се здобива со соработничко звање помлад асистент, ангажирана да помага во наставно-образовниот процес во областа на стоматологијата и на Високата здравствена школа за стручни забни техничари – протетичари.

Во октомври 2011 година се запишува на специјализација по Стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на 19.11.2014 година се стекнува со звање специјалист по стоматолошка протетика.

Во 2012 година се запишува на докторски студии на Стоматолошкиот факултет – Скопје од областа на Стоматолошка протетика под менторство на проф. д-р Љубен Гугувчевски и ги завршува со просечна оценка 9,85.

Докторската дисертација на тема „*Процена на механичката отпорност на порцеланските фасети во зависност од видот на препарацијата*“ јавно ја одбранува на 4.1.2017 година, со што се стекнува со академскиот степен доктор на стоматолошки науки, од областа на протетика.

Во 2014 година е избрана во звање асистент-докторанд при Факултетот за медицински науки – Дентална медицина при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, додека во 2017 година е избрана во звање доцент при Факултетот за медицински науки – Дентална медицина при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Активно се служи со англиски јазик (Cambridge Certificate of Preliminary English – B2).

**Кандидатката доц. д-р Катерина Златановска ги исполнува законските услови за избор во звањето вонреден професор:**

**Општи услови за избор:**

- Остварен просечен успех од 9,29 на студиите од прв циклус на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и остварен просечен успех од 9,85 на студиите од трет циклус на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

- Доктор на стоматолошки науки од областа на протетика – докторска дисертација на тема „Процена на механичката отпорност на порцеланските фасети во зависност од видот на препарацијата“ одбранета на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на 4.1.2017 година.

137. Naskova Sanja, Dimova Cena, **Zlatanovska Katerina** (2019) Association between the presence of lactobacillus in saliva and dental caries in children with permanent dentition. In: Knowledge without borders - XXII International Scientific Conference, 11-13 Oct 2019, Kavala, Greece. https://eprints.ugd.edu.mk/22756/

138. Zarkova Julija, **Zlatanovska Katerina**, Proseva Ljubica, Kovacevska Ivona, Dimova Cena (2020) Age related tooth color changes according to CIE Lab color scale. In: 19 Kongres stomatologa Srbije, 1-4 Oct 2020, Belgrade, Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/26899/

139. Longurova Natasa, **Zlatanovska Katerina**, Naskova Sanja (2020) Therapeutic approach to caries profunda. In: 29th International Scientific Conference – Knowledge in practice, 18-19 Dec 2020, Bansko, Bulgaria. https://eprints.ugd.edu.mk/27490/

140. Longurova Natasa, Kovacevska Ivona, **Zlatanovska Katerina**, Naskova Sanja, Toneva Verica (2021) Cracked tooth syndrome. In: Congress on Food Quality and Safety, Health and Nutrition - NUTRICON 2021. https://eprints.ugd.edu.mk/28336/

***Доц. д-р Катерина Златановска била ментор/коментор на следниве студентски усни и постер презентации:***

**Усни презентации**

141. Joleski Petar, Nanev Stefan, Longurova Natasa, **Zlatanovska Katerina** (2018) The manufacture of inlays throughout the dental clinics in the Municipality of Shtip. In: First International Students Congress in Dental Medicine - 2018, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/19929/

142. Stojanova Stefanija, Joveva Stefani, Kocovski Darko, **Zlatanovska Katerina** (2018) Smile design with metal free ceramics. In: First International Students Congress in Dental Medicine - 2018, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/19925/

143. Kashuba Monika, **Zlatanovska Katerina**, Longurova Natasa (2018) Aesthetic restorations with porcelain veneers. In: First International Students Congress in Dental Medicine - 2018, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/19930/

**Постер презентации**

144. **Zlatanovska Katerina**, Kocovski Darko, Koceva Magdalena, Bikovski Ljupco (2017) Digital smile design. In: 24th International Dental Students Scientific Congress, 19-21 June 2017, Ohrid, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/18032/

145. Kocovski Darko, **Zlatanovska Katerina**, Lazareva Tatjana, Spasova Anastasija (2017) Biodentaplast – парцијални протези. In: 24th International Dental Students Scientific Congress, 19-21 June 2017, Ohrid, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/18031/

146. Balshevska Biljana, **Zlatanovska Katerina**, Kovacevska Ivona (2018) Prevalence, causes and prevention of post – cementation hypersensitivity. In: First International Students Congress in Dental Medicine - 2018, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/19928/

147. Lazareva Tatjana, Spasova Anastasija, Kocovski Darko, **Zlatanovska Katerina** (2018) Oral health related quality of life on patients with partial removable dentures. In: First International Students Congress in Dental Medicine - 2018, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/19926/

148. Nacevski Jane, Cekova Olivera, **Zlatanovska Katerina,** Kocovski Darko (2018) Identification and most common problems in dental impressions. In: First International Students Congress in Dental Medicine - 2018, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/19927/

149. Angova Lidija, Longurova Natasa, Georgieva Natalija, **Zlatanovska Katerina** (2019) Позитивни и негативни ефекти при примена на флуор. In: Втор конгрес на студенти по општа медицина, 09-10 May 2019, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/22111/

150. Longurova Natasa, **Zlatanovska Katerina**, Netkova Monika, Joleva Anastasija (2019) Microbiology in the oral cavity. In: Dental summer school & Second International Student's Congress in Dental Medicine 2019, 23-26 May 2019, Ohrid, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/27362/

***Пленарни научни и стручни предавања од областа протетика:***

151. Zlatanovska Katerina (2018) Естетски реставрации со порцелански фасети. In: Симпозиум со меѓународно учество, ДДДММ Стоматолошко здружение на Македонија „Современи концепции во дентална медицина", 3 March 2018, Prilep, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/19934/

152. Zlatanovska Katerina (2018) Естетска реставрација со порцелански фасети - денес и тука. In: 7ми симпозиум на Универзитет Гоце Делчев Штип, Факултет за медицински науки „Стоматолошка наука и пракса - денес и тука", 24 March 2018, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/19935/

153. Zlatanovska Katerina (2021) Дијагноза и третман на темпоромандибуларни дисфункции. In: Симпозиум со меѓународно учество, ДДДММ Стоматолошко здружение на Македонија „Современи стоматолошки постапки и протоколи во секојдневна практика", 25 September 2021, Skopje, Macedonia.

**14. Учесник во научен проект**

154. Dimova Cena, Papakoca Kiro, **Zlatanovska Katerina**, Naskova Sanja, Zarkova-Atanasova Julija, Petrovski Mihajlo, Terzieva-Petrovska Olivera, Rogoleva Sonja, Kocovski Darko (2018) Значење на соодветна орална хигиена за состојбата на оралното здравје кај студенти на медицинските науки/ Significance of proper oral hygiene for oral health condition of medical science students. https://eprints.ugd.edu.mk/21227/

155. Dimova Cena, Naskova Sanja, **Zlatanovska Katerina**, Zarkova Julija, Mitevski Kiril, (2020) Современи аспекти на дезинфекција и стерилизација на инструменти и апарати во дентална медицина. https://eprints.ugd.edu.mk/27456/

**17. Елаборати и експертизи**

17.1 Елаборат за акредитација на студиска програма Дентална медицина – прв циклус на петгодишни студии – студиска програма која е интегриран прв и втор циклус на студии (2017)

17.2 Елаборат за акредитација на прв циклус на студии – студиска програма Забни техничари – протетичари (2017).

**27. Член на универзитетски и владини тела**

27.1 Член на Универзитетска комисија за самоевалуација на Универзитетот во 2021 со Одлука бр. 2002-258/6 од 31.8.2021 година.

**28. Член на факултетски орган, комисија**

28.1. Член на Комисија за стручни стоматолошки прашања и континуирана стоматолошка едукација при Стоматолошка комора на Македонија.

28.2. Член на Дисциплинска комисија со Одлука бр. 2002-125/53.

28.3. Член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови во Универзитетски сенат со Одлука бр. 2002-83/6.

Доц. д-р Катерина Златановска е член на повеќе професионални асоцијации и тоа:

- Член на Комисија за стручни прашања во Стоматолошка комора на Република Македонија;
- Здружение на специјалисти по протетика при Македонско стоматолошко друштво;
- ДДДММ Стоматолошко здружение на Македонија;
- Етернитас – Професионално здружение на стоматолози, Скопје;
- Балканска асоцијација на стоматолози.

Активно вклучена во организација на симпозиуми, студентски конгреси и летна школа од Дентална медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

- „Дентофацијална естетика – современи пристапи и решенија“ (симпозиум), 5.11.2016 г.;
- „Неправилности, грешки и пропусти и нивно санирање при стоматолошките интервенции“ (симпозиум), 11.11.2017 г.;
- „Стоматолошка наука и пракса денес и тука“ (симпозиум), 24.3.2018 г.;
- First international students congress in dental medicine 2018: „Digital VS Analogical“, 28-29.3.2018 г.;
- „Dental summer school“, 13.9.2018 година, Охрид, Македонија;
- 8-ми научен симпозиум: „Мултидисциплинарен пристап во стоматолошката практика“, 6.3.2019 г.;
- „Dental summer school & Second International Student’s Congress in Dental Medicine 2019“, 23-26.05.2019, Ohrid, Macedonia.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупните презентирани досегашни активности кои ги реализирала доцент д-р Катерина Златановска, а ние како Рецензентска комисија ги елабориравме во овој извештај, се забележува и потенцира богата и широка активност во сферата на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и според целата приложена документација, може да се констатира дека кандидатката доцент д-р Катерина Златановска ги исполнува критериумите за да биде избрана во звањето вонреден професор и за целокупната активност во извештајниот период од 2017 до 2021 година има остварено (НО=30, НИ=285,5 и САОР=33) или вкупно 348,5 поени.

Врз основа на приложениот материјал и изнесените податоци, според Правилникот за посебни услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатката доцент д-р Катерина Златановска да биде избрана за наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област протетика на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ерол Шабанов, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Весна Коруноска-Стевковска, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Никола Гиговски, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 4 | Избор во звање доцент | 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 2 | Дел од монографија или научна книга (во странство)Труд бр. 72 | / | / | 1 | 10 | 10 |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание | | | | | |
| | - прв автор: Труд бр. 61, 62, 63, 65, 66, 68, 69, 70, 71 | | | 9 | 9 | 81 |
| | - втор автор: Труд бр. 57, 74, 82, 86, 87, 94 | | | 6 | 6 | 36 |
| | - останати автори: Труд бр. 56, 58, 59, 64, 73, 75, 76, 77, 78, 79, 80, 81, 83, 84, 85, 89, 90, 91, 92, 93 | | | 20 | 3 | 60 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир Труд бр. 101, 102, 103, 104, 111, 112, 113, 114, 129, 130, 131, 132 | / | / | 12 | 3 | 36 |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир Труд бр. 151, 152, 153 | 3 | 3 | / | / | 9 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/ усно) во земјава и странство | | | | | |
| | Постер – во зем. – Труд бр. 105, 106, 119, 120, 125, 126, 134, 135, 140, 144, 145, 146, 147, 148, 149, 150 | 16 | 1 | / | / | 16 |
| | Постер – во стр. – Труд бр. 107, 108, 109, 110, 115, 116, 118, 121, 122, 123, 124, 127, 128, 133, 136, 137, 138, 139 | / | / | 18 | 1,5 | 27 |
| | Усно – во зем. – 141, 142, 143 | 3 | 1,5 | / | / | 4,5 |
| | Усно – во стр. – 117 | / | / | 1 | 2 | 2 |
| 14 | Учесник во научен проект (максимум во 3 проекти) Под реден бр. 154, 155 | 2 | 2 | / | / | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **285,5** |

| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5** | Труд во стручно (научно-популарно) списание<br>Труд бр. 60, 95, 96,97 | 4 | 2 | / | / | **8** |
| **6** | Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир<br>Труд бр. 67, 88 | 2 | 2 | / | / | **4** |
| **8** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно)<br>Труд бр. 98, 99, 100 | 3 | 2 | / | / | **6** |
| **17** | Елаборати и експертизи<br>Под реден бр. 17,1; 17,2 | 2 | 2 | / | / | **4** |
| **27** | Член на универзитетски или владини тела<br>Со реден бр. 27,1 | 1 | 5 | / | / | **5** |
| **28** | Член на факултетски орган, комисија<br>Со реден бр. 28,1; 28,2; 28,3 | 3 | 2 | / | / | **6** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **33** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **348,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕНТАЛНА ПАТОЛОГИЈА 30404 (ЕДЕН ИЗВРШИТЕЛ) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП**

Со Одлука бр.2002-310/5 од 15.11.2021 година донесена на 268. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 15.11.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на вонреден професор за научната област *дентална патологија (30404)* – еден извршител на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

– д-р Ивона Ковачевска, редовен професор за наставно-научната област дентална патологија, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател;
– д-р Славјанка Оџаклиевска, редовен професор, област дентална патологија, вработена на Стоматолошки факултет, Европски универзитет во Скопје – член (професор во пензија);
– д-р Лидија Поповска, редовен професор за наставно-научната област дентална патологија, вработена на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 16.10.2021 година и во предвидениот рок се пријави: **доц. д-р Наташа Лонгурова.**

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Доц. д-р Наташа Лонгурова е родена на 1 јули 1988 година во Штип, каде што завршува основно и средно медицинско образование (насока медицинска сестра) со континуиран одличен успех 5.00 во сите учебни години. На Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје се запишува во учебната 2006/2007 година и по завршувањето на студиите, на ден 15.7.2011 година се стекнува со називот дипломиран доктор по стоматологија. По завршување на приправничкиот стаж и полагање на Државниот испит, од Стоматолошката комора се здобива со лиценца за самостојна работа.

Во 2011 година се запишува на магистерски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Снежана Иљовска и на 5.7.2012 со одбрана на магистерскиот труд под наслов „**Компаративна студија за поврзаноста на социо-економскиот статус, навиките за орална хигиена и денталниот морбидитет кај децата на 15-годишна возраст”** се стекнува со научен степен магистер на стоматолошки науки.

Од 2012 година, доц. д-р Наташа Лонгурова се вработува на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, како помлад асистент, ангажирана во наставно-образовниот процес на Студиската програма по стоматологија и Стручните студии за забен техничар – протетичар.

Една година потоа, во 2013 г. се запишува на докторски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во областа на детска превентивна, реставративна стоматологија и ортодонција, под менторство на проф. д-р Снежана Иљовска и на 5.1.2017 година, со јавната одбрана на докторскиот труд, под наслов „**Процена на ризик-фактори и степен на дентални ерозии, проследени со евалуација на протективниот ефект на препарати со флуориди врз емајл и дентин од хемиски и хистопатолошки аспект”** се стекнува со звање доктор по стоматолошки науки.

Доц. д-р Наташа Лонгурова, во 2015 година, е избрана во звање асистент-докторанд на Факултетот за медицински науки – Дентална медицина при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, а во 2014 година, се запишува на специјализација по ендодонција и реставративна стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, под менторство на проф. д-р Ивона Ковачевска. Со полагање на специјалистичкиот испит пред трючлена комисија на 12.10.2017 година, се стекнува со звање специјалист по ендодонција и реставративна стоматологија.

Со Одлука број 2002-120/8 од 18.4.2017 година, доцент д-р Наташа Лонгурова, специјалист по ендодонција и реставративна стоматологија, е избрана во звањето доцент на Студиската програма по дентална медицина и Стручни студии за забен техничар – протетичар на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Публицистичкиот опус на доц. д-р Наташа Лонгурова е импозантен, до сега има објавено трудови во домашни и меѓународни списанија, активно учествува на многу научни конференции, стручни секции, меѓународни симпозиуми, промоции и трибини. Таа се појавува како ментор и коментор на неколку студентски теми на научните студентски конгреси, организирани од Студиската програма по дентална медицина, стоматологија и забен техничар – протетичар, под покровителство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Исто така, активно учествува на Конгрес на студенти по стоматологија со меѓународно учество, во организација на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Публицирањето на доцент д-р Наташа Лонгурова во доменот на учебни помагала и учебници, е во форма на коавтор на скрипта „Реставративна стоматологија" и практикум со наслов „Практикум по клиничка кариологија 1". Автор е на скрипта „Дентална терапија - Ендодонција" и практикум со наслов „Практикум по клиничка кариологија 2" .

Како дел од наставничкиот кадар на Студиската програма по дентална медицина, учествува во два проекти: *„Процена на корелацијата на реналната калкулоза со забниот камен"* финансиран од Универзитет „Гоце Делчев" - Штип и *„Употреба на хлорхексидин во реставративната стоматологија и ендодонција"* самофинансиран. Член е на многу стоматолошки организации, работни тела и комисии при УГД Штип. Успешно се служи со англискиот јазик.

**Кандидатката доц. д-р Наташа Лонгурова ги исполнува законските услови за избор во наставно-научно звање вонреден професор:**

Доцент д-р Наташа Лонгурова е доктор по стоматолошки науки од обласста на дентална патологија, има завршено шестгодишни студии на Стоматолошкиот факултет еквивалент на 300 ЕКТС. Остварен просечен успех од најмалку 8,50 на студиите на прв, втор и трет циклус студии, за секој циклус посебно: кандидатката има просек од прв циклус студии 8,93 од втор циклус 9.71 и од трет циклус 9.71. и има објавено научни трудови со оригинални научни резултати, објавени во меѓународни списанија со меѓународен уредувачки одбор во последните пет години, поставени на е-репозиториум:

**http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Denkova=3ANatasa=3A=3A.html**
**https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Longurova=3ANatasa=3A=3A.html**

- Со Одлука бр. 2002-120/8, од 18.4.2017 година, од Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, д-р Наташа Лонгурова е избрана за доцент од областа дентална патологија на Студиската програма за дентална медицина и Стручни студии за забен техничар протетичар.
- Познавање на странски јазици – англиски јазик.
- Демонстрира способност за изведување на високообразовна дејност. Во изминатиот период беше вклучена како наставник – доцент во наставата по предметите Клиничка карилогија 1, Клиничка кариологија 2, Клиничка ендодонција 1 и Клиничка ендодонција 2, Фокалози кај Дентална медицина, како и Реставративна стоматологија и Дентална терапија кај Забен техничар – протетичар. Доцент д-р Наташа Лонгурова е ментор на повеќе од 20 дипломски трудови или завршни испити, член на комисии за одбрана на дипломски трудови и завршни испити и била ментор на студентски теми.

**Посебни услови:**

-Има учество во научноистражувачки проекти како истражувач со значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати: 1. Анализа и процена на каналната оптурација во зависност од техниката на гутаперка апликација (2014 ); 2. Процена на корелацијата на реналната калкулоза со забниот камен (2017); 3. Употреба на хлорхексидин во реставративната стоматологија и ендодонција (2020).

-Автор е на рецензирана скрипта и практикум објавени на е-библиотека на УГД:

- Лонгурова Наташа, Ковачевска Ивона, Атанасова Сандра, Тонева Верица, Арсова Наташа „Практикум по клиничка кариологија - 2" ISBN 978-608-244-717-9. http://e-lib.ugd.edu.mk/909

Лонгурова Наташа, Ковачевска Ивона „Дентална терапија - Ендодонција (скрипта)". ISBN 978-608-244-608-0. https://eprints.ugd.edu.mk/22557

**Листа на научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните 5 години:**

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Години на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Denkova Natasa,** Zlatanovska Katerina,Kovacevska Ivona, Iljovska Snezana, Naskova Sanja | Mechanical Preparation of Samples For Profilometric Erosion Reserch. | IOSR Journal of Dental and Medical Sciences(2017) (IOSR-JDMS), 16 (12). pp. 16-27. ISSN 2279-0853 **(indexed-индексиран)** | 9 |
| **2.** | Zlatanovska Katerina, Kovacevska Ivona, **Longurova Natasa,** Atanasova, Sandra and Petrovski Mihajlo | Bruxism - teeth grinding. | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers,(2017) 20 (4). pp. 1719-1723. ISSN 1857-923X **(indexed-индексиран)** | 12 |
| **3.** | Kovacevska Ivona, **Longurova Natasa**, Zlatanovska Katerina, Petrovski Mihajlo, Georgiev Zlatko | Oral health care at students from different faculties. | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers,(2017) 20 (4). pp. 1907-1912. ISSN 1857-92**(indexed-индексиран)** | 12 |
| **4.** | Naskova Sanja, Iljovska Snezana, Iljovska Marina, Zlatanovska Katerina, **Longurova Natasa** | Correlative Valuesof Body Weight (Body Mass Index) And Dental Caries In Examinees With Primary Dentition. | IOSR Journal of Dental and Medical Sciences(2017) (IOSR-JDMS), 16 (12). ISSN 2279 – 0853 **(indexed-индексиран)** | 9 |
| **5.** | **Longurova Natasa,** Kovacevska Ivona, Denkov Nikola, Zlatanovska, Katerina, Toneva Verica | Дентални карактеристики кај булимични пациенти. | Knowledge in Practice. ISSN 2545-4439 (2017) **(indexed-индексиран)** | 12 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | **Longurova Natasa, Zlatanovska** Katerina, Kovacevska Ivona, Denkov Nikola , Atanasova Sandra, Toneva Verica | Знаења и ставови на родителите на 7-12 годишни деца во врска со потреба за интервенции на прв траен молар. | Knowledge - International Journal, Scientific Papers.(2018) ISSN 2545-4439 **(indexed-индексиран)** | 12 |
| **7.** | **Longurova Natasa,** Zlatanovska Katerina, Kovacevska Ivona, Denkov Nikola, Atanasova Sandra | Најчести компликации после ендодонтски третман. | Knowledge – International Journal. (2018) ISSN 2545-4439 **(indexed-индексиран)** | 12 |
| **8.** | Kovacevska Ivona **Longurova Natasa,** Zlatanovska Katerina | Different group of tooth in relation of endodontic treatment. | Knowledge - International Journal, Scientific Papers.(2019) ISSN 2545-4439 **(indexed-индексиран)** | 12 |
| **9.** | Zlatanovska Katerina, Dimova Cena, Gigovski Nikola, Korunoska Stevkovska Vesna, **Longurova Natasa** | Fracture Localization of Porcelain Veneers with Different Preparation Designs. | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences,(2019) 7 (10). pp. 1675-1679. ISSN 1857-9655 (online) **(indexed-индексиран)** | 9 |
| **10.** | Zlatanovska Katerina, Dimova Cena, **Longurova Natasa,** Kovacevska Ivona, Naskova Sanja | The Impact of Oral Health on Quality of Life in Partially Edentulous Patients Before and After Prosthodontic Rehabilitations. | Journal of Hygienic Engineering and Design,(2020) 30. pp. 89-94. ISSN 1857- 8489 **(indexed-индексиран)** | 9 |
| **11.** | **Longurova Natasa,** Zlatanovska Katerina, Naskova Sanja | Тераписки пристап на caries profunda | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers.(2020) ISSN 2545-4439 **(indexed-индексиран)** | 12 |
| **12.** | **Longurova, Natasa**, Kovacevska Ivona, Naskova Sanja | Клинички карекteристики и тераписки аспект на дентална флуороза. | Knowledge - International Journal Scientific Papers,(2021) 45.4. ISSN 2545-4439 1857-923X **(indexed-индексиран)** | 12 |

**Наставно-образовна, научноистражувачка дејност на доц. д-р Наташа Лонгурова**

Наставно-образовната дејност на доцент д-р Наташа Лонгурова започнала во 2012 година, по одбраната на магистерскиот труд и вработувањето на Факултетот за медицински науки, Дентална медицина и Студиска програма за забен техничар протетичар при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. За првпат е избрана за помлад асистент во 2012 г., а во 2015 г. е избрана во асистент-докторанд. Од 2012 година до 2017 година активно учествува во наставниот процес, партиципирајќи во практичниот дел на наставата на групата предмети на Катедрата за болести на забите и детска и превентивна стоматологија: *Предклиничка кариологија, Предклиничка ендодонција, Клиничка кариологија 1 и 2 , Клиничка ендодонција 1 и 2,Дентална терапија и Реставративна стоматологија*. Исто така во тој период учествува во реализација на писмениот и практичниот дел на групата предмети на Катедрата.

Со Одлука бр.2002-120/8 на 181. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 18.4.2017 година, е избрана во звање доцент за научната област дентална патологија на Факултетот за медицински науки за период од 5 (пет) години. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен“ бр. 187 од 1.4.2017 година. Активно ја реализира наставата по предметите: Клиничка кариологија 1 и 2, Клиничка ендодонција 1 и 2 и Фокалози на Студиската програма по Дентална медицина, а Реставративна стоматологија и Дентална терапија на Студиската програма за забен техничар протетичар. На прв циклус студии има менторирано преку 25 дипломски трудови на Студиската програма за дентална медицина и на преку 10 завршни испити на Студиската програма за забен техничар протетичар. По изборот за доцент кандидатката активно учествува во наставата на трет циклус студии на Факултетот за медицински науки – Базични и клинички истражувања во денталната медицина со предметите Физички и хемиски методи за канална дезинфекција, Дентални атхезивни системи и Некариозни промени на тврдите забни ткива-микроструктурна анализа и на студиската програма Базични и клиничка истражувања во медицината со предметот Системски заболувања афектирани од дентогени фокални инфекции. Кандидатката активно учествува и во наставата на студиската програма на втор циклус на студии по Стручни специјалистички студии за забен техничар протетичар со предметите Индиректни естетски реставрации и Радикс анкери. Со Одлука број 2002-179/16 од 30.9.2019 година донесена на 230 седница на Наставно-научен совет на Факултет за медицински науки доц. д-р Наташа Лонгурова е определена за член на Рецензентска комисија за избор на асистент за научна област ендодонција.

**Научноистражувачка дејност**

Публицистичкиот опус на доцент д-р Наташа Лонгурова опфаќа 111 трудови во домашни и во меѓународни списанија, активно учество на научни конференции, меѓународни симпозиуми, конгреси, промоции.

Списокот на објавени трудови на кандидатката доцент д-р Наташа Лонгурова при изборот во доцент се евалуирани и бодирани од бр. 1 до 31 во „Универзитетски билтен“ на Универзитет „Гоце Делчев“ бр. 187 од 1.4.2017 година. (41-52 стр.)

https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/16-20/2017/187/pdf/187-6.pdf

**Листа на трудови на д-р Наташа Лонгурова кои ги доставува за рецензија за избор во вонреден професор и се однесуваат на последните пет години:**

4. ***Објавени трудови во целост – in extenso / full text***

***Трудови кои се однесуваат на областа***

33. **Denkova Natasa,** Zlatanovska Katerina, Kovacevska Ivona, Iljovska Snezana, Naskova Sanja (2017) Mechanical Preparation of Samples For Profilometric Erosion Reserch. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 16 (12). pp. 16-27. ISSN 2279-0853 https://eprints.ugd.edu.mk/18717/

**Евалуација на трудот:** Авторите во ова истражување имаат за цел да го утврдат постоењето и видот на влијанието на различните видови механички подготвени примероци врз резултатите од истражувањето за дентална ерозија, како и влијанието предизвикано од заштитата што се користи за изолирање на делови од површината на примерокот. Резултатите од истражувањето покажаа дека механичката подготовка на примерокот може значително да влијае на резултатите од истражувањето на денталната ерозија. Влијанието може да биде толку значајно што доколку не се внимава и направи правилна механичка подготовка на примерокот може да доведе до неточни заклучоци во врска со денталните ерозии. *Трудот има стручна и апликативна важност.*

34. Zlatanovska Katerina, Kovacevska Ivona, **Longurova Natasa**, Atanasova, Sandra and Petrovski Mihajlo (2017) Bruxism - teeth grinding. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 20 (4). pp. 1719-1723. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/19001/

**Евалуација на трудот**: Во овој труд авторите даваат осврт на бруксизмот како често нарушување на стоматогнатскиот систем проследено со парафункционални движења кои

вклучуваат стегање или чкртање на забите. Дневниот бруксизам денес се опишува како посебна состојба - бруксоманија и се карактеризира само со стискање заби. Кај пациентите со бруксизам при спиење е регистрирано стискање и чкртање на забите и најчесто се јавува во рана фаза на спиење. Авторите даваат осврт и на терапијата на бруксизмот што треба да вклучува намалување на психолошкиот стрес, лекување на симптомите на мандибуларната дисфункција, приспособување на оклузијата со употреба на оклузални шини и, доколку е потребно, вклучително и фармакотерапија. *Трудот има научна и апликативна важност.*

35. Kovacevska Ivona, **Longurova Natasa**, Zlatanovska Katerina, Petrovski Mihajlo, Georgiev Zlatko (2017) Oral health care at students from different faculties. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 20 (4). pp. 1907-1912. ISSN 1857-92 https://eprints.ugd.edu.mk/19055/

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторите истражуваат колку изборот на факултет влијае на оралното здравје и хигиенскиот режим на исхрана кај студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Студијата опфатила 60 пациенти на возраст од 19-30 години, од двата пола. Во однос на образованието, испитаниците беа класифицирани во 2 групи во прва група - 30 предмети - студенти по стоматолошка медицина и втора група - 30 предмети-студенти на други факултети. На сите им бил поделен анонимен прашалник за навиките, хигиенските и лошите навики што ги имаат, а исто така беше направен и стоматолошки преглед за да се согледа стоматолошката состојба на студентите. Авторите заклучуваат дека постои корелација помеѓу оралните хигиенски навики на учениците и нивото на образование (универзитет каде што студираат). Секако дека идните стоматолози ќе продолжат во доедукација на населението за зголемување и превентивни мерки, за подигање на оралното здравје, а со тоа и за системско здравје. *Трудот има стручна и апликативна важност.*

36. Naskova Sanja, Iljovska Snezana, Iljovska Marina, Zlatanovska Katerina, **Longurova Natasa** (2017) Correlative Valuesof Body Weight (Body Mass Index) And Dental Caries In Examinees With Primary Dentition. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 16 (12). ISSN 2279 – 0853 https://eprints.ugd.edu.mk/18894/

**Евалуација на трудот:** Целта на овој труд е да се утврдат ефектите на body mass index (BMI) врз појавата на забен кариес кај деца со примарна забна дентиција и нивната меѓузависна корелација со интензитетот на забниот кариес. За реализација на оваа студија авторите по случаен избор одбираат 74 деца од предучилишна возраст кои беа на возраст од 4-6 години и беа запишани во основните училишта во градот Штип. Резултатите од студијата покажаа дека помеѓу телесната тежина на децата и присуството на забен кариес за Pearson Chi-square = 2,80 и p> 0,05 нема значајна корелација. При утврдувањето на значењето на придонесот на секоја компонента кон присуството на забен кариес, откриено е дека неисхранетоста има најголемо влијание (Wald = 2,06 / p> 0,05 (p = 0,15), потоа прекумерната тежина (Wald = 0,89 / p> 0,05 (p = 0,35) и најслабо влијание е нормалната тежина (Wald = 0,39 / p> 0,05 (p = 0,53). Како заклучок, би рекле дека децениските истражувања се фокусирани на идентификација на деца со висок ризик за развој на забен кариес и откривање на нивната причина е од огромно значење. *Трудот има стручна и апликативна важност.*

37. **Longurova Natasa**, Kovacevska Ivona, Denkov Nikola, Zlatanovska, Katerina, Toneva Verica (2017) Дентални карактеристики кај булимични пациенти. Knowledge in Practice. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/19140/

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторите се насочени кон булимијата која етиолошки се поврзува со хранливи и психолошки нарушувања и се карактеризира со неконтролирани јадења кои обично се проследени со периоди на гладување, прочистување или повраќање. Авторите даваат осврт на оралните симптоми поврзани со булимија вклучуваат ерозија, забен кариес, дентална болка, ксеростомија, намалена секреција на плунка, паротидно проширување и дисфагија, меѓу другите. Сите, освен 2 од оралните симптоми може да се променат: денталниот кариес и денталната ерозија. Стоматолозите може веднаш да ги дијагностицираат овие промени. Сепак, овие дијагнози се одразуваат на утврдената состојба која го остава стоматологот без друга опција отколку реставрација на оштетените забни површини. *Трудот има научна и апликативна важност*

43. **Longurova Natasa**, Zlatanovska Katerina, Kovacevska Ivona, Denkov Nikola, Atanasova Sandra, Toneva Verica (2018) Знаења и ставови на родителите на 7-12 годишни деца во врска со потреба за интервенции на прв траен молар. Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/20531/

**Евалуација на трудот:** Целта на оваа студија е да се оцени знаењето, ставот и практиката на родителите на училишните деца за првиот траен молар, за кои истите поради возраста на децата не обрнуваат внимание, а истиот претставува мастикаторен центар и е многу важно да се задржи во забниот низ. За реализација на оваа цел авторите избираат 30 училишни деца со мешана дентиција, на кои бил направен клинички преглед на кои ги нотирале интервенциите кои се направени на првиот траен молар. Дизајниран е прашалник за родителите, за нивните знаења, ставови и искуства за мешаната дентиција и првиот траен молар.Резултатите коишто ги добиле укажуваат дека децата со почетокот на мешаната дентиција најчесто не се информирани за тоа и поради тоа првиот траен молар најчесто е изложен на реставрација или ендодонтски третман. *Трудот има стручна и апликативна важност.*

45. **Longurova Natasa**, Zlatanovska Katerina, Kovacevska Ivona, Denkov Nikola, Atanasova Sandra (2018) Најчести компликации после ендодонтски третман. Knowledge – International Journal. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/20538/

**Евалуација на трудот:** Главна цел во трудот е да се објаснат компликациите по ендодонтскиот третман, за што ако болката е интензивна, ова би можело да биде знак на компликации во текот на третманот а во мал процент од случаите може да е потребно и екстракција на забот за да се ослободи болката во коренскиот канал. Авторите посочуваат дека најчестите причини за болка во каналите после коренот се: иритација на пародонталните ткива, бруксизам, периапикален апсцес, или нов апсцес кој може да се формира како резултат на коскена инфекција поради бактерии кои биле надвор од врвот на коренот пред или за време на ендодонтската процедура која ја инфицира коската на вилицата. Авторите посочуваат дека неколку стоматолошки состојби може да доведат до сериозни компликации, потценувајќи ја забоболката предизвикана од инфекција на заби со верување дека ќе помине и одложување за посета на стоматолог може да дозволи инфекцијата да се шири. Резултатот ќе биде зголемување на болката, губење на забот и потреба од поскапи третмани. *Трудот има научна и апликативна важност.*

46. Kovacevska Ivona, Zlatanovska Katerina, **Longurova Natasa**, Terzieva-Petrovska Olivera, Georgiev Zlatko (2018) Споредбена анализа за употреба на дентални нанокомпозити во Македонија, Бугарија и Шведска. Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/20587/

**Евалуација на трудот:** За реализација на целта авторите направиле истражувањето спроведено во 10 приватни здравствени установи – стоматолошки ординации во Битола, Македонија, 3 приватни здравствени установи – стоматолошки ординации во Пловдив, Бугарија и во една државна стоматолошка клиника во Малме, Шведска, со вклучени вкупно 26 стоматолози, вклучувајќи ги и двата пола и тоа: машки пол – 14 терапевти и женски пол – 12 терапевти. За реализација на оваа студија авторите изработиле прашалник до докторите и секој од испитаниците го изразил своето лично искуство за нанокомпозитните материјали. Од резултатите заклучивме дека нанокомпозитните материјали се употребуваат често во стоматолошките ординации во Битола, Пловдив и Малме како средство за оптурација во реставративната стоматологија. Како најчесто користени нанокомпозитни материјали во стоматолошките ординации во Битола се Filtek Ultimate (3M ESPE), Tetric EvoCeram (Ivoclar Vivadent) и Gradia direct (GC). *Трудот има стручна и апликативна важност.*

48. **Longurova Natasa,** Zlatanovska Katerina, Kovacevska Ivona (2018) Влијание на социјално економскиот статус на родителите на денталното здравје и КЕП индексот кај децата. Стручна научна конференција Социјални детерминанти и здравјето на населението, 2 (1). https://eprints.ugd.edu.mk/20776/

**Евалуација на трудот:** Авторите во овој труд даваат осврт на општествено-економската нееднаквост како сложена мерка која ги вклучува економскиот статус (личен доход), општествениот статус (образование) и работниот статус (вработување) како најтрадиционален пристап за нееднаквоста на здравјето и мислењето за економската состојба на поединецот.

Кариесот претставува едно од најчестите заболувања не само кај децата туку и кај сите останати старосни групи. Резултатите во последните години од многуте епидемиолошки испитувања во детската популација покажуваат дека епидемијата на кариесот е стопирана во земјите на Западна Европа и САД. *Трудот има научна и апликативна важност.*

49. Kovacevska Ivona, **Longurova Natasa**, Zlatanovska Katerina (2019) Different group of tooth in relation of endodontic treatment. Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/22201/

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторите имаат за цел да се анализира присуството на ендодонтскиот третман во однос на различните групи на заби, дистрибуцијата во вилиците и полот, како и етиолошките фактори кои довеле до ваквата терапија. Прегледот е направен во период од една година, во две стоматолошки ординации во Штип, на вкупно 142 заба, од пациентите се анамнестички податоци, а направен е и стоматолошки преглед.

Резултатите од спроведеното истражување покажаа дека мандибуларниот прв молар е заб кој најчесто се третира ендодонтски, а кариесот е примарен етиолошки фактор за заболувања на забната пулпа. Максиларните заби се подложни на ендодонтско лекување. *Трудот има стручна и апликативна важност.*

50. Zlatanovska Katerina, Dimova Cena, Gigovski Nikola, Korunoska Stevkovska Vesna, **Longurova Natasa** (2019) Fracture Localization of Porcelain Veneers with Different Preparation Designs. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 7 (10). pp. 1675-1679. ISSN 1857-9655 (online) https://eprints.ugd.edu.mk/22174/

**Евалуација на трудот**: Во ова истражување авторите имаат за цел да го испитаат влијанието на видот на препарацијата врз појавата и локализацијата на фрактура кај порцеланските фасети. Со ин витро испитување утврдена е корелација меѓу трите различни видови на препарација и тоа препарација во форма на перо, препарација со инцизално закосување и препарација со инцизален преклоп (палатинален жлеб), со локализацијата на фрактурата - инцизално, гингивално или комбинирано. *Трудот има научна и апликативна важност.*

51. Kovacevska Ivona, **Longurova Natasa,** Zlatanovska Katerina (2019) Застапеност на кариесот во релација со оралната хигиена. International Journal Knowledge. ISSN 1857-923X (In Press) https://eprints.ugd.edu.mk/22138/

**Евалуација на трудот:** Авторите во ова испитување имаат за цел да направат процена на поврзаноста на кариесот со оралната хигиена, кај различни возрасни групи, во Гевгелија. Во истражувањето се вклучени 90 пациенти од двата пола, од четири ординации во Гевгелија. Во релација со нивната возраст испитаниците ги поделени во три групи: на возраст од 20-30 години, од 30-40 години и на возраст над 40 години. На сите им бил даден анонимен анкетен прашалник и направен клинички (интраорален) преглед. Резултатите од испитувањето покажуваат дека во првата група 56% од испитаниците ги четкаат забите два пати во денот, односно 20% дури и трипати на ден што се однесува пак до втората група испитаници, најзастапено беше миењето на забите само еднаш во текот на денот, односно 56%. Во третата испитувана група, која ја сочинуваа испитаници на возраст над 40 години, 63% од нив еднаш дневно ги мијат забите.Помладите пациенти се повеќе едуцирани за вредноста на своето орално здравје, за естетски подобар изглед, односно за естетски поубава насмевка, така што имаат поредовна орална хигена, за разлика од пациентите од повозрасните групи. *Трудот има научна и апликативна важност.*

52. Zlatanovska Katerina, Dimova Cena, **Longurova Natasa**, Kovacevska Ivona, Naskova Sanja (2020) The Impact of Oral Health on Quality of Life in Partially Edentulous Patients Before and After Prosthodontic Rehabilitations. Journal of Hygienic Engineering and Design, 30. pp. 89-94. ISSN 1857- 8489 https://eprints.ugd.edu.mk/24043/

**Евалуација на трудот**: Авторите во оваа студија имаат за цел да се процени квалитетот на живот поврзан со оралното здравје (OHRQoL) пред и по протетската рехабилитација кај делумно беззабни пациенти. За реализација на целта авторите испитуваат 60 делумно беззабни пациенти, третирани со фиксни и мобилни протези, со екстраорален и интраорален преглед и пополнување специфичен прашалник пред и 6 месеци по третманот. Шест месеци по протетскиот третман, сите испитаници воспоставија значителни подобрувања во оценките на OHIP. Резултатите покажаа дека протетската

рехабилитација кај делумно беззабните пациенти била поврзана со подобрување на OHRQoL на пациентите, што сугерирало зголемено ниво на задоволство на пациентот. *Трудот има стручна и апликативна важност.*

55. **Longurova Natasa**, Zlatanovska Katerina, Naskova, Sanja (2020) Тераписки пристап на caries profunda. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/27354/

**Евалуација на трудот:** Авторите во овој труд даваат осврт на кариесот како едно од најчестите заболувања на тврдите забни ткива во денешницата, чијашто преваленција и покрај современите стандарди на терапија и превентивни мерки сè уште расте. Кариесот по дефиниција претставува мултифакторијално, мултикаузално заболување кое ги зафаќа тврдите забни ткива, односно кое доведува до деструкција и деминерализација на органскиот и неорганскиот дел на забот и формирање на кавитет. Денес постојат многу различни материјали кои во согласност со индикациите овозможуваат различен третман и пристап кон длабоките кариозни лезии. Во ова истражување според литературата авторите ги разгледуваат терапевтските постапки на длабокиот кариес во однос на минимално инванзивните техники кои се претставени во три концепти и тоа: а) прекривање на кариесот; б) парцијално-селективно отстранување на кариесот в) целосно отстранување на размекантото ткиво со тоа што доколку се експонира пулпата имаме три техники на избор: директно прекривање на пулпата, пулпотомија и пулпектомија. *Трудот има стручна и апликативна важност.*

56. Naskova Sanja, **Longurova Natasa** (2021) Влијание на социо-економски услови во појавата на дентален кариес кај деца со трајна дентиција. Knowledge, International Journal Scientific Papers, 44.2. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/27941/

**Евалуација на трудот:** Авторите во оваа студија имаат за цел да се оцени односот помеѓу оралното здравје и социо-економските услови што укажуваат дека нискиот социо-економски статус е поврзан со повисока преваленција на забниот кариес. Се смета дека причината за поврзаноста помеѓу орално здравје и социо-економскиот статус се должи на фактот дека истиот овозможува /не пристап до ресурсите за добивање сознанија за оралното здравје, во кои особено се потенцира потрошувачката на шеќери, оралната хигиена, превентивни активности и редовни стоматолошки прегледи. За реализација на поставените цели авторите опсервираат деца по случаен избор од основните училишта во градот Штип. Вкупно 71 дете ја сочинуваат групата со трајна дентиција. Во прикажаната дистрибуција на податоци за социо-економскиот статус на децата со трајни заби за Fisher's Exact Test=31,10 и $p<0,001$ ($p=0,000/0,000-0,000$) постои значајна разлика помеѓу двете групи. Испитаниот однос помеѓу социо-економскиот статус на децата со трајна дентиција и интензитетот на денталниот кариес за $R=0,15$ ($p>0,05$) утврдена е слаба незначајна корелација. Со порастот на социо-економскиот статус на децата со трајна дентиција присуството на дентален кариес кај децата се зголемува. Асоцијацијата на социо-економските услови може да се користи како сериозен скрининг фактор и сериозно да партиципира како инструмент за процена на ризикот од кариес. *Трудот има научна и апликативна важност.*

59. **Longurova Natasa,** Kovacevska Ivona, Naskova Sanja (2021) Клинички каректеристики и тераписки аспект на дентална флуороза. Knowledge - International Journal Scientific Papers, 45.4. ISSN 2545-4439 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/28457/

**Евалуација на трудот:** Авторите во овој труд се насочени кон денталната флуороза како честа болест, која предизвикува дефект на емајлот на забите, поради зголемен внес на флуор за време на формирање на забите. Етиологијата на флуорозата е поврзана со повеќе фактори, од кои како најчести издвоени се: водата за пиење, денталните производи и храната. Авторите даваат осврт и на клиничките карактеристики во зависност од тежината на болеста, за која да се одреди степенот постојат неколку класификации, денталната флуороза се манифестира со појава на заматеност на емајлот, хипоминерализација, појава на кредасто бели дамки, кои кај потешките случаи на дентална флороза може да имаат и светло-кафеава, темно-кафеава до црна боја. *Трудот има научна и апликативна важност.*

***<u>Објавени трудови во целост од други интердисциплинарни области:</u>***

38. Zlatanovska Katerina, Kovacevska Ivona, Dimova Cena, **Longurova Natasa**, Naskova Sanja, Panova Gordana, Jurukova Milena (2018) Употреба на отпечаточни материјали во фиксна протетика во Источна Македонија. Knowledge: International Journal Scientific Papers, 22 (5). pp. 1428-1432. ISSN 1857-92 https://eprints.ugd.edu.mk/20299/

Трудот е во постапка на рецензирање.

40. Kocovski Darko, Toneva Verica, Zlatanovska Katerina, Atanasova Sandra, **Longurova Natasa**, Rogoleva Sonja (2018) Denture Hygiene. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 23 (2). pp. 473-476. ISSN 1857-92
https://eprints.ugd.edu.mk/20746/

**Евалуација на трудот**: Целта на авторите во оваа студија е да се презентираат упатства за одржување на оралната хигиена кај пациенти со протези за подобрување на оралната хигиена, бидејќи оралната хигиена е најважната мерка за унапредување и превенција на оралното здравје. Со подигање на животниот стандард се подига и старосната граница на населението. Авторите укажуваат на тоа дека и покрај големата превенција и намалување на кариес, во подоцнежните години луѓето ги губат забите. Според некои статистички анализи се зголемува бројот на луѓе кои бараат протетски третман, а и според некои студии недостигаат превентивни хигиенски програми за одржување на соодветна орална хигиена и хигиена на протезите. *Трудот има научна и апликативна важност*.

41. Atanasova Sandra, Kovacevska Ivona, Nashkova Sanja, Toneva Verica, Zlatanovska Katerina, **Longurova Natasa** (2018) Side effects of orthodontic treatment. Knowledge, International Journal Scientific Papers. ISSN 1857- 92 https://eprints.ugd.edu.mk/20610/

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот се насочени кон ортодонтскиот третман кон неговите позитивни ефекти како и негативни аспекти. Освен неговите позитивни придобивки како подобра мастикација, фонација и естетика на лицето на пациентот се обезбедува со ортодонтски третман тој придонесува за општото и оралното здравје на пациентот, влијаејќи на самодовербата или подобрување на квалитетот на неговиот живот. Како и секоја друга медицинска интервенција, покрај придобивките од ортодонтскиот третман, постојат одредени ризици, негативни ефекти на кој авторите во овој триуд даваат посебен осврт. Најчестите негативни ефекти од ортодонтскиот третман може да бидат локални, односно интраорални и екстраорални, како и системски. *Трудот има научна и апликативна важност*.

42. Zlatanovska Katerina, Kovacevska Ivona, **Longurova Natasa,** Naskova Sanja, Zarkova-Atanasova Julija, Atanasova Sandra (2018) Most common mistakes and complications in impressions at fixed-prosthodontic constructions. Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 23 (2). pp. 553-558. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/20732/

Трудот е во постапка на рецензирање.

44. Atanasova Sandra, Kovacevska Ivona, Naskova Sanja, Toneva Verica, Zlatanovska Katerina, **Longurova Natasa** (2018) Oral higiene during orthodontic tretment. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. ISSN 1857-92
1. Zan Mitrev,Tanja Anguseva, Zvonko Atanasov Trauma of the Heart and Gerat Vessels Cardiolog Res *Cardiovasc Med 2 CRCM-115* 2017; (ISSN: 2575-7083)

Траумите на големите крвни садови и срцето се карактеризираат со специфична анатомска локација и механизам на повреда (компресивна или пенетрирачка). Менаџмент стратегијата на овие повреди директно зависи од големината и од механизмот на настанување на повредата. Напреднатата имиџинг технологија и катетер базираните дијагностички процедури овозможуваат брза егзактна дијагностика со можност на поефективен интервентен третман. Но и покрај ова, стандардните хируршки процедури на отворено срце се неопходни при многу трауми на срцето и големите крвни садови. Но во повеќето центри во светот поради специфичноста на овие состојби се формираат мултидисциплинарни тимови за дијагностика третман и следење на овие пациенти. Во овој оригинален труд авторите даваат приказ на менаџмент стратегија при разни видови на траума од типот на удар, компресија и убодни рани на срцето и големите крвни садови сумарно преку презентацијата на клиничката студија на 22 третирани пациенти.

2. Tanja Anguseva, Zan Mitrev /Right Ventricular Myxoma, J.surg.2017 (ISSN: 2575-9760)

Во овој труд авторите прикажуваат случај на 13-годишно момче со миксом во ретка позиција на десна комора со пропагација кон трикуспидната валвула и кон излезниот тракт на десната комора. Во трудот е опишана детално хируршката техника за отстранување на туморот. Патохистолошкиот наод потврдил дела се работи за миксом со налепени тромботични маси.

Milev I, Zafirovska P, Zimbakov Z, Idrizi S, Ampova-Sokolov V, Gogieva E, Ilievska Lj, Toshevski G, Hristov N, Georgievska-Ismail Lj, Angusheva T, Mitrev Z. Transcatheter Closure of Patent Foramen Ovale: A Single Center Experience. *Open Access Maced J Med Sci*. http://dx.doi.org/10.3889/oamjms.2016.113

Во овој труд се претставени резултатите од перкутано затворање на патент форамен овале (ПФО) кај 52 пациенти кои се презентирале со мозочен удар, транзиторна исхемична атака и изаразена мигрена со аура. Проследени се пери-интервентните компликации, успешноста на методата, а пациентите се следени во тек на 2 години за појава на нови несакани збиднувања. Авторите заклучуваат дека перкутаното транс-какетерско затворање на ПФО е безбедна и ефективна процедура со средноречно ослободување од нови невролошки несакани ефекти и значително намалување на изразеноста на симптомите на мигрена.

7. Tanja Anguseva, Zan Mitrev/Emergencies in Cardiovascular Surgery-A Clinical Judgment and Treatment Strategy, *Cardiovasc Med 2 CRCM-115*/DOI:10.29011/2575-7083.000019

Ургентната хирургија е дел од секојдневната пракса на кардиохируршките центри и ги опфаќа пациентите со акутен коронарен синдром, ендокардит, валвуларна хирургија, траума акутна аортна дисекција, акутна емболизација и Le Riche синдром. Во овој труд авторите ретроспективно ги прикажуваат 12-годишните резултати од 10023 кардиоваскуларни пациенти над кои е применета итна кардиоваскуларна процедура. Сумарно искуството од овој труд поентира дека при навремената дијагностика и поентирање на ризик-факторите се неопходни во одлуката за хируршкиот менаџмент кај овие болни. Искуството покажа дека е неопходна мултидисциплинарна евалуација и тимски пристап при донесувањето на одлуката за итна хируршка процедура.

8.Tanja Anguseva, Zan Mitrev, Milka Zdravkovska[1,T]ransesophageal Evaluation of Reconstructive Surgery for Aortic Valve Stenosis /*Open Access Maced J Med Sci*.https://doi.org/10.3889/oamjms.2020.5503

Во овој труд авторите го потенцираат бенефитот од трансезофагеалната ехокардиографија во морфолошката процена на реконструктивната хируршка процедура применета кај пациенти со тешка аортна стеноза. Во трудот се прикажани резултатите од 377 пациенти со тешка аортна стеноза кај кои е применета ектирпација на нативната тешко стенозирана аортна валвула и истата е заменета со новокреирани аортни залистоци од перикардиум во стандардни услови на хирургија на отворено срце.

9. Milka Klinceva, Elena Amvarkova Vilarova,Tanja Anguseva,Ivan milev,Enver Idoski, Zan Mitrev/Endothelial Nitric Oxide Synthase T-786C Mutation,Prothrombin Gene Mutation (G-20210-A) and Protein S Deficiency Could Lead to Myocardial Infarction in a Very Young Male Adult;*Open Access Maced J Med Sci, https://doi.org/10.3880/oamjms20.16014*

Миокардниот инфаркт е ретка појава кај млади луѓе. Главна причина поради која се појавува миокардниот инфаркт во оваа возраст е конгенитална аномалија на коронарните крвни садови, коронарен спазам поради примена на одделни супстанции или пак хиперкоагулабилност на крвта поради дехидратација или пак поради некои вродени генетски мутации. Најчесто комбинацијата на генетските мутации и дефицитот на антикоагулантниот протеин S доведува до настанување на миокарден инфаркт. Во трудот е прикажан случај на 19-годишен пациент со акутен миокарден инфаркт, каде што е докажана мутација на синтезата на ендотелниот азотен моноксид Т-786-С, протромбинска генетска мутација G-20210-А и дефицит на протеинот S.

10.Victor Rosenthal, Tanja Anguseva et all/Six-year multicenter study on short-term peripheral venous catheters-related bloodstream infection rates in 727 intensive care units of 268 hospitals in 141 cities of 42 countries of Africa, the Americas, Eastern Mediterranean, Europe, South East Asia, and Western Pacific Regions: International Nosocomial Infection Control

Consortium (INICC) findings;Infection control&Hospital Epidemiology, Cambridge University Press 18.03.2020

Во овој труд е прикажана мултицентрична анализа на појавата на позитивни хемокултури по примена на краткотрајни интравенски пристапи во повеќе единици на интензивно лекување. Направена е компарација на инциденцата на појава на позитивна хемокултура во единиците на интензивно лекување во развиените земји и оние кои се со ограничени лимити од земјите во развој. Резултатите покажаа дека е неопходна подготовка на програма за превенција на инфекција на интравенските пристапи, како и нејзино ригорозно спроведување, што произлезе од позитивното искуство од развиените земји.

11. Victor Rosenthal, Tanja Anguseva et all/ International Nosocomial Infection ControlConsortium (INICC) report, data summary of 45 countries for 2012-2017:Device-associated module; Am J Infect Control 2020Apr:48(4):423-432

Во овој труд е дадена анализата на искуствата од интензивните неги од 45 центри за појавата и спречување на настанување на диvajс асоцирани инфекции и превенција на настанување на резистентни микробиолошки видови со стратешка и протоколарно применета антибиотска терапија.

12. Tanja Anguseva/ Surgery in septic patient with acute aortic endocarditis-case report;Advances in medical Ethics;3rd Annual Congress&Medicare expoon Primary Healthcare,Cliniccal &Medical Case Reports, April 17-19,2017 Dubai UAE

Во овој труд е дадена тежина на акутниот бактериски ендокардит и креирање на правилна стратегија во менаџмент на истиот, одлуката кога да се примени хирургија. Воедно авторката го прикажува бенефитот од примената на континуираната вено-венска ултрафилтрација со Огзирис филтер во отстранување на ендотоксините, кои се главен причинител за хемодинамската дестабилизација при акутниот ендокардит.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложените документи, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Тања Анѓушева има голем придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да ја избере д-р сци. Тања Анѓушева во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област кардиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Елизабета Србиновска-Костовска, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Марија Вавлукис, вонреден професор, член, с.р.**
**Д-р Биљана Илиевска-Попоска, вонреден професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**
**д-р Тања Анѓушева**

| Р.бр. | **Наставно-образовна дејност** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| Р. бр. | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) (15/10/5)<br><br>**Труд со реден број 5 и 7 – прв автор (2 x 15 )**<br>**Труд со реден број 2 и 4 – втор автор**<br>(2 x 10)<br>**Труд со реден број 3,10 и 11 – останати автори**<br>(2 x 5 x 0,7 = 7 + 1 x 5 = 5 ) | 2 x 15 = 30<br><br>2 x 10 = 20<br><br>2 x 5 x 0,7 = 7<br>1 x 5 = 5 | | | | **62** |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) ( 9/6/3)<br><br>**Труд под реден број 1 и 8 – прв автор (2 x 9)**<br>**Труд со реден број 6 и 9 – останати автори**<br>**(2 x 3 x 0,7)** | | | 2 x 9 = 18<br><br>2 x 3 x 0,7 = 4,2 | | **22,2** |
| 10 | Одбранета докторска дисертација | 8 | | | | **8** |
| 11 | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | | 6 | | | **6** |
| 12 | Одбранет магистерски труд | | 4 | | | **4** |
| 23 | Студиски престој во странство | 8 | | | | **8** |
| | **Вкупно** | | | | | **110,2** |
| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 22 | Награди-признанија за научни-постигнувања | 3 x 5 | | 5 x 10 | | **65** |
| 26 | Водич на тимот за трансплантација на срце на РС Македонија | 1 x 3 | | | | **3** |
| 29 | JCI акредитација и реакредитација на КБ „Жан Митрев клиника“ | 1 x 2 | | | | **2** |
| | **Вкупно** | | | | | **70** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **180,2 бода** | | | | |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КИНЕТОГРАФИЈА НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Со Одлука бр. 1402-73/7 од 14.6.2021 година донесена на 79. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, одржана на 14.6.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање насловен доцент во наставно-научната област *кинетографија (60916)* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **проф. д-р Владимир Јаневски,** редовен професор, наставно-научна област методика на настава по народни ора (60916), вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, претседател;
- **проф. д-р Родна Величковска**, редовен професор - научен соработник, наставно-научната област етномузикологија (60902), вработена на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, член;
- **проф. д-р Гоце Гавриловски**, редовен професор, наставно-научната област музички форми со анализа *(60907)* и хармонија и полифонија со анализа (60908), вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 22.5.2021 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот: м-р Христијан Николовски, стручен соработник на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на Музичката академија, на Одделот за етнокореологија, вработен во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ - Скопје, на насоката за традиционална музика и игра.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, Рецензентската комисија констатираше дека се доставени сите потребни документи, согласно со објавениот Конкурс, и чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип што го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

М-р Христијан Николовски е роден во 1992 година во Делчево. Основно и средно образование завршува во Делчево. Дипломската работа ја одбранува во 2015 година на тема „*Бамбурци – Игри под маски во Малешевијата“*. Степенот на магистер го стекнува во 2019 година на тема „*Континуитетот на кинетографското писмо во Македонија“*.

Кандидатот м-р Христијан Николовски своето професионално искуство почнал да го оформува во 2011 година со запишувањето на Катедрата за етнокореологија на Музичката академија при УГД - Штип. Од 2015 година сè до денес кандидатот е вработен во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ - Скопје, на насоката за традиционална музика и игра. Од 2017 година кандидатот е ангажиран како стручен соработник на Универзитетот „Гоце Делчев“, на Музичката академија во Штип на Одделот за етнокореологија. Од 2012 година сè до ден-денес е уметник на Ансамблот „Македонија“.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент од областа на музичката уметност за стручно-уметничките предмети***

**Општи услови за избор:**

1. Насловен доцент од научната област во која се избира со диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен.

- Стекнат степен **магистер по етнокореологија** на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Македонија, со просек 9.71.

**-** Стекнат степен **дипломиран етнокореолог** на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Македонија, со просек 9.54.

2. Изведба на единаесет целовечерни концерти (во земјава или странство)

**Концертни активности во земјата**

| ***Р*** б | ***Место*** | ***Датум*** | ***Повод*** | ***Наслов*** | ***Нстап/ Целовечерен концерт*** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски народен театар – Скопје | 29.4.2015 | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |
| 2 | Македонски народен театар, Скопје | 11.12.2015 | Годишен концерт на ансамблот | На аскер ќе одам | Целовечерен концерт |
| 3 | Македонски народен театар, Скопје | 29.11.2016 (втора претстава) | Годишен концерт | Махмуд се готви | Целовечерен концерт |
| 4 | Хераклеа, Битола | 1.8.2017 | 47. Републички фестивал на народни игри и песни Илинденски денови 2017 | / | Целовечерен концерт |
| 5 | Музеј на македонската борба | 2.6.2019 | Меѓународна ревија на народни носии | Меѓународна ревија на народни носии | ревија и целовечерен концерт |

***Концертни активности во странство***

| Р б | Место | Датум | Повод | Наслов | Настап/ Целовечерен концерт |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Република Турција – Ахисар, Маниса и Измир | 26. – 31.5.2015 | Концертна турнеја во Турција | / | 2 целовечерни концерти |
| 2 | Бјалисток, Република Полска | 19.7.-28.7.2015 | Учество во интернационален фолклорен фестивал „The Podlasque“, Octave of cultures 2015 | / | Настапи, цевечерни концерти, дефиле |
| 3 | Корча, Република Албанија, Театар А.З. | 23.10.2015 | 23 Октомври ден на македонската револуционерна борба, Фолклорен фестивал „Сонце“ | / | Целовечерен концерт |
| 4 | Клаипеда, Литванија | 19.7.-29.7.2018 | Фестивал PARBEG LAIVELIS! | | Концертна турнеја 5 |
| 5 | Приштина | 21.9.2019 | Фестивал | | Настап **ГРАНД ПРИ НАГРАДА** |
| 6 | Нови Пазар, Србија | 26.1.-27.1.2020 | Концертна турнеја | / | Целовечерен концерт |

3. Препораки од двајца редовни професори од соодветната научно-уметничка област за која се избира (во прилог)

6. Има издаден универзитетски учебник или стручна книга или монографија или це-де или ДВД

- м-р Христијан Николовски има издадено стручна книга со наслов „Континуитетот на кинетографското писмо во Македонија“, издавач: Здружение на етнокореолози на Македонија, Скопје, 2020;

- м-р Христијан Николовски има издадено авторско ЦД со наслов „Македонски традиционални ора од Овче Поле“, издавач: Балкански музички центар, Велес, 2019; „Махмуд се готви…“ и „На аскер ќе одам“, издавач: Здружение на етнокореолози на Македонија, Скопје, 2016.

8. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 45 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

***<u>Концертни активности во земјава</u>***

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Р. Б.*** | ***Место*** | ***Датум*** | ***Повод*** | ***Наслов*** | ***Настап/ Целовечерен концерт*** |
| 1 | Драмски театар, Скопје | 27.1.2013 | Концертната турнеја во Јапонија | / | Целовечерен концерт |
| 2 | Мултимедијален центар, Штип | 28.1.2013 | Концертна турнеја во Јапонија | / | Целовечерен концерт |
| 3 | Дом на култура Струмица | 5.4.2013 | Концертната турнеја во Јапонија | / | Целовечерен концерт |
| 4 | Отворена сцена, Делчево | 26.8.2013 | / | / | Целовечерен концерт |
| 5 | Македонска опера и балет, Скопје | 22.11.2013 | Прв годишен концерт на ансамблот | Коде се мијаците | Целовечерен концерт |
| 6 | Дом на култура Ѓорче Петров, Скопје | 26.12.2013 | / | / | Целовечерен концерт |
| 7 | Отворена сцена, Демир Капија | 22.8.2014 | / | / | Целовечерен концерт |
| 8 | Дом на култура, Куманово | 24.9.2014 | Концертна турнеја на ансамблот низ Македонија | / | Целовечерен концерт |
| 9 | Дом на култура, Битола | 25.9.2014 | Концертна турнеја на ансамблот низ Македонија | / | Целовечерен концерт |
| 10 | Дом на култура, Струмица | 26.9.2014 | Концертна турнеја на ансамблот низ Македонија | / | Целовечерен концерт |
| 11 | Македонски народен театар – Скопје | 29.4.2015 | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |
| 12 | Македонски народен театар – Скопје | 29.4.2015 (втора претстава) | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Македонски народен театар – Скопје | 30.4.2015 | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |
| 14 | Македонски народен театар – Скопје | 30.4.2015 (втора претстава) | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |
| 15 | Македонски народен театар – Скопје | 4.5.2015 | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |
| 16 | Македонски народен театар – Скопје | 4.5.2015 (втора претстава) | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |
| 17 | Дом на култура, Кавадарци | 16.10.2015 | Есенски културни денови | / | Целовечерен концерт |
| 18 | Дом на култура, Демир Капија | 18.10.2015 | / | / | Целовечерен концерт |
| 19 | Македонски народен театар, Скопје | 11.12.2015 | Годишен концерт на ансамблот | На аскер ќе одам | Целовечерен концерт |
| 20 | Салон на МНТ – нов објект | 13.3.2016 (втора претстава) | / | На аскер ќе одам | Целовечерен концерт |
| 21 | Отворена сцена, Берово | 26.8.2016 | Концертна турнеја на Ансамблот низ Македонија/ Етно-плоштад фестивал | / | Целовечерен концерт |
| 22 | Македонски народен театар, Скопје | 29.11.2016 | Годишен концерт | Махмуд се готви | Целовечерен концерт |
| 23 | Македонски народен театар, Скопје | 29.11.2016 (втора претстава) | Годишен концерт | Махмуд се готви | Целовечерен концерт |
| 24 | Дом на култура „Бели мугри“, Кочани | 1.12.2016 | Концертна турнеја низ Македонија | / | Целовечерен концерт |
| 25 | Завод и Музеј - Штип | 23.3.2017 | 10 години јубилеј од постоење на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип | / | Целовечерен концерт |
| 26 | Хераклеа, Битола | 1.8.2017 | 47. Републички фестивал на народни игри и песни Илинденски денови 2017 | / | Целовечерен концерт |
| 27 | Македонски народен театар – Скопје | 2.4.2018 | Годишен концерт | / | Целовечерен концерт |
| 28 | Центар за култура – Битола | 9.5.2018 | Годишен концерт | / | Целовечерен концерт |
| 29 | НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп | 6.11.2018 | / | / | Целовечерен концерт |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 30 | Центар за култура – Битола | 1.6.2019 | Меѓународна ревија на народни носии | Меѓународна ревија на народни носии | Ревија и целовечерен концерт |
| 31 | Музеј на македонската борба | 2.6.2019 | Меѓународна ревија на народни носии | Меѓународна ревија на народни носии | Ревија и целовечерен концерт |
| 32 | Центар за култура, Неготино | 31.10.2019 | | | Целовечерен концерт |
| 33 | Дом на култура, Кавадарци | 1.11.2019 | | | Целовечерен концерт |
| 34 | Завод и Музеј на град Битола | 28.7.2020 | | | Целовечерен концерт |
| 35 | Вевчани | 19.8.2020 | | | Целовечерен концерт |

***Концертни активности во странство***

| Р. Б. | Место | Датум | Повод | Наслов | Настап/ Целовечерен концерт |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Јапонија | 4.2. 21.3.2013 | Концертната турнеја во Јапонија | / | 30 целовечерни концерти |
| 2 | Република Турција – Ахисар, Маниса и Измир | 26. – 31.5.2015 | Концертна турнеја во Турција | / | 2 целовечерни концерти |
| 3 | Република Турција, Бурса | 5.7 – 14.7.2015 | Учество во 29. Интернационален фолклорен натпреварувачки фестивал | / | Целовечерен концерт/ настап/ дефиле |
| 4 | Бјалисток, Република Полска | 19.7.- 28.7.2015 | Учество во интернационален фолклорен фестивал „The Podlasque“, Octave of cultures 2015 | / | Настапи, целовечерни концерти, дефиле |
| 5 | Лесковац, Качарево, Белград, Панчево, Република Србија | 12.10.- 16.10.2015 | Концертна турнеја | / | Четири целовечерни концерти |
| 6 | Корча, Република Албанија, Театар А.З. | 23.10.2015 | 23 Октомври ден на македонската револуционерна борба, Фолклорен фестивал „Сонце“ | / | Целовечерен концерт |
| 7 | Отворена сцена Врбени – Екшису – Грција | 17.07.2016 | / | / | Целовечерен концерт |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Црна Гора, Србија, Хрватска | од 5.5.2017 до 12.5.2017 | Концертна турнеја | / | 5 целовечерни концерти |
| 9 | Загреб, Република Хрватска | од 20.7.2017 до 24.7.2017 | Меѓународна смотра фолклора – Хрватска | / | Ревија на носии/ Настапи (5)/ целовечерни концерти (4) |
| 10 | Ковачевац, Србија | 31.6.- 2.7.2018 | Балкански сусрети | | Концертна турнеја |
| 11 | Клаипеда , Литванија | 19.7.- 29.7.2018 | Фестивал PARBEG LAIVELIS! | | Концертна турнеја 5 |
| 12 | Црна Гора | 10.10.- 12.10.2018 | Концертна турнеја | Tradicija spaja | Ревија на народни носии, концерт |
| 13 | Кикинда – Србија, Трњани и Загреб – Хрватска | 16.10.22 .10.2018 | Концертна турнеја | / | Работилници, семинари, настапи и целовечерни концерти |
| 14 | Софија, Бугарија | 15.9.2019 | Настап | | настап |
| 15 | Приштина | 21.9.2019 | Фестивал | | Настап **ГРАНД ПРИ НАГРАДА** |
| 16 | Нови Пазар, Србија | 26.1.- 27.1.2020 | Концертна турнеја | / | Целовечерен концерт |

**Сценски адаптации**
- Бамбурци
- Малешевски тапање
- Оџово
- Суроваскаре
- Турско вратиславско.

**Активности како предавач**
***<u>Во Македонија</u>***

- **08 / 2016 -** *Семинар за традиционална музика и игра,* Илинденски денови, Битола.
- **08 / 2017 -** *Семинар за традиционална музика и игра,* Илинденски денови, Битола.
- **08 / 2018 -** *Семинар за традиционална музика и игра,* Илинденски денови, Битола.
- **08 / 2019 -** *Семинар за традиционална музика и игра,* Илинденски денови, Битола.
- **08 / 2020 -** *Семинар за традиционална музика и игра,* Илинденски денови, Битола.

***<u>Во странство</u>***
- ***12 / 2016*** *- Семинар за традиционална музика,* Alimo traditional group, Подгорица

(Црна Гора).

*- **02 / 2017** - Семинар за традиционална музика, Alimo traditional group,* Сојуз на Срби во Австрија, Линц (Австрија).

*- **11 / 2017** - Семинар за традиционална музика,* Alimo traditional group, Сојуз на Срби во Словенија, Трбовље (Словенија).

*- **03 / 2018** - Семинар за традиционална музика,* Alimo traditional group, İTÜ Türk Musikisi Devlet Konservatuarı, Истанбул (Турција).

*- **04 / 2018** - Семинар за традиционална музика, Alimo traditional group,* Белград (Србија).

*- **08 / 2018** - Семинар за традиционална музика,* Етно – камп Колашин, Колашин, (Црна Гора).

*- **10 / 2018** - Семинар за традиционална музика и игра,* КУД „Слога Виченца и Басано дел Грапа Италија, Виченца (Италија).

*- **03 / 2019** - Семинар за традиционална музика и игра,* Alimo traditional group, Сојуз на културно-уметнички друштва во Србија, Нови Сад (Србија).

*- **10 / 2019** – Семинар за традиционална музика и игра, Ансамбл за народни игри и песни „ОРО“, Париз (Франција).*

**Учество во жири-комисии**

*- **08 / 2019** Републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ - Битола.*

*- **08 / 2020** Републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ - Битола.*

**Проекти**

- Концертна турнеја во Македонија, Ансамбл Македонија, Министерство за култура, 2016 год.
- Концерт на традиционална музика и игра: СКОПЈЕ – КУЛТУРНА ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА, Ансамбл „Македонија“, Град Скопје, 2017 год.
- *Концертна турнеја на Ансамбл „Македонија“,* проект поддржан од Министерство за култура на РМ, Скопје, 2017 год.
- Учество на Ансамбл „Македонија“ на Интернационален фестивал во Клаипеда, Литванија, Ансамбл „Македонија“, Министерство за култура, 2018 год.
- Меѓународна ревија на народни носии, Ансамбл „Македонија“, Град Скопје, 2018 год.
- Курт Хејлишер во Македонија, Ансамбл „Македонија“, Град Скопје, 2019 год.
- Подвижна традиционална уметност, Ансамбл Македонија, Град Скопје, 2019 год.
- Низ годишните циклуси, Ансамбл „Македонија“, Министерство за култура, 2019 год.
- Меѓународна ревија на народни носии, Ансамбл „Македонија“, Министерство за култура, 2019 год.
- Традиционалната музичка култура во Штип, УГД, Музичка академија – Штип, 2018 - 2019 год.

**Учество на конференции**

- Дани Владе С. Милошевића, *Хронолошки приказ на места и простор за играње во Македонија,* Универзитет у Бањој Луци, Академија уметности, 12 – 14. 04.2019.
- Стручен научен собир „Академски такт за фолклорот и етнологијата“, *Континуитетот на ФГ„ Копачка“ на фестивалот „Илинденски денови“ и неговото културно-општествено значење*, Македонско научно друштво и НУ Центар за култура – Битола, 29.7.2020 г.

**Објавени трудови**

– **Николовски, Христијан** (2016). Игри под маски во Малешевијата – Современи аспекти, *Зборник на трудови VIII*, Илинденски денови, Битола, стр. 52-56.

Резиме: За игрите под маски во Малешевијата познати како Бамбурци авторот Николовски во својот труд пишува за нивната првобитна состојба, но и за денешната, современа форма на одржување. Разликата од некогаш и денес како што пишува авторот е во тоа што денес сè се одвива на еден поинаков начин, во едни поинакви рамки на карневал, со некои разлики во маските и употреба на современи материјали при нивната изработка. Гледано од етнокореолошки аспект, важно е тоа што овие игри под маски ја задржале традиционалната форма при нивното изведување на игрите, а со тоа и обредот ден-денес продолжува да живее.

– **Николовски, Христијан** (2017). Џоломари – игри под маски во Тиквешијата, *Зборник на трудови IX*, Илинденски денови, Битола, стр. 67-71.

Резиме: Во трудот под наслов *Џоломари - игри под маски во Тиквешијата* авторот дава јасна слика за игрите под маски во Тиквешијата, поточно за игрите под маски во селата Бегниште и Ресава, познати како џоломари или џамалари. Посебен осврт дава на нивната првобитна форма односно како обредот се изведувал низ текот на времето, а притоа се задржува и на учесниците во самиот обред, маските и реквизитите кои тие ги употребувале, временскиот простор на изведба и најважни за етнокореолозите, игрите, кои тие ги изведувале познати како џоломарски игри.

– **Николовски, Христијан** (2017). Играорниот репертоар на Бамбурците, *Годишен Зборник*, Универзитет „*Гоце Делчев*“ - Штип, Музичка академија, Штип, стр. 253-264.

– Резиме: Во овој труд Николовски пишува за Бамбурците кои претставуваат игри под маски во етничкиот предел Малешево. Подетално авторот се задржува на нивна етнокореолошка обработка и методски приказ на ората кои влегуваат во нивниот репертоар. За нив како што вели авторот е карактеристично тоа што освен својствените џамалџиски игри кои се карактеризираат со индивидуална игра и со едноставни играорни обрасци, составени од основни форми од типот на основен потскок, доскок и разни скокови, тие изведуваат и игри во форма на оро карактеристични за етничкиот предел пределот Малешево. Во придружба на зурли и тапани Бамбурците ги играле и соборските ора: *Малешевско, Чангулово, Пантево, Канталено, Четворката, Оцово и Елено моме*.

– **Николовски, Христијан** (2018). Бабари – игри под маски во Цапарско Поле, *Зборник на трудови X*, Илинденски денови, Битола, стр. 37-43.

Резиме: Христијан Николовски во овој труд пишува за игрите под маски во Цапарско Поле, поточно во село Цапари, познати како бабари. Детално ја објаснува нивната првобитна форма односно како обредот се изведувал низ текот на времето. Потоа се задржува на учесниците во самиот обред, маските и реквизитите кои тие ги употребувале, временскиот простор на изведба и за етнокореолозите најважни, игрите кои тие ги изведувале.

– **Николовски, Христијан** (2018). Историски аспекти на кинетографијата во Македонија**,** *Годишен Зборник*, Универзитет „*Гоце Делчев*“ - Штип, Музичка академија, Штип, стр. 115-119.

Резиме: Во овој труд станува збор за кинетографијата и кинетографските записи во Македонија разгледувани од историски аспект. Авторот Николовски дава јасна хронологија на кинетографијата во Македонија од почетокот на XX век со појавата на првите кинетографски записи сè до ден-денес.

– **Николовски, Христијан** (2019). Кинетографијата според Рудолф Лабан (1879 – 1958) , *Зборник на трудови XI*, Илинденски денови, Битола, 30-42

Резиме: Во својот труд *Кинетографијата според Рудолф Лабан (1879 – 1958)***,** Николовски пишува уште за почетоците на кинетографското писмо кои датираат уште во XVI век, за многу подоцна да се појави унифицирано писмо според балетскиот уметник Рудолф Лабан, познато како Лабанотација. Авторот нагласува дека ова писмо зазема широка примена на европскиот и американскиот континент.

– **Николовски, Христијан** (2020). *Континуитетот на кинетографското писмо во Македонија,* Здружение на етнокореолози на Македонија, Скопје.

Резиме: Оваа книга од авторот Христијан Николовски, содржи детален аналитички осврт на кинетографското писмо во Македонија и неговото развивање со текот на

годините. Кинетографското писмо воопшто претставува начин на запишување на чекорите во традиционалната игра и постојат повеќе начини и методи на запишување и бележење на традиционалните игри. Од историски аспект даден е аналитички осврт на повеќе видови писма кои биле во функција на кинетографијата во Македонија како што се знаковните системи, дескриптивниот метод на објаснување на игрите и знаковните системи во комбинација со дескриптивен метод. Овие видови на кинетографски писма и методи на запишување биле доста сложени, неунифицирани и не дошло до нивно ширење и прифаќање во светски рамки. Содржината на овој труд исто така содржи податоци за кинетографијата и нејзината примена на територијата на бившата Југословенска држава, Кинетографијата во Бугарија и за Кинетографското писмо на Рудолф Лабан познато како Лабанотација, кое остава трајни обележја и достигнувања во светски рамки. Николовски дава јасна слика за развојот и употребата на кинетографските писма во Македонија, како од самата појава така се до ден денес гледајќи и од современ аспект. Трудот содржи податоци за авторите и главните претставници на кинетографијата и кинетографските писма во споменатите простори. Автори кои оставаат големи епохални дела значајни за науката кои претставуваат основа и база при создавањето на овој труд.

– **Николовски, Христијан** (2020). Инструментот тапан – препознатлив белег на копачката, *Зборник на трудови XII*, *Илинденски денови*, Битола, стр.48-58.

Резиме: Во овој труд авторот Николовски пишува за еден од најголемите презентери на традиционалните вредности на нашиот народ, кој го прикажува изворното на сцената со децении station наназад, како на фестивалските сцени ширум државата така и надвор од неа. Станува збор за Фолклорната група „Копачка“ од с. Драмче – Делчево. Освен за историските аспекти на фолклорната група, во овој труд Николовски посветува внимание и на инструменталната придружба на орото Копачка односно на инструментот тапан за кој слободно можеме да кажеме дека е и препознатлив белег за истоименото оро. Во продолжение зборува за најстарите тапанџии односно за големите мајстори на тапанот и копачката кои со своето свирење оставаат длабоки белези во сеќавањата кај сите што биле присутни на нивните настапи.

– **Николовски, Христијан** (2020). Континуитетот на ФГ „Копачка“ на фестивалот „Илинденски денови“ и неговото културно-општествено значење, *Прилози, Академски такт за фолклорот и традицијата,* Македонско научно друштво – Битола, Битола, стр. 36-45.

Резиме: Во овој труд, авторот Христијан Николовски прави една ретроспектива на континуитетот на фолклорната група „Копачка“ од с. Драмче, на Републичкиот фестивал за народни песни и игри „Илинденски денови“- Битола. Нивната прва презентација била уште во 1975 година, т.е. по 4 години од основањето на фестивалот и се претставиле со орото „Копачка“ кое е автохтоно од етничкиот предел Пијанец од каде што потекнува и истоимената група. По првиот настап пред стручната жири-комисија и пред публиката на фестивалот, орото Копачка станува белег на оваа фолклорна група. Како што вели авторот треба да се истакне дека целиот континуитет на настапи и концертни активности кои ги има оваа фоклорна група на овој реномиран фестивал, а воедно и признанијата и наградите кои ги добива од неговата стручна жири-комисија, несомнено имаат големо културно и општествено значење во публицитетот и реномето на фолклорната група.

**Концертна продукција (ЦД – изданија)**

- НА АСКЕР ЌЕ ОДАМ, Ансамбл „Македонија“, издавач: Здружение на етнокореолози на Македонија, Скопје, 2016;
- МАХМУД СЕ ГОТВИ, Ансамбл „Македонија“, издавач: Здружение на етнокореолози на Македонија, Скопје, 2016.
- МАКЕДОНСКИ ТРАДИЦИОНАЛНИ ОРА ОД ОВЧЕ ПОЛЕ, Христијан Николовски и Филип Арилон, издавач: Балкански музички центар, Велес, 2019.

**Награди**

- Сојуз на стопански комори на Република Македонија доделува награда „ПРИЗНАНИЕ ЗА МАКЕДОНСКИ КВАЛИТЕТ 2016 ГОДИНА“, Музеј на македонската борба,

2.12.2016

- X DANCE НАТПРЕВАР – *ОСВОЕНА ГРАНД ПРИ НАГРАДА, Македонски народен театар, 19.6.2017*

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во периодот од 2015 до 2021 година м-р Христијан Николовски е доста активен во областа на етнокореологијата како од уметнички така и од стручен аспект. Во декември 2016 ги објавува видео ЦД под наслов „Махмуд се готви...“ и „На аскер ќе одам“, издавач: Здружение на етнокореолози на Македонија, Скопје 2016 г., а во 2019 г. го објавува авторското ЦД „Македонски традиционални ора од Овче Поле“, издавач: Балкански музички центар, Велес, 2019. Посебно би сакале да ја истакнеме книгата „Континуитетот на кинетографското писмо во Македонија“, издадена од Здружение на етнокореолози на Македонија, Скопје, 2019, која има стручно и едукативно значење за етнокореолошката наука кај нас, па и пошироко.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на комисијата за избор на наставник во насловно звање насловен доцент во наставно-научната област *к*инетографија на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Од целокупната наведена активност на кандидатот м-р Христијан Николовски, детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање насловен доцент во наставно-научната област кинетографија на Музичката академија, а воедно ги има остварено потребните поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност и стручно-уметничките активности, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност или вкупно 243 поени (НИ+САОР = 233+10 = 243) од неопходниот минимум од 100 поени.

Кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку активно концертирање и за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“.

**Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да го избере кандидатот м-р Христијан Николовски во наставно-научното звање насловен доцент во наставно-научната област кинетографија на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и Одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување на изборот на м-р Христијан Николовски во звање насловен доцент во наставно-научната област кинетографија на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Владимир Јаневски, редовен професор, наставно-научната област методика на настава по народни ора (60916), Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев”, Штип, претседател, с.р.**

**Д-р Родна Величковска, редовен професор - научен соработник, наставно-научната област етномузикологија (60902), Институт за фолклор „Марко Цепенков“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје, член, с.р.**

**Д-р Гоце Гавриловски, редовен професор, наставно-научна област музички форми со анализа (60907) и хармонија и полифонија со анализа (60908), Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев”, Штип, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | Поени | број | поени | Вкупно |
| **5.** | Труд објавен во зборник од трудови на научен собир | 11x2 | 22 | | | 22 |
| **6.** | Музички настап на официјален концерт | 35x3 | 105 | 16x6 | 96 | 201 |
| **10.** | Одбранет магистерски труд | 1x4 | 4 | | | 4 |
| **14.** | Учесник во проект | 3x2 | 6 | | | 6 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **233** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **Поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Книга „Континуитетот на кинетографското писмо во Македонија“, Скопје, 2020, издавач: Здружение на етнокореолози на Македонија | 1x10 | 10 | | | **10** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **10** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **273** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА СЛОЕВИТИ ЛЕЖИШТА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1702-199/5 од 3.11.2021 година донесена на 33. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 2.11.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на доц. д-р Радмила Каранакова-Стефановска за наставник во сите звања за наставно-научната област ***експлоатација на слоевити лежишта*** на Факултетот за природни и технички науки при „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- **д-р Ристо Дамбов**, дипл. руд. инж., редовен професор за наставно-научна област експлоатација на неслоевити лежишта и длабинско дупчење на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - **претседател**;
- **д-р Зоран Панов**, дипл. руд. инж., редовен професор за наставно-научна Експлоатација на слоевити лежишта и механика на карпите и тлото на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - **член**;
- **д-р Ристо Поповски**, дипл. руд. инж., вонреден професор за наставно-научна област механика на карпите и тлото на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, **член**.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ на 16.10.2021 година и во предвидениот рок се пријави доц. Радмила Каранакова-Стефановска.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Радмила Каранакова-Стефановска** е родена на 17.3.1980 год. во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип со континуиран одличен успех. Во учебната 1999/2000 год. се запишува на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, насока Рударство. Дипломирала на Рударско-геолошкиот факултет на 5.7.2005 год. на тема „***Технологија на експлоатација на површински коп Бучим во новостворени услови за работа***“ со што се стекнува со звање дипломиран рударски инженер – насока Технологија на експлоатација на минерални суровини. Студиите ги завршува со просечен успех од 8.24.

Веднаш по дипломирањето е ангажирана како демонстратор на Катедрата за површинска експлоатација и е вклучена скоро во сите активности на Катедрата.

Во академската 2005/2006 година се запишува на постдипломски студии на Рударско-геолошкиот факултет - Штип, на Катедрата за површинска експлоатација и истите ги завршува со просечен успех од 9.57.

Во 2007 година се вработува како помлад асистент на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев “ во Штип.

На 2.6.2010 година го брани магистерскиот труд под наслов „***Методологија на процена на визуелните влијанија на површинските копови и мерки за управување со визуелните ресурси при проектирање на површинските копови***“ и се здобива со звање магистер на технички науки од областа на рударството и истата година е избрана за асистент на Катедрата за површинска експлоатација.

На 25 јануари 2017 година со успешна одбрана докторската дисертација на тема „***Неконвенционални технологии на експлоатација на јаглен со минимизирање на емисијата на штетни гасови***“ на Факултетот за природни и технички науки при

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се стекнува со звање доктор на технички науки од областа на рударството.

За доцент во наставно-научната област **експлоатација на слоевити лежишта,** во рамките на Катедрата за површинска експлоатација и механика на карпите и тлото, е избрана во 2017 година (Одлука 1702-119/4).

Д-р Радмила Каранакова-Стефановска активно се служи со англискиот јазик. Член е на Здружението на рударски и геолошки инженери во Република Македонија.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор:***
***Кандидатката д-р Радмила Каранакова-Стефановска има:***

1. Доктор на технички науки од соодветната научна област (доктор на технички науки, област рударство);
2. Остварен просечен успех од најмалку 8 на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно (остварен просек на додипломски четиригодишни студии – прв циклус посебно 8.24 и остварениот просек на постдипломски студии – втор циклус – 9.57);
3. Објавени најмалку пет (5) рецензирани научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор;
4. Била претходно избрана во наставно-научното звање доцент (избрана во наставно-научно звање доцент по експлоатација на слоевити лежишта, Одлука број 1702/119/4 од 19.4.2017 год.).
5. Потврда за познавање на еден странски јазик (англиски јазик);
6. Има способност за изведување на високообразовна дејност (во изминатиот период од изборот во звањето доцент изведувала настава на дисциплини од областа на површинската експлоатација, подетално е прикажано во делот за наставна активност).

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Меѓународно научно списание/ меѓународна публикација** | **Години на излегување на списанието/ публикацијата** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Adjiski, Vancho and Panov, Zoran and Popovski, Risto and **Karanakova Stefanovska, Radmila** | Application of photogrammetry for determination of volumentric joint count as a measure for improved rock quality designation (RQD) index | Sustainable axtraction an processing of raw materials Journal, Sofia, Bulgaria | 2021 |
| 2. | Adjiski, Vancho and Panov, Zoran and Popovski, Risto and **Karanakova Stefanovska, Radmila** | *Implementation of discrete element method to evaluate the design and material flow in ore pass systems* | Technologies and Practices in Underground Mining and Mine construction, Devin, Bulgaria | 2021 |
| 3. | Panov, Zoran and **Karanakova Stefanovska, Radmila** and Popovski Risto | *Approach towards optimising on truck transport during surface exploitation on metals in function of minimising the costs of exploitation* | Waste Management - GzO’19 Urban Mining, Ljubljana, Slovenia | 2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Delipetrev, Marjan and Panov, Zoran and **Karanakova Stefanovska, Radmila** and Zendelska, Afrodita and Lazarova, Maja | *Risk assessment method for the operator of the machine for deep pit and geological exploration drilling* | XV-th International conference of the open and underwater mining of minerals, Varna, Bulgaria. | 2019 |
| 5. | **Karanakova Stefanovska, Radmila** and Panov, Zoran and Popovski, Risto and Dambov, Risto and Murtanovski, Pece | *Можност за примена на подземна гасификација на јаглен на наоѓалиштето Живојно.* | Стручно советување со меѓународно учество<br><br>Подекс – Повекс | 2018 |
| 6. | **Karanakova Stefanovska, Radmila** and Panov, Zoran and Popovski, Risto | *Multicriteria model for application of underground gasification in coal deposites in Macedonia* | XIV-th national conference with international participation of the open and underwater mining of minerals, Varna, Bulgaria. | 2017 |
| 7. | Panov, Zoran and **Karanakova Stefanovska, Radmila** and Popovski, Risto | *Model of multicriterium range of coal deposits suitable for underground gasification* | 7th Balkanmine Congress – Proceedings, Prijedor, BiH. | 2017 |

Доц. д-р Радмила Каранакова-Стефановска е автор на училишното помагало „ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ПО МЕХАНИКА НА ПОЧВИ“, објавено во базата на електронски изданија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (http://e-lib.ugd.edu.mk/721).

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Доцент д-р Радмила Каранакова-Стефановска од нејзиниот избор во звање доцент по експлоатација на слоевити лежишта, во рамките на Катедрата за површинска експлоатација и механика на тлото, е избрана на 19.4.2017 година (Одлука 1702-119/3) е вклучена во изведувањето на настава на поголем број на дисциплини од областа на Катедрата за површинска експлоатација и механика на карпите и тлото, а тоа се следниве дисциплини:

**Прв циклус на студии**

- Експлоатација на слоевити наоѓалишта
- Технологија на површинска експлоатација
- Гасификација на јаглени
- Нови методи на експлоатација
- Основи на проектирање
- Симулација на донесување одлуки
- Моделирање на производните процеси;

**Втор циклус на студии**

- Неконвенционални методи на експлоатација на минерални суровини
- Одбрани поглавја од производни системи на АГК
- Одбрани поглавја од механика на карпи
- Производни системи со континуирана работа.

Предметите се содржани во студиските програми на Факултетот на природни и технички науки во наставните центри Штип, Прилеп и Кавадарци.

Доцент д-р Радмила Каранакова-Стефановска активно е вклучена во работата со

студентите (предавања, вежби, консултации, изработка/проверка на семинарски трудови и домашни задачи, обработка на податоци за студентите и останати дополнителни активности поврзани како за наставно-научниот процес, така и од аспект на евиденциско-административни задачи).

Од прикажаната наставна активност може да се констатира дека доцент д-р Радмила Каранакова-Стефановска била активно вклучена во изминатиот период во наставните активности на Катедрата за површинска експлоатација и механика на тлото и во однос на евалуацијата од страна на студентите е позитивно евалуирана. Исто така, доц. д-р Радмила Каранакова-Стефановска во изминатиот период била ментор и член на повеќе дипломски работи.

До денес има учествувано на повеќе научни и стручни собири, како во земјата така и во странство, а тоа се потврдува со големиот број објавени стручни и научни трудови во кои се јавува како автор или коавтор.

***Кандидатката доц. д-р Радмила Каранакова-Стефановска, од последниот избор до денес, ги има објавено следниве трудови:***

***Трудови објавени на научни собири, конгреси и симпозиуми***

1. Adjiski, Vancho and Panov, Zoran and Popovski, Risto and Karanakova Stefanovska, Radmila (2021), Application of photogrammetry for determination of volumentric joint count as a measure for improved rock quality designation (RQD) index, Sustainable axtraction an processing of raw materials Journal, Sofia, Bulgaria, 2021

2. Karanakova Stefanovska, Radmila and Panov, Zoran and Popovski, Risto and Adjiski, Vancho (2021) Physical and chemical processes under the underground coal gasification. Natural resources and technologies, 15 (15). pp. 1-5. ISSN 185-6966

Adjiski, Vancho and Panov, Zoran and Goce Zlatkov and Popovski, Risto and Karanakova Stefanovska, Radmila (2021) *Methodology for automated approach in determining the rock quality designation (RQD) index from drill core photographs*. Natural resources and technologies, 15 (15). pp. 14-27. ISSN 185-6966

Panov, Zoran and Adjiski, Vancho and Goce Zlatkov and Karanakova Stefanovska, Radmila and Popovski, Risto (2021) *Нов пристап кон воведување на дигитална гранулометриска анализа на издробен материјал*. Natural resources and technologies, 15 (15). pp. 5-13. ISSN 185-6966

Karanakova Stefanovska, Radmila and Panov, Zoran and Popovski, Risto (2020)The mainstreaming of underground coal gasification in European union countries. Natural resources and technologies, 14 (14). pp. 13-18. ISSN 185-6966

Adjiski, Vancho and Panov, Zoran and Popovski, Risto and Karanakova Stefanovska, Radmila (2020) *Implementation of discrete element method to evaluate the design and material flow in ore pass systems.* In: Technologies and Practices in Underground Mining and Mine construction, 5-8 Oct 2020, Devin, Bulgaria.

Adjiski, Vancho and Panov, Zoran and Popovski, Risto and Karanakova Stefanovska, Radmila (2020) *Discrete Element Method (DEM) for segregation analysis of granular materials: analysis of stockpile formed by conveyor belt.* Natural resources and technologies, 14 (14). pp. 19-26. ISSN 185-6966

Panov, Zoran and Adjiski, Vancho and Zendelska, Afrodita and Popovski, Risto and Karanakova Stefanovska, Radmila (2020) *Осврт кон примена на математичко – моделиски пристапи при геомеханички лабораториски испитувања.* Natural resources and technologies, 14 (14). pp. 27-38. ISSN 185-6966

Karanakova Stefanovska, Radmila and Panov, Zoran and Popovski, Risto (2019) *Проценка на одржливост на подземна гасификација на јаглен.* Подекс – Повекс '19. ISSN 978-608-65530-5-0

Karanakova Stefanovska, Radmila and Panov, Zoran and Popovski, Risto and Murtanovski, Pece and Stoilkov, Aleksandar and Jovanova, Maja (2019) *Техноекономска анализа на подготовка и имплементација на подземната гасификација во рудниците за јаглен.* Зборник на трудови „Природни ресурси и технологии" на Факултет за природни и технички науки. ISSN 185-6966

Delipetrev, Marjan and Panov, Zoran and Karanakova Stefanovska, Radmila and Filipovski, Robert and Zendelska, Afrodita and Lazarova, Maja (2019) *Risk assessment method for the operator of the machine for deep pit and geological exploration drilling.* In: Proceedings of the XV-th International conference of the open and underwater mining of minerals, 03-07 June 2019, Varna, Bulgaria.

Panov, Zoran and Karanakova Stefanovska, Radmila and Popovski, Risto (2019) *Approach towards optimising on truck transport during surface exploitation on metals in function of minimising the costs of exploitation.* In: Waste Management - GzO'19 Urban Mining, 12-13 April 2019, Ljubljana, Slovenia.

Delipetrev, Marjan and Doneva, Blagica and Dimov, Gorgi and Panov, Zoran and Karanakova Stefanovska, Radmila and Filipovski, Robert (2019) *Проценка на ризик на работно место – геофизичар при истражување на минерални суровини.* In: XII Стручно советување од областа на подземната и површинската експлоатација (Подекс-Повекс 2019), 01-03 Nov 2019, Strumica, Macedonia.

Karanakova Stefanovska, Radmila and Panov, Zoran and Popovski, Risto and Dambov, Risto and Murtanovski, Pece (2018) *Можност за примена на подземна гасификација на јаглен на наоѓалиштето Живојно.* Подекс – Повекс '18. pp. 165-172. ISSN 978-608-65530-4-3

Popovski, Risto and Doneva, Blagica and Panov, Zoran and Karanakova Stefanovska, Radmila (2018) *Истражување на плитки подземни води со геоелектрично картирање.* Natural resources and technologies, 12 (12). pp. 25-35. ISSN 185-6966

Dambov, Risto and Trajkovik, Slobodan and Karanakova Stefanovska, Radmila (2017) *Measuring the seismic effects of a querry for marble.* In: 7th Balkanmine Congress – Proceedings, 11-13 Oct 2017, Prijedor, BiH.

Panov, Zoran and Karanakova Stefanovska, Radmila and Popovski, Risto (2017) *Model of multicriterium range of coal deposits suitable for underground gasification.* In: 7th Balkanmine Congress – Proceedings, 11-13 Oct 2017, Prijedor, BiH.

Karanakova Stefanovska, Radmila and Panov, Zoran and Dambov, Risto and Popovski, Risto (2017) *Techno-economic and ecological advantages of unconventional methods for coal exploitation.* In: 10-то стручно советување на тема: Технологија на подземна и површинска експлоатација на минерални суровини Подекс – Повекс '17, 03-05 Nov 2017, Ohrid, Macedonia.

Karanakova Stefanovska, Radmila and Panov, Zoran and Popovski, Risto (2017) *Multicriteria model for application of underground gasification in coal deposites in Macedonia.* In: Proceedings of the XIV-th national conference with international participation of the open and underwater mining of minerals, 03-07 July 2017, Varna, Bulgaria.

Delipetrev, Marjan and Zlatkov, Goce and Doneva, Blagica and Panov, Zoran and Karanakova Stefanovska, Radmila and Popovski, Risto and Blažev, Krsto (2017) *Геометалургија.* In: X Стручно советување со меѓународно учество Подекс – Повекс '17, 03-05 Nov 2017, Ohrid, Macedonia.

Popovski, Risto and Panov, Zoran and Pekevski, lazo and Doneva, Blagica and Karanakova Stefanovska, Radmila (2017) *Некои карактеристики на сеизмичноста на подрачјето Радовиш-Струмица-Валандово (Р. Македонија).* In: X Стручно советување со меѓународно учество Подекс – Повекс '17, 03-05 Nov 2017, Ohrid, Macedonia.

Popovski, Risto and Pekevski, Lazo and Panov, Zoran and Doneva, Blagica and Karanakova Stefanovska, Radmila (2017) *Monitoring of seismic activity of the earth dam Topolnica mine Buchim, Republic of Macedonia.* In: 7-th Balkan Mining Congress, 11-13 Oct 2017, Prijedor, Bosnia and Herzegovina.

Dambov, Risto and Karanakova Stefanovska, Radmila and Stojceski, Igor and Stefanova, Violeta (2017) *Seismic activity in surface mine of architectural building stone at the time of blasting.* In: 7th Balkanmine Congress – Proceedings, 11-13 Oct 2017, Prijedor, BiH.

***Во прилог е прикажана кратка научна евалуација на трудовите:***

**Елаборација на трудот под реден број 1**

***Application of photogrammetry for determination of volumentric joint count as a measure for improved rock quality designation (RQD) index***

Во трудот е објаснета методологијата на индексот за означување на квалитетот на карпите (RQD), кој од една страна обезбедува општа индикација за квалитетот на карпестата маса и е широко користен во многу системи за класификација на карпестата маса. Во трудот е воведен фотограметриски метод за реконструкција на падините на карпите, при што резултатите потоа се користат како влез во емпириската корелација помеѓу RQD и Jv (волуметриски број на пукнатини). Главна предност од предложената методологија е тоа што е целосно заснована на софтвер со отворен код.

**Елаборација на трудот под реден број 2**

***Implementation of discrete element method to evaluate the design and material flow in ore pass systems***

Во овој труд е предложена методологија за обработка на фотографии од дупчотински јадрата. Врз основа на правилно направените фотографии и преку нивна автоматска обработка во специјално направена макрокоманда се идентификувани сите дисконтинуитети (пукнатини) од површината на јадрата. Резултатите кои се добиени дополнително служат за одредување на индексот на квалитетот на карпите (RQD). Предложената методологија во трудот се покажала како многу ефикасна во случаи кога е неопходно да се обработат големи должини на јадрата за кои е потребно да се одреди RQD индексот.

**Елаборација на трудот под реден број 3**

***Approach towards optimising on truck transport during surface exploitation on metals in function of minimising the costs of exploitation***

Со овој труд се дава пристап за оптимизирање на камионскиот транспорт на руда и јаловина во функција на минимизирање на вкупните трошоци за експлоатација. Се зема предвид дека транспортните трошоци во однос на вкупните трошоци за површинска експлоатација на метални минерални суровини изнесуваат повеќе од 40%, при што секој пристап кон развој на оптимизација на камионскиот транспорт ќе значи можност за зголемување на профитот од експлоатацијата.

**Елаборација на трудот под реден број 4**

***Risk assessment method for the operator of the machine for deep pit and geological exploration drilling***

Во овој труд е презентирана безбедноста при работа како мултидисциплина, збир од повеќе науки кои наоѓаат примена во секојдневниот живот. Важен сегмент е проценката на ризикот на работното место. Правење проценка на ризик, поттикнување посети на работното место, разговор со вработените и собирање податоци потребни за производство, како што се работна опрема, време итн. Правилниот избор на методологијата за проценка на ризикот го одредува ризикот на работното место, како и давање на предложените мерки за намалување на ризикот.

**Елаборација на трудот под реден број 5**

***Можност за примена на подземна гасификација на јаглен на наоѓалиштето Живојно***

Во овој труд станува збор за можноста за воведување на подземната гасификација на јаглени во Република Македонија. Имено, оваа нова технологија како еден од основните претставници на т.н. технологии со нула емисија на стаклени гасови е една од реалните алтернативи на конвенционалните методи на експлоатација (површински и подземен начин на експлоатација). Според досегашните истражувања направени за наоѓалиштата на јаглен му даваат предност на наоѓалиштето Живојно. Ова значи, потреба од почнување на истражувања за утврдување од можноста за гасификација на овие наоѓалиште, особено во деловите од јагленовите слоеви кои не се планирани да се откопуваат со постојните главни рударски проекти.

**Елаборација на трудот под реден број 6**

***Multicriteria model for application of underground gasification in coal deposites in Macedonia***

Во овој труд е даден математички модел за анализа и избор на потенцијално наоѓалиште каде што би се имплементирала неконвенционалната експлоатација на јаглен, т.е. примена на подземната гасификација на јаглен.

**Елаборација на трудот под реден број 7**

***Model of multicriterium range of coal deposits suitable for underground gasification***

Во трудот е презентиран модел за утврдување на можноста од примена на подземната гасификација на јаглен на три наоѓалишта на јаглен во нашата земја. Со решавањето на повеќекритериумскиот модел од трите варијантни решенија со примена на PROMETHEE II методата се избра алтернатива која е со највисок ранг.

***Рецензирана збирка задачи (високошколски учебник)***

Ристо Поповски, Радмила Каранакова Стефановска (2018), *Збирка задачи по **Механика на почви***, рецензирана збирка, ISBN 978-608-244-517-5

Во Збирката задачи по Механика на почви се дадени решени задачи од следните поглавја:

- Ефективен напон,
- Напони во почвата,
-Цврстина на почвата,
- Слегнување на почвата,
- Хоризонтални притисоци во почвата и
- Стабилност на косини.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Доц. д-р Радмила Каранакова-Стефановска е член на уписните комисии за прием на студенти на прв циклус на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (2017 - 2019).

Во својата досегашна работа активно учествува како **соработник** во апликативни проекти, извештаи, студии од областа на површинската експлоатација.

**Учесник во апликативни проекти**

1. Месечни извештаи за консултативни услуги од областа на рударството, АД Електрани на Македонија – Скопје (2021-).
2. Дополнителен рударски проект за површинска експлоатација на бакарна руда од северо-источниот дел од Централно рудно тело во склоп на Рудник Бучим – Радовиш, 2021.
3. Студија за идеен развој на ПК „УСЈЕ“, Титан Цементарница Усје - АД Скопје, 2020.
4. Месечни извештаи за консултативни услуги од областа на рударството, АД Електрани на Македонија – Скопје (2017-2019).
5. Дополнителен рударски проект за санација на свлечиште во северо-западниот дел на рудно тело „БУНАРЏИК“ при Рудник „БУЧИМ“- РАДОВИШ, 2019.
6. Главен рударски проект за површинска експлоатација на лапорец во ПК „УСЈЕ“, Титан Цементарница Усје - АД Скопје, 2018.
7. Главен рударски проект за експлоатација на минерална суровина бакарни руди на локалитетот „БОРОВ ДОЛ“, Општина Конче и Општина Штип, 2018.
8. Главен рударски проект за експлоатација на лапорец од локалитетот Три Круши, Титан Цементарница Усје - АД Скопје, 2018.
9. Главен рударски проект за површинска експлоатација на руди на бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село, 2018.
10. Студија за дефинирање на начинот на експлоатација во зона А на пк за лапор „УСЈЕ“,Титан Цементарница Усје - АД Скопје, 2017.
11. Дополнителен рударски проект за површинска експлоатација на бакарна руда од рудното тело Чукар 2 Исток во склоп на Рудникот Бучим, Радовиш, ДПТУ „БУЧИМ“, ДООЕЛ Радовиш, 2017.
12. Дополнителен рударски проект за експлоатација на варовник на локалитет „Зелениковец“ с. Говрлево – Скопје, Титан Цементарница Усје - АД Скопје, 2017.

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со член 164 од Законот за високо образование на Република Северна Македонија и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 50 од 19.6.2021 год.), по деталното разгледување на комплетно доставената документација, Рецензентската комисија констатира дека доцент д-р Радмила Каранакова-Стефановска го исполнува вкупниот предвиден квантум (НО+НИ+САОР) на поени за избор во звањето вонреден професор, дури и значително го надминува, остварувајќи вкупно 157 поени.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на доцент д-р Радмила Каранакова-Стефановска може да се заклучи дека има континуиран развој во наставната и научноистражувачката работа и во сите наведени дејности таа постигнала мошне значајни резултати. Во наставно-образовната дејност, како доцент, потврдила дека може да се соочи со предизвикот на ангажирање на повеќе предметни програми.

Во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност и организациско-развојната дејност се афирмирала како солиден истражувач, кој ја совладал методологијата на научното истражување, како и теориски, така и од практичен аспект. Анализата на објавените трудови и трудовите презентирани на стручно-научните собири во земјава и во странство покажува дека кандидатката ја насочила својата истражувачка дејност кон сопствено надградување за реализација на наставата која треба да и биде доверена.

Рецензентската комисија, врз основа на изнесеното, позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере д-р Радмила Каранакова-Стефановска во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област експлоатација на слоевити лежишта.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ристо Дамбов, дипл. руд. инж.,
редовен професор, с.р.
Д-р Зоран Панов, дипл. руд. инж.,
редовен професор, с.р.
Д-р Ристо Поповски, дип. руд. инж.,
вонреден професор, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **1.** | Избор во доцент | 1 | 30 | | | **30** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Објавен труд во меѓународно научно списание<br>Труд бр. 1 | | | 1 | 6 | **6** |
| **2.** | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир<br>Трудови бр.<br>Во земјава: -<br>Во странство: 6, 11,12,16, 17, 19, 22, 23 | | | 8x3 | 24 | 24 |
| **3.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно)<br>Трудови бр.<br>Во земјава:<br>Во странство: 6, 11,12,16, 17, 19, 22, 23 | | | 8x2 | 16 | 16 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **46** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Труд во стручно (научно-популарно списание)<br>Трудови бр.: 2, 3, 4, 5, 7, 8, 10, 15 | 8x2 | 16 | | | **16** |
| **2.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир<br>Трудови бр.: 6, 9, 11, 12, 13, 14, 16, 17, 18,19, 20, 21,21, 23 | 14x2 | 28 | | | **28** |
| **3.** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно)<br>Трудови бр.: 6, 9, 11, 12, 13, 14, 16, 17, 18,19, 20, 21,21, 23 | 14x0.5 | 7 | | | **7** |
| **4.** | Елаборати и експертизи | 12x2 | 24 | | | **24** |
| **5.** | Член на факултетски орган, комисија | 3x2 | 6 | | | **6** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **81** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **157** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „НЕЗАВИСНИ ПРОГНОСТИЧКИ И ПРЕДИКТИВНИ ФАКТОРИ КАЈ РАН СТАДИУМ ЛУМИНАЛ А И ЛУМИНАЛ Б КАРЦИНОМ НА ДОЈКА“ ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлука бр. 0206-667/4 донесена на 46. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 – Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип од 23.11.2021 година, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов „Независни прогностички и предиктивни фактори кај ран стадиум луминал А и луминал Б карцином на дојка“ пријавена и изработена од кандидатката м-р д-р Марија Караколевска-Илова, во состав:

– **проф. д-р Лилјана Костовска-Манева** - претседател
– **проф. д-р Милка Здравковска** - член, интерен ментор
– **проф. д-р Гордана Петрушевска** - член, екстерен ментор
– **проф. д-р Андреа Арсовски** - член
– **проф. д-р Антонио Глигориевски** - член.

Комисијата во наведениот состав го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација со наслов „Независни прогностички и предиктивни фактори кај ран стадиум луминал А и луминал Б карцином на дојка“ од кандидатката м-р д-р Марија Караколевска-Илова претставува самостоен оригинален научноистражувачки труд, изработен на 182 страници, со фонт и проред според пропозициите за изработка на докторски труд, согласно со Правилникот за трет циклус студии на УГД. Во дисертацијата, во поглавјето *Резултати,* се презентирани вкупно 38 табели и 60 графикони. Трудот ги содржи следниве поглавја: Резиме на македонски и на англиски јазик, Вовед, Мотив, Цели на истражувањето, Материјал и методи на работа, Резултати, Дискусија, Заклучоци и Литература. Како користена литература, кандидатката цитира 231 референци, од кои најголемиот број се од понов датум.

Во поглавјето *Вовед* кандидатката дава осврт на инциденцата и морталитетот од карцином на дојка како најчест тип на карцином кај женската популација и најчеста причина за смрт од малигноми. За да се одреди соодветен локален и системски третман се нагласува потребата од точно дефинирање на клиничкиот и патолошкиот стадиум на болеста. Во одредувањето на клиничкиот стадиум на болеста се користи „Клиничката прогностичка скала“ на која се надоврзува „Патолошката прогностичка скала“ која ги вклучува биолошките карактеристики на карциномот на дојка, односно експресија на естрогенскиот рецептор (ЕР), експресија на прогестеронскиот рецептор (ПР), експресија на епидермалниот фактор на раст 2 (ХЕР-2/неу), пролиферативниот индекс Ки-67 и канцер супресорскиот генски продукт p53. Врз основа на биолошките карактеристики карциномот на дојка може да се подели во пет биолошки типа кои покажаа добра корелација со молекуларните типови изведени преку употребата на генетското пролфилирање на карциномот на дојка. Предмет на студијата беа луминалните биолошки типови дефинирани како: 1. Луминал А (ЕР-позитивен, ПР-позитивен/негативен, ХЕР-2/неу негативен, Ки-67 < 14%); 2. Луминал Б / ХЕР-2/неу негативен (ЕР-позитивен, ПР-позитивен/негативен ХЕР-2/неу негативен, Ки-67≥14%) во нивниот ран стадиум. Важноста во одредувањето на соодветниот биолошки тип на карцином на дојка се согледа во фактот што секој од биолошките типови на карцином на

дојка се карактеризира со своја епидемиологија, географски карактеристики, прогностички и предиктивни маркери, тек на болеста и соодветен третман, начин на метастазирање и појава на локо-регионален рецидив како и исход на заболувањето. Понатаму во воведот кандидатката дава осврт на луминалните биолошки типови, односно ја претставува морфолошката и генетската разлика на двата суптипа. Се наведува дистинкцијата помеѓу луминал А и луминал Б типот којашто во студијата е изведена врз основа на препораката на Интернационалниот експертски концензус „Св. Гален“ за „Примарна терапија на ран карцином на дојка 2013 год.“ според која експресијата на пролиферативниот индекс Ки-67 претставува дистинкција помеѓу двата луминални типа, назначувајќи ја просечната вредност за Ки-67 < 14% за луминал А. Понатаму се елаборира влијанието на стероидните хормони (естроген и прогестерон) во развојот на карциномот на дојка претставувајќи некои од теориите базирани на канцерогеното влијание на естрогените или нивните метаболити на катехоли во разни ткива, вклучувајќи ги бубрезите, црниот дроб, утерусот и млечните жлезди, наоди кои беа потврдени низ студиите спроведени на анимални модели. Исто така, преку опис на структурата на ЕР и ПР се опишува и функцијата на хормонските рецептори која се доведува во корелација со развојот на карцином на дојка. Хормонски зависните карциноми на дојка може да се поделат во неколку групи во однос на експресијата на хормонските рецептори: Ер-позитивен/ПР-позитивен тип, ЕР-позитивен/ПР-негативен тип и ЕР-негативен/ПР-позитивен тип. Во воведот се претставува патеката на експресијата на ПР кај ЕР-позитивните карциноми и значењето на нејзиниот интегритет за експресијата на ПР. Се дава осврт на епидемиолошките и клиничките карактеристики на карциномот на дојка со различна експресија на хормонските рецептори. Понатаму се дава осврт на ЕР и ПР и луминалните биолошки типови. Имено, се укажува на прогнозата на карциномот на дојка која зависи од повеќе фактори: демографски карактеристики, клинички карактеристики (големина на тумор, зафатеност на аксиларни лимфни јазли, присуство на далечни метастази, лимфо-васкуларна инвазија) и биолошки карактеристики (пролиферативен индекс, степен на диференцијација на малигната клетка, експресија на ЕР и ПР, експресија на ХЕР2/неу). ЕР и ПР се прогностички фактори, но истите ја губат својата прогностичка вредност по долг период на следење. Посебно се потенцира поделбата на луминалните типови на карцином на дојка во однос прогнозата според експресијата на ЕР, ПР, Ки-67, како и статусот на лимфните јазли, според препораките на концензусот од „Св.Гален“, Европското онколошко друштво, Американското онколошко друштво и Националната мрежа за карциноми. Постојат поголем број на докажани молекуларни и патолошки маркери значајни за прогнозата на карциномот на дојка, меѓутоа сè уште постојат одредени недостатоци во однос на предикцијата на третманот и на прогнозата. Ова главно е резултат на не-линеарната поврзаност помеѓу маркерите и исходот на болеста, што претставува поттик за клиничарите за точно предвидување на прогнозата базирано на овие маркери. Затоа потребата за точни статистички податоци во овој контекст се повеќе од потребни.

Во целиот *Вовед* кандидатката дава јасна хронологија на евалуацијата на ЕР, ПР и Ки-67 како изолирани прогностички и предиктивни маркери за луминалните биолошки типови, изнесена преку поголем број на ретроспективни и проспективни студии. Понатаму се прикажува влијанието на клиничките карактеристики (туморска големина и инволвираност на аксиларните лимфни јазли) во корелација со биолошките карактеристики (експресија на ЕР,ПР и Ки-67) за преживувањето кај луминалните типови на карцином на дојка. Понатаму начинот и потенцијалот за метастазирање, пределекционото место, појава на локорегионален рецидив, како и ПББ и ЦП, се изнесени во ставови засновани на повеќе студии кои го изнесуваат влијанието на ЕР, ПР и Ки-67 како фактори за развој на метастатска болест на луминалните типови. Пребарувајќи ја литературата е направена компарација на студиите за целокупното преживување и локалната контрола на болеста според молекуларните/биолошките типови на карцином на дојка класифицирани според концензусот од „Св. Гален“ – 2015 год.

Хетерогеноста на карциномот на дојка најдобро се одредува преку генетското профилирање, меѓутоа ваквото одредување во секојдневната пракса секогаш не е апликативно од технички и финансиски фактори, при што се наметнува потребата од

овозможување на друга еквивалентна класификација. Молекуларните суптипови се покажаа дека адекватно кореспондираат со клиничката карактеризација реализирана на основа на хормонскиот (ЕР,ПР) и ХЕР2/неу статусот, како и пролиферативните маркери (Ки-67) и хистолошкиот градус (G). Оттука произлегува *Мотивот* за спроведување на истражување кое ќе ги вклучи пациентките со карцином на дојка во РС Македонија, класифицирани во петте биолошки групи со користење на имунохистохемиска (ИХХ) обработка на препарат од карцином на дојка и одредувањето на независните прогностички и предиктивни маркери, а со тоа и одредувањето на целокупното преживување (ЦП) и преживување без болест (ПББ), посебно за луминалните субтипови.

*Целите* кои се поставени за истражување и изработка на докторската дисертација се јасно дефинирани:

1. Да се покаже дистрибуцијата на биолошките типови на карцином на дојка кај пациентките во РС Македонија и застапеноста на луминалните типови;

2. Одредување на независните прогностички фактори за ПББ и ЦП кај луминалните молекуларни типови.

Со оглед на фактот дека во РС Македонија нема студија, а и во светски рамки постојат само неколку, да се покаже:

3. Дали експресијата на ПР може да се смета како самостоен предиктивен фактор кај супгрупите луминална А и тоа: ЕР-позитивен / ПР-позитивен, ЕР-негативен / ПР-позитивен, ЕРпозитивен / ПР- негативен со негативни лимфни јазли и Ки-67<14% и луминална Б и тоа: ЕР-позитивен/ПР-позитивен, ЕР-негативен/ПР-позитивен, ЕР-позитивен/ПР- негативен, ХЕР2/неу негативна, со негативни лимфни јазли и Ки-67 ≥ 14%;

4. Дали експресијата на ПР може да се смета како самостоен предиктивен фактор кај супгрупите луминална А и тоа: ЕР-позитивен / ПР-позитивен, ЕР-негативен / ПР-позитивен, ЕР-позитивен / ПР- негативен со позитвни лимфни јазли и Ки-67<14% и луминална Б и тоа: ЕР-позитивен / ПР-позитивен, ЕР-негативен / ПР-позитивен, ЕР-позитивен / ПР-негативен, ХЕР2/неу негативна, со позитивни лимфни јазли и Ki-67 ≥ 14%;

5. Дали пролиферативниот индекс Ки-67 може да се смета како самостоен предиктивен фактор кај субгрупите луминална А и тоа: ЕР-позитивен/ПР-позитивен, ЕР-негативен/ПР-позитивен, ЕР-позитивен/ПР- негативен со негативни лимфни јазли и Ки-67<14% и луминална Б и тоа: ЕР-позитивен/ПР-позитивен, ЕР-негативен/ПР-позитивен, ЕР- позитивен/ПР- негативен, ХЕР2/неу негативна, со негативни лимфни јазли и Ки-67≥14%;

6. Дали пролиферативниот индекс Ки-67 може да се смета како самостоен предиктивен фактор кај супгрупите луминална А и тоа: ЕР-позитивен/ПР-позитивен, ЕР-негативен/ПР-позитивен, ЕР-позитивен/ПР- негативен со позитивни лимфни јазли и Ки-67<14% и луминална Б и тоа: ЕР-позитивен/ПР-позитивен, ЕР-негативен/ПР-позитивен, ЕР-позитивен/ПР- негативен, ХЕР2/неу негативна, со позитивни лимфни јазли и Ки-67 ≥14%;

7. Дали позитивните аксиларни лимфни јазли (1-3) кај супгрупите на луминал тип се независни предиктивни фактори;

8. Дали раниот стадиум на луминалните типови е предиктивен во одредувањето на типот на хемо/хормонотерпијата

9. Да се одреди предиктивната вредност на ЕР, ПР, Ки-67 во одредувањето на типот на хемо/хормонотерпијата кај карцином на дојка со добри билошки карактеристики и негативни/позитивни лимфни јазли во ран стадиум;

10. Период на преживување без болест (ПББ) кај луминалните биолошки групи, без разлика на големина на тумор и зафатеност на лимфните јазли до декември 2018 год.;

11. Целокупно преживување (ЦП) до декември 2015 год. и декември 2018 год.

Во поглавјето *Материјал и методи на работа* е даден дизајнот на студијата и е направен опис на пациентите кои се вклучени во истражувањето. Студијата е клиничка ретроспективно-проспективна („follow up study“), спроведена во периодот од 1. 2010 до 12. 2013 година, со следење на параметрите за пациентите до 12. 2018 год. Анализирани се вкупно 366 пациенти со дијагностициран, опериран, патохистолошки докажан карцином на

дојка кои беа од Приватната клиничка болница „Аџибадем Систина" - Скопје, за кои беше извршена патохистолошка и имунохемиска обработка на препарат добиен од оперативен материјал од карцином на дојка. Користењето и обработката на податоците беше во согласност со Законот за заштита на личните податоци на РС Македонија.

Во ова поглавје се претставени критериумите за вклучување на пациентите во истражувањето (во однос на возрасна група, тип на оперативен зафат, адјувантна специфична онколошка терапија, стадиум на болеста). Се претставија критериумите за обработка на податоците од пациентите за целите на студијата. Се опишаа методите за ИХХ-та анализа на експресијата на ЕР, ПР и Ки-67 и е претставен начинот на изразување на нивната експресија. Врз основа на овие податоци пациентите се поделија во пет молекуларни биолошки типови на инвазивен карцином на дојка според Концезусот од „Св. Гален" од 2013 година. Податоците за целите на студијата беа анализирани за луминален тип на карцином на дојка: луминал А (ЕР-позитивен, ПР-позитивен/негативен, ХЕР-2/неу негативен, Ки-67 < 14%) и луминал Б / ХЕР-2/неу негативен (ЕР-позитивен, ПР-позитивен/негативен ХЕР-2/неу негативен, Ки-67≥14%), за нивниот ран стадиум: Т0, Т1 – од 0.1 до 2см,Т2- од 2.1 до 5см (Т1а:0.1-0.5см,Т1b:0.6-0.9см и Т1с:1-2см) и Т2 (2.1- 5см), N0 , N1 ( 1-3 позитивни лимфни јазли). На крајот од ова поглавје е даден и статистичкиот метод, односно наведени се сите статистички тестови со кои е направена анализа на податоците од интерес за изработка на докторската дисертација.

Во поглавјето *Резултати* кандидатката сите добиени резултати од интерес ги прикажува прегледно и систематизирано во 38 табели и 60 графикони, со јасно интерпретирање на направените анализи. Во првиот дел од резултатите е прикажана дистрибуцијата на биолошките типови на карцином на дојка кај испитуваните пациенти во РС Македонија, претставувајќи го луминал Б типот за најдоминантен, при што процентуалната разлика во однос на застапеноста помеѓу луминал Б и останатите биолошки типови на дијагностициран карцином на дојка беше статистички сигнификантна за p<0.05 (Difference test, p=0.0000). Во привиот дел од резултатите е извршена анализа за луминал А и луминал Б генерално и за нивниот ран стадиум. Кај биолошкиот тип луминал А во најголем дел беше регистриран стадиум IA и IB (40.7%), потоа следуваше IIA и IIB (35.2%). Разликата помеѓу пропорциите беше статистички незначајна за p>0.05 (Difference test, p=0.5572). Кај биолошкиот тип луминал Б во најголем дел се регистрираше стадиум IIA и IIB - 49.5%, потоа следуваше со 33.2% IIIA, IIIB и IIIC. Разликата помеѓу пропорциите беше статистички значајна за p<0.05 (Difference test, p=0.0013). Раниот стадиум на луминалните типови на карцином на дојка во вкупниот број на пациенти со дијагностициран карцином на дојка беше со застапеност од 49.7%. Понатаму е претставена застапеноста на пациенти со луминални билошки типови на карцином на дојка според возраст, хистолошки тип, големина на тумор и состојба на лимфни јазли. Се регистрираше статистички сигнификантна поврзаност помеѓу раниот стадиум на луминал А и луминал Б и големината на туморот p<0.05, односно кај пациентите со ран стадиум луминал А со 41.5% беше застапена големината на тумор од 1 до 2см./ Т1с , а кај пациентите со ран стадиум луминал Б со 55.6% беше застапена големината на тумор од 2.1 до 5 см/ Т2. Кај биолошкиот тип луминал А во ран стадиум во најголем процент се регистрираа негативни лимфни јазли со 70.7% - N0, а со 29.3% позитивни 1-3 лимфни јазли - N1. Разликата помеѓу процентите беше статистички значајна за p<0.05, додека раниот луминал Б не се покажа предиктивен за статусот на аксиларните лимфни јазли. Понатаму беше анализирана застапеноста на пациентите со луминални типови на карцином на дојка според експресија на ЕР (%), при што раниот стадиум на луминалните типови не се покажа предиктивен за неговата експресија. Анализата на застапеноста на пациентите со луминални типови на карцином на дојка според експресија на ПР (%), само кај ран луминал Б се регистрираше статистички сигнификантна поврзаност помеѓу експресијата на ПР, при што со 72.2% беше застапена високо позитивна експресија на ПР (>10%), ниско позитивна експресија на ПР се регистрираше кај 6.3% и без експресија на ПР кај 21.4%. Понатаму беа анализирани податоците за застапеноста на разните модалитети на експресија на хормонските рецептори ЕР+ (>1%)/ПР+ (>1%); ЕР- (<1%)/ПР+ (>1%); ЕР+ (>1%)/ПР- ( <1%), кај пациентите со луминал А и луминал Б и нивниот ран стадиум. Анализата на пролиферативниот индекс

Ки-67 кај пациентите со ран луминал Б покажа дека во 42.8% беше застапен со експресија од ≥14-20%, субгрупата на пролиферација >20-30% беше застапена со 34.1%, > 30-40% со 15.1% и над 40% со 7.9%, при што не се покажа статистички сигнификантна поврзаност помеѓу модулите на експресија на пролиферативниот индекс Ки-67 и раниот стадиум на луминал Б за $p>0.05$ (Pearson Chi-square:7.55504,df=3,p=0.056161). Се регистрираше статистички сигнификантна асоцијација помеѓу стадиумите на луминал А и луминал Б и регистрацијата на типот на далечни метастази за $p<0.05$. Далечни метастази во раниот стадиум на луминал А се регистрираа кај двајца (4.9%) пациенти (N=41), додека далечни метастази во раниот стадиум на луминал Б се регистрираа кај 18 (14.3%) пациенти (N=126). Локорегионален релапс во раниот стадиум на луминал Б се регистрираше кај 10 (7.9%) пациенти (N=126), а раниот стадиум на луминал А не пројави локорегионален релапс во испитуваниот период. Во однос на одредувањето на предикцијата на раниот стадиум на луминалните типови за спроведување на адјувантна терапија (хемотерапија/хормонотерапија) при што се утврди статистички сигнификантна асоцијација помеѓу стадиумот на луминал А и луминал Б и типот на протоколот на адјувантна хемотерапија за $p<0.05$, но раниот стадиум на луминалните типови не се покажа предиктивен за типот на спроведена хормонотерапија. Во вториот дел од резулатите се анализираа ЦП и ПББ (рПББ и мПББ) во однос на испитуваните параметри (експресија на ЕР, ПР, Ки-67, туморска големина, статус на лимфни јазли), како и се направи евалуација на одредените суптипови во однос на експресијата на хормонските рецептори и состојбата на лимфните јазли и апликацијата на адјувантната терапија со цел одредување на нивната прогностичка и предиктивна улога како изолирани фактори. Во просек пациентите со докажан карцином на дојка во ран стадиум / луминал А имаа преживување од 104.3 месеци, со интервал на доверба 95% во ранг од 102.1 до 106.6 месеци, додека во просек пациентите во ран стадиум / луминал Б преживуваа 103.7 месеци, со интервал на доверба 95% во ранг од 101.3 до 106.1 месеци. Разликата во ЦП на пациентите со ран луминален тип во однос на клиничките карактеристики на туморот (големина на тумор и во однос на N0/N1) не се покажа статистички сигнификантна. Според Log Rank тестот (Mantel-Cox-Chi-squar) $p = 0.00209$) разликата во целокупното преживување на пациентите со ран луминал А со ниска позитивна (1-10%) во однос на позитивна ( >10%) експресија на ЕР беше статистички сигнификантна, додека експресијата на ЕР за ЦП кај ран луминал Б не се покажа статистички сигнификантна, $p =0.77524$. Степенот на експресија на ПР не се покажа предиктивен за ЦП за раниот стадиум на луминалните типови. Само модалитетот на експресија на хормонските рецептори, ЕР - позитивен (>1%) / ПР - позитивен (>1%) се покажа предиктивен за ЦП, но само за раниот стадиум на луминал Б. Разликата во целокупното преживување на пациенти со ран луминал Б во однос на супгрупи на степен на експресија на пролиферативен индекс Ки-67% беше статистички несигнификантна, $p=0.37165$. Во однос на спроведената адјувантна хемотерапија, нејзиниот тип се покажа предиктивен за ЦП за ран стадиум на луминалните типови, во случаите каде што истата беше спроведена, $p=0.00984$, потенцирајќи го понетоксичниот хемотераписки протокол за адекватна опција. Во однос на адјувантна хормонотерапија, само типот на истата беше предиктивен за ЦП кај ран стадиум на луминал А, $p= 0.00073$. Степенот на експресија на хормонските рецептори не се покажа предиктивен за ЦП на раниот стадиум на луминалните типови во однос на статусот на лимфните јазли. Степенот на експресија на хормонските рецептори не се покажа предиктивен за ЦП на раниот стадиум на луминалните типови во однос на типот на спроведена адјуватна хемотерапија и кај двата луминални типа ($p=0.92127$, $p=0.08648$, $p=0.76347$, $p=0.13764$), додека само позитивната експресија на хормонските рецептори беше предиктивна за типот на адјувантната хормонотерапија за ЦП кај раниот луминал Б, $p = 0.00015$. Просечното време на преживување без болест (до појава на далечна метастаза) на пациентите во раниот стадиум луминал Б изнесуваше 59.7 месеци, со интервал на доверба 95% во ранг од 49.1 до 70.4 месеци. Раниот стадиум на луминал Б се покажа предиктивен за рПББ, $p = 0.00338$. Се регистрираше статистички сигнификантна разлика помеѓу мПББ (до појава на далечна метастаза) и рПББ (до појава на локо-регионален рецидив) при модалитетот ЕР-позитивен (>1%)/ПР-позитивен (>1%), во однос на стадиумите на луминал Б за $p<0.05$. Не се регистрираше статистички сигнификантна

разлика помеѓу време на преживување без болест кај пациентите со докажан карцином на дојка – луминал Б ран стадиум во однос на типот на спроведената хормонотерапија за p>0.05, Chi-square = 2.563531. Со униваријантниот Cox Proportional модел се анализираше прогностичката и предиктивната улога на статистички значајните варијабли прикажани преку Kaplan – Meier криви за ЦП и ПББ.

Во поглавјето *Дискусија* кандидатката исцрпно ги образложува добиените резултати и ги споредува со податоци од достапната литература која е од интерес за истражувањето. Дел од добиените и презентирани резултати во студијата се совпаѓаат со резултатите на голем број на студии кои се работени со иста цел, додека дел од резултатите се спротивни на досегашните резултати и некои од нив преставуваат оригинални резултати.

По спроведувањето на истражувањето и по направените анализи, кандидатката ги дава следните *Заклучоци*:

- Во РС Македонија испитувањето покажа дека најчест биолошки тип на карцином на дојка е луминалниот тип и тоа луминал Б/ХЕР2/неу - негативниот тип (за дури 43.4% повеќе застапен од луминал А);
- Луминалните типови имаа тенденција за презентација во ран стадиум (луминал А / 75.9% и луминал Б / 63%);
- Раниот стадиум на луминалните типови на карцином на дојка во вкупниот број на пациенти со дијагностициран карцином на дојка беше со застапеност од 49.7%;
- Возраста и хистолошкиот тип на луминалните типови не се покажаа индикативни за развој на ран стадиум;
- Во однос на клиничките карактеристики (туморска големина и инволвираност на аскиларни лимфни јазли) луминалните типови покажаа тенденција да се презентираат со мала туморска големина, односно со големина на тумор од 2.1 до 5 см (односно Т2 тумори);
- Раниот стадиум на луминалните типови имаше тенденција да се презентира со туморска големина над 1 см, при што луминал Б со поголема туморска големина т.е со Т2 (2.1-5см) во однос на луминал А / Т1ц (1-2 см), со што се потврди неговата биолошка различност во однос на луминал А и во ран стадиум;
- Меѓутоа, раниот стадиум на луминалните типови не покажа тенденција да ги инволвира аксиларните лимфни јазли – N1(1-3);
- Раниот стадиум на луминал А се покажа дека е предиктивен за неинволвираност на регионалните лимфни јазли во дури 2/3 од случаите (70.7%, N0)
- Меѓутоа, ниту за луминал А ниту за луминал Б се доби заклучок дека биолошкиот тип е предиктивен за бројот на инволвирани аксиларни лимфни јазли кај нивниот ран стадиум, доколку постои нивна зафатеност.

Во однос на експресијата на хормонските рецептори (ЕР, ПР) и пролиферативниот индекс (Ки-67) кај раниот стадиум на луминалните типови на карцином на дојка се доби следниов заклучок:

- ЕР: Раниот стадиум на луминалните типови не беше предиктивен за степенот на експресија на ЕР;
- ПР: Само раниот стадиум на луминал Б беше предиктивен за експресијата на ПР, при што истиот имаше поголема тенденција да биде со ниска или без експресија на ПР во однос на луминал А, со што се покажа неговата билошка различност во однос на луминал А и во ран стадиум;
- Во однос на модалитетите на експресија и на двата хормонски рецептори, сите три модалитети беа застапени кај раниот стадиум на луминал Б при што во најголем дел од случаите (77%) со експресија на двата хормонски рецептори (ЕР-позитивен/ПР-позитивен), додека без експресија на ПР во 21.4% и без екпсресија на ЕР само кај два пациенти. Раниот стадиум на луминал Б се разликуваше од раниот стадиум на луминал А и во однос на модалитетите на експресија на хормонските рецептори, бидејќи раниот луминал А во 92.5% се презентираше со експресија на двата рецептора, а без експресија на ПР само кај три пациенти;
- Пролиферативниот индекс, Ки-67 кај раниот стадиум на луминалниот Б тип карцином на дојка не покажа тенденција да се експресира со одредена доминантна вредност, односно специфична супгрупа на експресија.

Во однос на спроведување на адјувантна хемотерапија и хормонотерапија кај раниот стадиум на луминалните типови се добија следниве заклучоци:

- Раниот стадиум на луминал А за одредена група на пациенти (39%) се покажа предиктивен за апликација на хемотерапија, како и раниот стадиум на луминал Б, но кај поголем број од пациентите (71%). Ова уште еднаш потврдува за биолошката различност на луминалните типови и во нивниот ран стадиум. Секако во одлуката за хемотерапија одлучувачка улога најверојатно имаа и клиничките карактеристики на луминал Б (односно туморската големина-Т2 );
- Карактеристично е тоа што и кај двата луминални типа во најголем дел беше спроведен понеинтензивен хемотераписки протокол (ЕС75), без воведување на таксани, но сепак во подолг режим од 6 циклуса дури и кај ран луминал А. раниот стадиум на луминалните типови се покажа предиктивен за типот на спроведената хемотерапија;
- Адјуватна хормонотерапија во ран стадиум на луминалните типови не беше аплицирана само кај 8.9% од пациентите;
- Раниот стадиум на луминалните типови не се покажа предиктивен за типот на адјувантна хормонотерапија иако клинички во најголем дел од пациентите беше ординиран тамоксифен.

При одредувањето на независните прогностички и предиктивни маркери кај ран стадиум на луминалните биолошки типови преку ЦП и ПББ се изведоа следниве заклучоци:

- Во испитуваниот 8-годишен период, кај луминалниот А биолошки тип не се покажа статистички значајна разликата во ЦП помеѓу неговиот ран и напреднат стадиум, што значи дека сепак билошките фактори имаат влијание. Во просек пациентите со докажан карцином на дојка во ран стадиум / Луминал А имаа преживување од 104.3 месеци (односно над 8 години) – несаканиот настан се случи кај само два пациента;
- Во испитуваниот 8-годишен период, стадиумот кај луминал Б се покажа дека е со прогностичко значење за целокупното преживување. Во просек пациентите во ран стадиум / луминал Б преживуваа 103.7 месеци (6 месеци помалку од пациентите со ран луминал А). Иако со низок ризик за рецидив и метастазирање, сепак луминал А и луминал Б се различни биолошки типови и постои разлика и помеѓу нивниот ран стадиум во однос на ЦП;
- Од клиничките карактеристики ниту туморската големина ни статусот на аксиларните лимфни јазли се покажаа прогностички за ЦП кај раниот стадиум на луминалните биолошки типови на карцином на дојка;
- Експресијата на ЕР може да се смета за изолиран прогностички фактор за ЦП кај раниот стадиум на луминал А, при што високо позитивна експресија - >10% беше предиктивна за подолго ЦП отколку ниско позитивната експресија - 1-10%. Но, статусот на ЕР не беше прогностички за ЦП кај раниот луминал Б биолошки тип;
- Анализата на експресијата на ПР како прогностички биомаркер кај раниот стадиум на луминалните типови не се покажа како изолиран биомаркер за ЦП, иако клинички беше евидентно дека степенот на неговата експресија е во корелација со должината на ЦП;
- Експресијата и на двата хормонски рецептори се покажа предиктивна за ЦП, но само за раниот стадиум на високо пролиферативниот луминален биолошки тип, луминал Б, без разлика на статусот на пролиферативниот индекс, Ки-67;
- Степенот на експресијата на ПР кај раниот стадиум на ЕР – позитивен луминал Б карцином на дојка не беше асоциран со ЦП, односно кај високо пролиферативните ЕР позитивни луминални тумори влијанието на експресијата на ПР треба да се разгледува во корелација со клиничките и другите биолошки карактеристики на туморот;
- Пролиферативниот индекс, Ки-67 поделен во субгрупи (15-20%, 21-30%, 31-40%,≥41%) не беше асоциран со ЦП за раниот стадиум на луминал Б карцином на дојка, иако клинички најдобро преживување имаа пациентите со експресија на Ки-67 од 14-20%.

Во однос на спроведената адјувантна терапија кај раниот стадиум на Луминалните типови се дојде до следниов заклучок:

- Адјувантната хемотерапија кај раниот стадиум на луминал А не беше предиктивна за ЦП кај пациентите кај кои истата беше аплицирана, но типот на хемотераписки протокол беше со предиктивна важност. Понетоксичниот хемотераписки протокол (кој вклучува

антрациклини без таксани) во краток режим од 4 циклуса би требало да биде третман на избор;

- CMF протоколот кај ран луминал А не би требало повеќе да се смета како опција за адјувантен третман (5-годишно ЦП од само 50%);
- Хормонски позитивниот субтип на луминал А не се покажа предиктивен за спроведување на адјувантна хемотерапија, ниту пак за типот на истата, така да дека експресијата на хормонските рецептори не е доволна за истите да се сметаат изолиран биомаркер за ЦП кај раниот стадиум на луминал А , а со тоа и да имаат предиктивна улога за спроведување на хемотерапија;
- Адјувантната хемотерапија кај раниот стадиум на луминал Б се покажа предиктивна за ЦП кај пациентите кај кои истата беше аплицирана (28.6%). Типот на хемотераписки протокол како и неговата должина беа предиктивни за ЦП кај високо пролиферативниот луминален тип и за неговиот ран стадиум, при што понетоксичен хемотераписки протокол кој вклучува антрациклини без таксани, но во подолг режим (6 циклуса) би требало да биде третман на избор;
- Експресијата на хормонските рецептори не се покажа предиктивна за типот на хемотераписки протокол за раниот стадиум на луминал Б биолошкиот тип, при што експресијата на хормонските рецептори и типот на хемотераписки протокол не влијаеше на ЦП. Експресијата на ПР не може да се смета предиктивна за типот на адјувантен хемотераписки протокол кај ран стадиум на ЕР - позитивна болест кај високо пролиферативен луминален карцином на дојка, односно ПР не беше изолиран предиктивен фактор;
- Типот на спроведената адјувантната ендокрина терапија беше предиктивен за ЦП кај ран луминал А, при што АИ може да се изостави, а терапија на избор би била тамоксифен или тамоксифен со ЛХРХ агонист кај пременопаузни пациентки;
- Клинички евидентната разлика помеѓу ЦП при различен протокол на хормонотерапија кај раниот стадиум на луминал Б не беше статистички сигнификантна, што значи кај ран стадиум на високопролиферативен луминален карцином на дојка спроведениот тип на адјувантна хормонотерапија не е предиктивен за ЦП;
- Експресијата на хормонските рецептори на луминал А тип карцином на дојка во ран стадиум не беше изолиран предиктивен фактор за спроведената хормонска терапија, во однос на тоа и прогностички за ЦП;
- Експресијата на хормонските рецептори на луминал Б тип карцином на дојка во ран стадиум беше и со предиктивно и прогностичко значење, односно тамоксифенот се покажа како лек на избор за ЦП кај хормонски позитивната болест кај високо пролиферативен луминален тип во ран стадиум;
- Експресијата на ПР не се покажа со предиктивна важност кај ЕР-позитивен високо пролиферативен луминален тип карцином на дојка во неговиот ран стадиум за хормонска терапија, а со тоа и прогностички за ЦП;
- Додавањето на хемотерапијата кон хормонотерапијата не се покажа предиктивна за ЦП кај раниот стадиум на луминалните биолошки типови, што значи дури и кај одредена група на пациенти кај ран стадиум на високо пролиферативен луминален тип (луминал Б) истата може да биде изоставена, што пак го потенцира значењето на експресијата на хормонските рецептори;
- Експресијата на двата хормонски рецептори се покажа дека е прогностички фактор за ЦП кај ран стадиум на луминален суптип (луминал А и луминал Б) на карцином на дојка кога постои инволвираност на аксиларните лимфни јазли;
- Експресијата на ЕР кај високо пролиферативниот луминален тип во ран стадиум без експресија на ПР ја потврди својата предиктивна важност за ЦП дури и при инволвираност на аксиларните лимфни јазли, оносно ПР не се издвои како независен прогностички фактор кај нодус позитивна болест;
- Еспресијата на хормонските рецептори се покажа како изолиран прогностички фактор како за мПББ така и за рПББ кај ран стадиум на високо пролиферативниот луминален тип (луминал Б);
- Експресијата на ПР не се докажа како изолиран прогностички фактор за мПББ кај

високо пролиферативниот ЕР - позитивен луминал тип карцином на дојка во ран стадиум;

- Кај раниот стадиум на ЕР-позитивен луминал Б карцином на дојка, типот на спроведената адјувантна терапија (хемотерапија / хормонотерапија) не се покажа предиктивен за појавата на метастатска болест;

- Униваријантниот Cox Proportional модел за време на целокупно преживување на пациентите со ран луминал А и Б карцином на дојка не покажа дека раниот стадиум кај луминалните типови го редуцира морталитетот, што укажува на влијанието на биолошките карактеристики врз ЦП и потребата за точното утврдување на независните предиктивни и прогностички биолошки фактори со примена на ИХХ на патолошки примерок.

- Униваријантниот Cox Proportional модел покажа дека позитивната експресија на ЕР кај ран луминал А е изолиран прогностички фактор за ЦП, така што дури и ниско позитивната експресија го редуцираше настанот за 90% секој месец, независно од големината на туморот, состојбата на лимфните јазли, возраста на пациентите, додека ПР не ја покажа својата протективна функција;

- Униваријантниот Cox Proportional модел не ги потврди биолошките маркери (ЕР, ПР и Ки-67) како независни прогностички маркери за раниот луминал Б карцином на дојка.

Како користена литература, м-р д-р Марија Караколевска-Илова цитира 231 референци од кои најголемиот број се од понов датум, што говори за актуелноста на истражуваната проблематика.

**Научен придонес на докторската дисертација**

Луминалните биолошки типови на карцином на дојка (луминал А и луминал) иако во ран стадиум, што значи добра прогноза и побавен тек на болеста, се биолошки различни во повеќе аспекти, тргнувајќи од ЦП кое за ран луминал А е 8 години, односно за 6 месеци подолго од ран луминал Б.

Ова треба да се има предвид при планирањето на активното следење на пациентите кај двата луминални типа одделно по завршен онколошки третман. Ова произлегува од таму што кај раниот луминален А карцином на дојка не се појави локорегионален рецидив, а метастатска болест се разви само кај 2 пациенти. Ваквото рационално планирање на начинот на следење на пациентите е и со економско значење.

Резултатите добиени за експресијата на хормонските рецептори преку ИХХ анализа на препарат од карцином на дојка, може да бидат релевантни за класифицирање на карциномот на дојка во луминален биолошки тип, со цел одлука за типот на терапијата, посебно за типот на адјувантната хемотерапија.

Експресијата на ПР не се покажа изолиран прогностички фактор ни кај ран луминал А ниту за високопролиферативниот луминал Б. Затоа, кога има експресија на ЕР е доволен прогностички и предиктивен фактор, дури и при зафатеност на аксиларните лимфни јазли. Одлуката за ЦП, ПББ и тип на хемотерапија и хормонотерапија кај раните луминални типови не може да се разгледува само користејќи ја експресијата на ПР.

Оваа студија всушност претставува поттик за спроведување на проспективни студии кои подетално ќе го евалуираат степенот на експресија на хормонските рецептори и Ки-67 во точно прецизирани групи на пациенти со Луминал тип , но во ран стадиум и тоа користејќи ја ИХХ-та анализа.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот**

М-р д-р Марија Караколевска-Илова во периодот 2017-2021 година има објавено како автор и коавтор осум научни труда во реномирани списанија со фактор на влијание (impact factor) и во списанија со меѓународен уредувачки одбор.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана ја разгледа докторската дисертација со наслов „Независни прогностички и предиктивни фактори кај ран стадиум луминал А и луминал Б карцином на дојка" од кандидатката м-р д-р Марија Караколевска-Илова и донесе заклучок дека истата претставува самостојна научна работа со оригинални и значајни резултати. Студијата врз основа на содржината, обемот и квалитетот на научната работа ги исполнува сите условите за изработка на докторска дисертација.

Врз основа на изложеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Независни прогностички и предиктивни фактори кај ран стадиум луминал А и луминал Б карцином на дојка" од кандидатката м-р д-р Марија Караколевска-Илова и да му одобри јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Лилјана Костовска-Манева – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Милка Здравковска - член, интерен ментор, с.р.**
**Проф. д-р Гордана Петрушевска - член, екстерен ментор, с.р.**
**Проф. д-р Андреа Арсовски – член, с.р.**
**Проф. д-р Антонио Глигориевски – член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „МАРКЕТИНГ: ПРИМЕРИ ОД ПРАКСА"ОД ПРОФ. Д-Р ТАМАРА ЈОВАНОВ-АПАСИЕВА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1202-144/4 од 213. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 6.12.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Ристе Темјановски, редовен професор на Економски факултет, Универзитет „ Гоце Делчев" – Штип;
- д-р Елена Веселинова, вонреден професор на Економски факултет, Универзитет Гоце Делчев – Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**МАРКЕТИНГ: ПРИМЕРИ ОД ПРАКСА" од вонреден проф. д-р Тамара Јованов-Апасиева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебното помагало – практикум „МАРКЕТИНГ: ПРИМЕРИ ОД ПРАКСА" од авторката проф. д-р Тамара Јованов-Апасиева претставува заокружена целина на материјата поврзана со маркетингот како научна област со фокус на примената на различни маркетиншки активности во пракса. Материјата од областа маркетинг студентите ја изучуваат во рамки на повеќе предмети поврзани со областа маркетинг, како што се: маркетинг, маркетинг менаџмент, стратегиски маркетинг, интегрирани маркетинг комуникации, маркетинг истражување и др. Практикумот е наменет првенствено за изучување на предметот Маркетинг од страна на студентите од прв циклус на студии, од различни студиски години (втори, трети, четврти и петти семестар) на насоките: Маркетинг менаџмент, Сметководство и ревизија, Финансии, Бизнис економија, Менаџмент и претприемништво, како и Бизнис информатика при Факултетот за информатика. Во рамки на наставните програми, предметот Маркетинг се јавува како задолжителен, со неделен фонд на часови 2+2+2; практикумот ќе биде наменет и како дополнителен материјал за студентите кои ги изучуваат останатите наведени предмети, кои во одреден дел опфаќаат иста или слична проблематика. Рецензентската комисија оценува дека ракописот е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет, обработувајќи делови кои се клучни од областа маркетинг, како истражување и анализа, стратегија, планирање, интегрирани комуникации и бренд идентитет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Практикумот содржи 252 страници, со 17 табели, повеќе графикони и над 120 практични примери кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на проблематиката на маркетингот, преку негова примена во пракса. На последните страници се сместени релевантните библиографски единици. Трудот е пишуван во А4 формат, со проред 1.15, со употреба на фонт Arial и големина на буквите 11, а маргините на страниците се 2,54 cm: top; left; bottom; right. Цитирањето е во АПА стилот - цитатите во текстот се поставени во рамките на реченициите и пасусите, па така јасно е која информација е цитирана или парафразирана, односно чија информација е цитирана. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за

единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое од практичен аспект ќе им овозможи на студентите увид во примена на бројни маркетинг активности во пракса, како и значењето на користењето на овие модели, како значаен ресурс на една компанија. Посебно значајно е изучувањето на оваа проблематика од страна на студентите од насоките Маркетинг менаџмент и Менаџмент и претприемништво, со оглед на фактот дека според влијанието на маркетиншките активности во работењето на компаниите, тие се едни од најопсежните, а безмалку и едни од најзначајните во денешното деловно опкружување. Ова дело е напишано со намера да исполни неколку цели: Објективно и систематично опишување или дескрипција на прецизираната тематика, како прв чекор во процесот на спознавање, преку увид во актуелната светска и домашна литература, како и преку анализа на работењето на компаниите од аспект на примена на маркетингот во пракса; научно објаснување на предметот на трудот, преку откривање на условите, причините и мотивите за текот на случувањата, врз основа на научната теорија и пракса; научно предвидување или прогноза, со насочување кон тенденцијата на менување на состојбите и следење на динамичките карактеристики на дефинираниот проблем; едукација на читателите во насока на разбирање на механизмите и суштината на маркетиншките активности и процеси, со цел за зголемување на свесноста и вештините за креирање на содржини, како и можност за препознавање и ограничување на влијанието на маркетиншките активности врз самите читатели.

Учебното помагало претставува логична надградба на претходни изданија на авторката, со вградена нова целина која досега не е обработувана на начин кој ја прикажува нејзината практична примена, а се однесува на градење на визуелен бренд идентитет. Од оваа причина, сметаме дека материјалот обработен во практикумот се одликува со голема значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината:** Практикумот е изработен како целина која се состои од четири дела. Во првиот дел се обработува маркетинг истражувањето како клучен дел од маркетингот, преку негова примена во пракса. Во рамки на овој дел, авторката дава преглед на практична употреба на различни модели и алатки кои случат за анализа на: деловни проблеми, финансиските аспекти во работењето, опкружувањето, индустријата и компанијата, како и процесот на развој на нов производ преку истражување на пазарот. Во вториот дел од практикумот се обработува друга значајна проблематика од маркетингот – маркетинг стратегијата. Во фокус на овој дел е практичната примена на сите елементи на една маркетинг стратегија, како што се: изјава за визија и мисија, поставување на корпоративни и функционални/маркетинг цели, фактори на сегментација на пазарот, класификација на потрошувачите во различни целни групи преку алатката на животниот стил, градење на врски со потрошувачите, креирање на тактики преку употреба на т.н. маркетинг микс (производ, цена, промоција и дистрибуција), избор на позиција и начин на репозиционирање на пазарот, како и изработка на маркетинг клендар и буџет. Во третиот дел се опишуваат моделите на интегрираната маркетинг комуникација, а се опфатени следните модели: модел на комуникација во еден чекор, линеарен модел на комуникација во два чекора, маркетинг на согласност, како и основниот модел на комуникација со своите елементи (извор на порака, порака, канал на порака, примач на порака, кодирање и декодирање на порака, одговор и повратна врска, шум во комуникацијата). Во четвртиот, последен дел од практикумот, авторката воведува целосно нова проблематика, која исто така е прикажана од практичен аспект, а се однесува на визуелен бренд идентитет. Во овој дел, авторката дава детален приказ на сите елементи кои го сочинуваат бренд идентитетот и се основа за создавање на брендови на пазарот, како што се: име на брендот, лого, боја, типографија, фотографија, веб-страница, пакување на производи и дигитални визуелни пораки. Овие елементи се опишани од аспект на нивното значење, како и нивната примена во пракса преку примери. Практикумот завршува со преглед на користената литература и биографски податоци за авторката.

## ЗАКЛУЧОК

Практикумот „МАРКЕТИНГ: ПРИМЕРИ ОД ПРАКСА“ од авторката проф. д-р Тамара Јованов-Апасиева претставува целина на материја поврзана со маркетингот како научна област и различните видови на маркетиншки активности кои се применуваат во пракса. Авторката направила комбинација на теоретскиот и практичен аспект на проблематиката, со цел да ја доближи предметната материја до студентите и да им помогне да научат како ова знаење да го применуваат во практична работа. На овој начин, преку изучување на оваа проблематика, студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа. На останатите заинтересирани лица, кои практично ги применуваат маркетиншките активности во секојдневната работа, овој материјал ќе им помогне за полесно разбирање и имплементација на принципите, методите и техниките на процесот на креирање на систем на ефективна и ефикасна соработка со целната публика.

Со оглед на големото значење кое маркетингот го има за успешното работење на деловните ентитети и за потребите на сите заинтересирани организации, со цел да го пронајдат соодветното решение на пазарните предизвици, сметаме дека практикумот ќе даде придонес во збогатување на материјата која ја обработува и ќе им помогне како на студентите, така и на пошироката стручна јавност во полесно совладување на оваа значајна проблематика. Практикумот воедно ги исполнува и критериумите за објавување. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип да му предложиме практикумот со наслов „МАРКЕТИНГ: ПРИМЕРИ ОД ПРАКСА“ од авторката проф. д-р Тамара Јованов-Апасиева да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Ристе Темјановски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Елена Веселинова, вонреден професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ПРОГНОСТИЧКИ ФАКТОРИ ВО ТРЕТМАНОТ НА ВЕНСКИ УЛКУСИ НА ДОЛНИТЕ ЕКСТРЕМИТЕТИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ХРОНИЧНА ВЕНСКА ИНСУФИЦИЕНЦИЈА”, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП

Со Одлука број 0206-667/3 од 23.11.2021 година, донесена на 46. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 – Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов „Прогностички фактори во третманот на венски улкуси на долните екстремитети кај пациенти со хронична венска инсуфициенција”, пријавена и изработена од кандидатката д-р Мирела Василева, во состав:

– проф. д-р Милка Здравковска – претседател,
– проф. д-р Елизабета Зисовска – член, интерен ментор,
– проф. д-р Александар Анчевски – член, екстерен ментор,
– проф. д-р Андреј Петров– член,
– проф. д-р Миленка Благоевска – член,

Комисијата во наведениот состав го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

1. ***Анализа на трудот***

Докторската дисертација со наслов „Прогностички фактори во третманот на венски улкуси на долните екстремитети кај пациенти со хронична венска инсуфициенција” претставува оригинален труд кој е пријавен и изработен од д-р Мирела Василева специјалист дерматовенеролог. Докторската дисертација која е пријавена и изработена од кандидатот доктор Мирела Василева, специјалист дерматовенеролог, е напишана на 130 страници, А4 формат, со вкупно 43 табели, 37 слики и 211 литературни цитати. Содржината на трудот е категоризирана во 13 поглавја, организирани по следниов редослед: Содржина, Апстракт, Апстракт на англиски јазик, Вовед, Актуелност на проблемот, Предмет и цел на истражувањето, Хипотези, Материјал и методи, Варијабили, Фази во истражувањето, Резултати, Дискусија, Заклучок, Користена литература.

Во првиот *Воведен дел*, кандидатката д-р Мирела Василева во кратки црти ги елаборира основните карактеристики на заболувањето хронична венска инсуфициенција, осврнувајќи се на историскиот преглед на болеста, анатомските карактеристики на вените, некои можни етиолошки моменти, клиничка слика, како и можностите за третман на хроничните венски улкуси.

На почетокот на 20 век за прв пат се опишува врската помеѓу валвуларната дисфункција, проширените вени и венските улкуси на долните екстремитети. Во 1937 година, Едвардс и Едвардс ги опишале штетните ефекти на тромбофлебитисот врз венскиот залисток и неговите последици во развојот на проширени вени и хроничната венска инсуфициенција.

Во наредните години па сè до денес се работи на пронаоѓање на нови методи за валвуларна и венска реконструкција, а со тоа подобрување на венскиот крвоток и конечно решавање на хроничната венска инсуфициенција која е една од најчестите патологии на денешницата.

Анатомијата на вените долги години ја опишувале повеќе лекари и анатомичари, меѓутоа во 1579 година во Падова градбата на вените и венските залистоци јавно била презентирана од страна на Фабричиј аб Аквапенденте.

Вените од нозете ја враќаат крвта назад до срцето преку површните или суперфицијални вени и длабоките вени кои меѓусебно се поврзани со т.н. комуникантни вени или перфорантни вени. Најзначајните површни вени се v.Saphena magna која е најдолга вена во човековото тело и се движи започнувајќи од внатрешниот крај на дорзалниот венски лак по предната страна од медијалниот малеолус нагоре по медијалната страна на екстремитетот влевајќи се во феморалната вена (v.Femoralis), v.Saphena parva се движи како продолжеток на дорзалниот венски лак на стапалото зад латералниот малеолус нагоре низ задниот дел од потколеницата до поплитеалната јама каде се влева во поплитеаната вена (v.Poplitea).

Двете вени се поврзани меѓусебно преку дорзалниот венски плексус, преку бројни колатерали, а со длабокиот венски систем се поврзани преку перфорантните вени.

Хроничната венска инсуфициенција е заболување на периферниот венски систем кое се карактеризира со покачен венски притисок, варикозитети и промени на кожата.

Основен патофизиолошки процес кај ХВИ е венската хипертензија. Поради нарушено одведување на крвта и создавање на стаза, или покачување на венскиот отпор поради опструкција, венската хипертензија ќе доведе до микроциркулаторни абнормалности кои се однесуваат на морфолошките и физиолошките карактеристики на микроциркулацијата.

Главна карактеристика е хроницитетот и прогресивната состојба.

Етиологијата на болеста опфаќа васкуларни и екстраваскуларни фактори. Карактеристични клинички знаци за ХВИ се присуство на перималеоларно и периплантарни телеангиектазии (corona phlebectatica paraplantaris), едем, стазен дерматитис, пигментација, хиподермитис, липодерматосклероза, бела атрофија на кожата, хиперкератоза и венозен улкус. Пациентите може да имаат само неколку клинички манифестации на болеста, а може да се присутни и сите горенаведени промени. Најчесто користена класификација според клиничката слика на хроничната венска инсуфициенција е CEAP класификацијата која е широко прифатена. ХВИ одговара на класа 4-6 од скалата на CEAP (Porter and Moneta 1995) класификацијата, иако може да вклучи и карактеристики од класа 3 на истата класификација. CEAP претставува меѓународна класификација според која се класифицира степенот на болеста, а се покажала доста практична за клиничка употреба.

C – клинички манифестации (симптоматска, асимптоматска, степен од 0-6)

E – етиологија (примарна, секундарна, конгенитална)

A – анатомски промени (површна, длабока, перфораторна)

P - патолошки нарушувања (рефлукс, опструкција на лумен или комбинација од двете).

Според класификацијата постојат 6 класи на клинички знаци на хроничните венски заболувања на нозете.

*CEAP (Porter and Moneta 1995) класификација*

0 – без видливи или палпабилни знаци за венско заболување

1- Телеангиектазии, ретикуларни вени, малеоларни капиларни мрежи

2- Варикозни вени

3- Едем без кожни промени

4- Кожни промени како пигментација, венски дерматит, липодерматосклероза

5- Кожни промени (претходно наведени) и излечен венски улкус

6- Кожни промени (претходно наведени) и активен венски улкус.

Третманот на хроничните венски улкуси вклучува конзервативен менаџмент, механичка обработка, медикаментозна и хируршка терапија.

Независно што во воведниот дел д-р Василева дава податоци околу заболувањето хронична венска инсуфициенција, основната симптоматологија и третман, во следниот дел *Актуелност на проблемот*, таа ги објаснува честото дијагностицирање на болеста, и проблемите со кои се соочуваат пациентите.

Хроничната венска инсуфициенција денес е многу честа појава и спаѓа во групата на заболувања кои се сметаат за најмасовни. ХВИ е присутна кај 5-30% од населението зависно за кој дел од светот станува збор. Во нашата земја ХВИ е присутна кај 50% од возрасните жени и 30% од возрасните мажи, а сѐ почесто може да се сретне и кај младата популација. Овие лица освен со здравствени проблеми се соочуваат и со значително намалување на квалитетот на животот, земајќи ги предвид проблемите од естетска природа

поради изменитот изглед на кожата на долните екстремитети, потребата од преврски и долгата хоспитализација во последниот стадиум на ХВИ каде што се присутни венски улкуси, потребата од постојано носење на компресивни завои или еластични чорапи.

Последните неколку децении е постигнат значителен развој во полето на флебологијата, подобрена е дијагностиката, а исто така и терапијата, меѓутоа бројот на пациенти постојано расте.

Бидејќи станува збор за прогресивна состојба, освен на терапијата потребно е да се има посериозен пристап и кон превенцијата особено кон превенирањето на прогресијата на веќе постоечката ХВИ во понапреднати стадиуми.

По обемниот литературен преглед следува делот *Предмет и цел на трудот*, каде што се дефинирани прецизно и практично тезите кои ги поставила кандидатката д-р Мирела Василева за експерименталното истражување.

Основна цел на истражувањето ќе биде утврдување на прогностичките фактори и нивното влијание врз одложување или забрзување на процесот на гранулација и затворање на раната.

Предмет на трудот е анализа и процена и предиктивните фактори при терапевтски пристап кај пациентите со хроничен венски улкус.

Како посебни цели што се реализирани во докторскиот труд се:

- Утврдување на влијанието на коморбидитетите врз заздравувањето на венскиот улкус.
- Утврдување на влијанието на возраста врз заздравувањето на венскиот улкус.
- Утврдување на влијанието на локализацијата на промената врз заздравувањето на венскиот улкус.
- Утврдување на влијанието на времетраење на промената пред посета на дерматолог врз заздравувањето на венскиот улкус.
- Утврдување на влијанието на околината на промената (еритем, еритем и едем, липодерматосклероза) врз заздравувањето на венскиот улкус.
- Утврдување на влијанието на димензијата на улкусот врз заздравувањето.
- Утврдување на влијанието на секундарната бактериска инфекција врз заздравувањето на венскиот улкус.
- Утврдување на влијанието на присутниот едем на потколеницата (од која било причина) врз заздравувањето на венскиот улкус.
- Утврдување на влијанието на болестите на зависност врз заздравувањето на венскиот улкус.

Во следното поглавје *Хипотези*, д-р Василева ги поставува своите очекувања од истражувањето, кои понатаму во дисертацијата се презентирани во поглавјето *Резултати*. Во ова поглавје се поставени 8 хипотези. Главната хипотеза е „Утврдувањето на прогностичките фактори во третманот на венските улкуси може значајно да влијае во времетраењето на болеста".

Во следното поглавје *Материјал и метод*, д-р Василева го презентира и детално објаснува процесот на целото истражување.

Во истражувањето се вклучени 105 пациенти со развиен венозен улкус на долните екстремитети .Критериуми за вклученост во студијата биле

- Лица со дијагностицирана хронична венска инсуфициенција,
- Лица над 18 години,
- Лица способни да потпишат информирана согласност .

Во истражувањето учествувале 105 пациенти кои кандидатката ги поделила во 3 групи според возраста до 50 години, од 51 до 65 години, над 65 години. Сите пациенти биле подложени на стандардна терапија која се состои од компресивна терапија, венотоници и механичка обработка и дресинг на улкусот. Во истражувањето бил вклучен ултразвучен доплер на долните екстремитети. На првиот клинички преглед била одредувана големината на улкусот, времетраење на промената пред посета на дерматолог, промените во околината на улкусот и е пополнуван личен прашалник за пол,возраст и целни минати заболувања.

Секој пациент бил детално прегледан, а податоците за коморбидитетите биле искористени од постара медицинска документација.

Според крајниот исход на третманот пациентите биле поделени на 2 групи, пациенти со нормално затворање на венскиот улкус до 12 недели и пациенти со одложено затворење на улкусот над 12 недели.

Добиените информации од пациентите биле зачувани во Microsoft Excel, а потоа статистички се обработени со цел да се анализираат односите помеѓу клиничките и лабораториските податоци на пациентите, а потоа е направена описна анализа врз основа на добиените резултати.

Во следното поглавје *Варијабили* во истражувањето д-р Василева дава осврт на независните и зависните варијабили. Како независни варијабили во ова истражување се сметаат лица со дијагностицирана хронична венска инсуфициенција. Зависни варијабили во ова истражување се венски рефлукс, големината на улкусот, околината на венскиот улкус, времетраењето на промената пред третманот, присутната секундарна бактериска инфекција, коморбидитетите, болестите на зависност и возраста на пациентот.

Во следното поглавје *Фази на истражувањето* д-р Василева детално ги објаснува фазите кои се поминати до доаѓање на конечните резултати. Опишани се 3 фази. Во првата фаза биле собирани податоци од пациентите односно земање на детална анамнеза, дерматолошки статус и имиџинг метода во овој случај ултразвучен преглед на долните екстремитети. Втората фаза се однесувала на сумирање на резултатите и потоа следела квалитативна и квантитативна обработка. Во третата фаза кандидатот пристапува кон пишување на финален извештај.

Понатаму во поглавјето *Резултати* д-р Мирела Василева на едноставен начин, хронолошки ги реферира добиените вредности и резултати од своите испитувања.

Во истражувањето партиципирале 105 испитаници, пациенти со дијагностицирна хронична венска инсуфициенција и развиен венозен улкус на долни екстремитети.

Половата структура на пациентите ја сочинувале 45 (42.9%) машки пациенти и 60 (57.1%) пациенти од женски пол. Пациентите биле на возраст од 32 до 87 години, просечната возраст е 62.1±13 години. Со застапеност од 47 (44.8%), доминираат пациенти на 65-годишна возраст и постари. Кај 80 (76.2%) пациенти времетраењето на улкусот пред дерматолошкиот третман било повеќе од 2 недели; 47 (44.8%) пациенти имале улкус со димензии поголеми од 2 цм.

Најпрво била направена компаративна анализа помеѓу пациентите кај кои улкусот се затворил во нормално време на затворање т.е. до 12 недели и пациенти кај кои улкусот се затворил во одложено време на затворање т.е над 12 недели. Потоа е направена компаративна анализа помеѓу пациенти кај кои е забележано брзо затворање на улкусот до 4 недели од појавата, пациенти кај кои е забележано нормално затворање на улкусот од 4 до 12 недели и пациенти кај кои е присутно одложено затворање на улкусот над 12 недели. Била користена логистичка регресиона анализа за да се утврдат независните предиктори за одложено заздравување на венскиот улкус. Статистичката сигнификантност е дефинирана на ниво на $p<0.05$.

Како важни предиктивни фактори се покажале возраста над 65 години ($p=0.026$), постоењето на коморбидитети како тромбофлебит ($p=0.0079$) и Периферна артериска оклузивна болест ($p=0.00097$), секундарната бактериска колонизација ($p<0.0001$), димензиите на улкусот поголеми од 2 цм ($p=0.0012$), стазниот дерматит и липодерматосклерозата ($p=0.000031$), едемот од која било природа ($p=0.0017$), како и одложеното време за отпочнување со третман ($p=0.0036$).

Хронолошки, во континуитет во дисертацијата се надоврзува поглавјето *Дискусија*, во кое кандидатката д-р Мирела Василева ги објаснува, елаборира сопствените резултати од реализираниот експериментален дел, воедно ги споредува и со литературните сознанија околу оваа проблематика.

Одложеното заздравување на раните го доведува до прашање и квалитетот на животот на овие пациенти, со оглед на потребата од долготрајните хоспитализации и неможноста нормално да се вршат секојдневните обврски. Пациентите се засегнати и од финансиски аспект, имајќи ги предвид трошоците за третманот и секојдневните преврски. Овие социо-

економски проблеми може да се минимизираат со постоење на прогностички модел со кој уште на почетокот ќе се идентификуваат факторите кои влијаат на текот на третманот на улкусите и раното воспоставување на правилна терапија, а со тоа и порано ќе добиеме задоволителен терапевтски одговор на раната.

Докажана е важноста на раното препознавање на прогностичките индикатори за терапевтскиот одговор и времетраењето на венскиот улкус.

Исто така, анализата и толкувањето во компарација со сознанијата на научната јавност одат во прилог на земањето предвид на предиктивните фактори како услов за видот на третман кој ќе се употреби уште во раниот стадиум на појавата на улкус и очекуваното време на целосно заздравување на раната.

Во делот *Заклучок* се презентирани сумарно базичните вредности кои извлечени од целосното истражување, ја надополнуваат научната вредност и даваат препораки за клиничките услови, очекуваниот исход од третманот и изборот на терапија на венски улкус, кај пациентите со хронична венска инсуфициенција.

Докторската дисертација продолжува со поглавјето *Литература*, во кое авторот цитира 211 референци, систематизирани и обележани.

2. **Научен придонес**

Докажана е потребата од информирање на пациентите за природата на болеста уште на почетокот од дијагностицирањето на хроничната венска инсуфициенција и важноста за редовни контроли и терапија.

Пациентите кои покажуваат присуство на повеќе фактори на одложено заздравување се кандидати за поагресивна терапија уште при јавување на преглед и имаат потреба од мултидисциплинарен пристап, особено пациентите со периферна артериска оклузивна болест и нерегулиран дијабетес мелитус. Кај дел од овие пациенти е потребен хируршки дебридман или васкуларна интервенција. Одложеното заздравување на раните го доведува до прашање и квалитетот на животот на овие пациенти, со оглед на потребата од долготрајните хоспитализации и неможноста нормално да се вршат секојдневните обврски.

Пациентите се засегнати и од финансиски аспект, имајќи ги предвид трошоците за третманот и секојдневните преврски. Овие социо-економски проблеми може да се минимизираат со постоење на прогностички модел со кој уште на почетокот ќе се идентификуваат факторите кои влијаат на текот на третманот на улкусите и раното воспоставување на правилна терапија, а со тоа и порано ќе добиеме задоволителен терапевтски одговор на раната.

Од раната идентификација на прогностичките фактори при заздравувањето на венскиот улкус големи се и клиничките придобивки. Со навременото предупредување за очекуваниот слаб одговор на стандардниот третман ќе има и навремена модификација и приспособување на истиот спрема потребите на пациентот.

Раната проценка на пациентот и улкусот треба да претставува основа за правилно третирање на хроничните рани од типот на венските улкуси.

Рани и правилни проценки на ризик факторите за одложено заздравување и исходот од третманот може да обезбеди само искусен клиничар. Затоа е потребно да се создаде алгоритам за помалку искусните лекари заснован на овие прогностички фактори со цел рана правилна проценка. Освен првичната проценка потребно е постојано следење на раните и нивниот одговор на препишаната терапија. Се следи околината на раната, нејзината големина и можноста од појава на компликации кои може да го нарушат нормалниот тек на епителизација. Сите претходно набројани фактори кои се покажаа како значајни во предикцијата на исходот од третманот се мерливи и лесно се изведуваат и во амбулантски услови, со што е овозможено резултатите од нив да се искористат при правилно одредување на третманот.

Со рано одредување на прогностичките фактори во клиничката пракса се олеснува изборот на правилен третман кај венските рани и скратено е времето на лекување. За пациентите е важно дека кај дел од нив е скратена потребата од хоспитализација, се намалуваат шансите од појава на рецидивни улкуси, намалени се финансиските трошоци околу третманот на улкусот и подобрен е квалитетот на живот на пациентите.

Докторската дисертација со наслов „Прогностички фактори во третманот на венски улкуси на долните екстремитети кај пациенти со хронична венска инсуфициенција”, односно како англиска верзија „Prognostic factors in treatment of venous ulcers of the lower exstremities in patients with chronic venous insuffiency“ од д-р Мирела Василева, студент на трет циклус студии на Факултетот за медицински науки, насока Базични и клинички истражувања во медиината, е изработена под менторство на проф. д-р Елизабета Зисовска, редовен професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како интерен ментор и проф. д-р Александар Анчевски, редовен професор, дерматовенеролог во пензија, како екстерен ментор, е успешно завршена. Трудот е напишан јасно, концизно, на научно и стручно ниво, испитувањата и анализите се добро систематизирани, а добиените резултати се со оригинален карактер, конципирани на ефективен и разбирлив начин и добиени се конкретни заклучоци. Согласно со поставените цели на истражувањето и нивната актуелност добиените резултати прецизно, симплифицирано и хронолошки се презентирани и во секој поглед демонстрираат оригиналност.

3. **Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот**

Кандидатката д-р Мирела Василева, специјалист дерматовенеролог, студент на трет циклус студии, на студиската програма Базични и клинички истражувања во медицината, пред готовата докторска дисертација ги има објавено следните рецензирани научни трудови:

1. **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V. Pyoderma gangrenosum associated with ulcerative colitis. Case report and literature review. Our Dermatol Online. 2020;11(e):e119.1-e119.3.
2. **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V. Cutaneous side effects of hydroxyurea in a patient with thrombocytosis. Our Dermatol Online. 2020;11(Supp. 3):10-12.
3. **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V, Petrov A, Zisovska E. Treatment of venous ulcers in drug addicts: A case report. Our Dermatol Online. 2021

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа готовата докторска дисертација со наслов „Прогностички фактори во третманот на венски улкуси на долните екстремитети кај пациенти со хронична венска инсуфициенција” односно како англиска верзија „Prognostic factors in treatment of venous ulcers of the lower exstremities in patients with chronic venous insuffiency“ и донесе заклучок дека истата претставува оригинален, самостоен, прецизно дефиниран, јасно оформен научен труд со систематски разработена проблематика и оригинални научни истражувања и резултати. Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научна работа ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторска дисертација. Врз основа на тоа, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научен совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „*Прогностички фактори во третманот на венски улкуси на долните екстремитети кај пациенти со хронична венска инсуфициенција*” од кандидатката д-р Мирела Василева и да се одобри јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Милка Здравковска – претседател, редовен професор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, с.р.**
**Проф. д-р Елизабета Зисовска – член, интерен ментор, редовен професор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, с.р.**
**Проф. д-р Александар Анчевски, член, екстерен ментор, редовен професор во пензија, с.р.**
**Проф. д-р Андреј Петров, член, вонреден професор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, с.р.**
**Проф. д-р Миленка Благоевска, член, редовен професор во пензија, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ЕТИКА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО“ ОД ПРОФ. Д-Р ТРАЈЧЕ СТОЈАНОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1602-1103 од 165. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 10.12.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Дејан Донев, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
- проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Етика во образованието**” од **проф. д-р Трајче Стојанов**, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Поднесениот ракопис „*Етика во образованието*“ од проф. д-р Трајче Стојанов, како наставно помагало-учебник по предметот Етика во образованието, е наменет за студентите на Факултетот за образовни науки од насоките Педагогија, Предучилишно воспитание и Одделенска настава, каде што истиот се изучува со фонд на часови 2+1+1 на секоја од насоките, како и на студентите од Доквалификација (Специјалистички студии), исто така од Факултетот за образовни науки, како изборен предмет. Со тоа, ракописот „*Етика во образованието*“ претставува соодветно и целосно покривање на потребите од наставната програма за студиските програми на којашто е наменет, давајќи им ги основните знаења и вештини од областа, потребни како за време на нивните студии, така и во нивниот иден професионален развој, како активни чинители на образовниот систем на нашата држава.

**Значење на предметот кој се обработува во ракописот:** Напишан со методолошка коректност, висока научна акрибичност и стилска особеност, ракописот претставува значаен влог во корпусот философски дисциплини, особено во т.н. професионални етики, кои и онака се ретки на нашите простори. Со учебникот „Етика во образованието“ студентите, но и поширокатa академска и научна јавност, добиваат важен водич во оваа важна гранка на етиката. Сите практични и професионални етики се особено важни не само за теориската мисла кај нас, туку и за професионалниот развој на поединците на кои им се наменети. Нивната практична димензија овозможува важен простор и претставуваат неопходен услов за професионализацијата и регулацијата на секоја важна професија, особено на учителската. Развојот на професионални стандардни и професионална етика за наставничката професија претставуваат ургентна потреба кај нас, а овој ракопис, таа потреба ја задоволува на најдобар можен начин.

**Податоци за обемот на ракописот:** Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 252 страници, од кои на 240 страници е претставен основниот текст, на 2 страници се сместени 33 релевантни библиографски единици, од монографски единици, периодични списанија, статии и интернет страници, домашна и странска литература, што ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. На една страница е претставена содржината на книгата и на 9 страници има два прилози. Трудот е пишуван во А4 формат со единечен проред, употребен е фонд Arial, големина на буквите 12. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, освен скриптата од истиот автор, учебник од областа на етика во образованието на просторот на македонското образование и наука до сега немало. Со тоа, овој текст пополнува навистина значајно место во областа на т.н. професионални етики, а за што очигледно има несомнена потреба. Се разбира, овој ракопис е само прв чекор и поттик за истражувања не само од оваа област, туку и во областа на останатите практични и нормативни етики. Со тоа, овој прирачник за наставничката професија, во случајов се покажува како важен темелник кој ја омеѓува потребата од корисен нормативен водач не само за студентите на факултетите за обука на наставници, туку и на професионалната, стручната и научната јавност, која во овој текст може да ја најде научната и стручна вредност од областа на применетите етики.

**Краток опис на содржината:** На 252 страници, со евидентно користење на најновите сознанија од областа, соодветно поткрепено со цитати, референци и библиографски единици, авторот проф. д-р Трајче Стојанов ги исцртува основите на оваа научна област. Етиката во наставничката професија е важна професионална етика од која до сега не беа приопштени сознанијата на македонската научна и стручна јавност. Авторот тоа го прави на еден едноставен начин, дедуктивно изведувајќи ја од општата теориска рамка исцртана во текстот. Имено, откако во текстот е исцртан просторот на општите етички поставки на науката во првата и втората глава, авторот се концентрира на нормативните, т.е. практичните и применетите етики, за да последната глава ја резервира за професионалната етика, т.е. етиката во наставничката професија.

Така, во првата глава насловена **Основи на етиката** авторот проф. д-р Трајче Стојанов дава увид на важни и релевантни теми за разјаснување на поимот и предметот на етиката како наука, но и на нејзиното место, улога и значење за наставничката професија. Па така, во оваа прва глава, на почетокот се дефинира и утврдува поимот и предметот на науката, потоа се даваат основните етички категории, но и се лоцира односот на етиката со другите области кои го регулираат човековото поведение, како обичаите или правото, но и се мапира односот на етиката со психологијата и педагогијата и моралното воспитание. Од ова е евидентно дека дури и во овој општ дел, етиката како наука се третира од аспект на потребите на наставничката професија, што го прави ракописот близок до оние за кој е наменет. Од тие причини во овој прв, општ дел има отстапено простор и за фазите на развој на моралноста во теориите на Пијаже и Колберг, како и за некои од аспектите на она што се нарекува морално воспитание.

Втората глава се однесува на **Поделбата и гранките на етиката**, каде што сосема коректно се упатува на востановената поделба на теориска и практична етика, при што е направена и дополнителна потподелбата во оваа глава на нормативната етика, на општа нормативна и практична, т.е. применета етика, со што е отворен простор за прецизно лоцирање на професионалната етика, што се обработува во следната, третата глава насловена како **Професија и професионални етики**. Овде се дадени најпрвин некои општо-теориски одредби и карактеристики на професијата како таква воопшто, за во второто поглавје да се наведат и накратко обработат некои професионални етики (новинарска етика, медицинска етика) и на крај да се конкретизира во наставничката професија, т.е. наставничка етика.

Четвртата глава е резервирана за **Основите на наставничката етика**, каде што конкретно, низ шест поглавја и два прилога, се исцртани основните градбени елементи на наставничката професија и нејзините етички димензии. Првото поглавје зборува за наставничката професија како регулирана професија која има потреба од соодветна професионална етика. Откако е утврдена таа потреба, второто поглавје ги анализира и наведува професионалните вредности на наставничката професија, од нејзиното место и улога во меѓународните организации и стандарди (УНЕСКО), до домашните состојби и правни регулативи. Следното поглавје од оваа глава тематизира многу важен проблем за професионалниот и моралниот лик на наставникот, каде што се обработуваат професионалните и етичките стандарди до кои треба да се држи еден наставник за да го изгради соодветниот морален лик. Во четвртото поглавје од оваа глава, авторот проф. д-р Трајче Стојанов се осврнува на некои ситуации и проблеми во наставничката професија кои погледнати од аголот на етичката наука добиваат сосема ново значење и се гледаат во

сосема ново светло. Така, одеднаш „оценувањето“ станува етички релевантен проблем, како и „тестирањето“, а да не зборуваме за поимот „дисциплина“ или „наградата“ и „казната“... Сето ова придонесува за сензибилизирање на идните наставници за ситуациите во кои ќе се најдат да можат да ги погледнат во светло на етиката и моралната димензија. Исто така, со следното поглавје им се дава значајна алатка во рацете на наставниците за помагање во разрешување на дилемите и проблемите со кои се соочуваат учениците, децата и адолесцентите. За оние пак наставници кои имаат намера да вршат истражувања од областа на образовните науки, следното поглавје дава значајни инструкции за тоа кои се „моралните импликации и етичките стандарди во истражувањето во образованието“.

Двата прилози приведени на крајот од овој ракопис претставуваат вреден конкретен морален патоказ за секој припадник на наставничката професија: од тоа каков специфичен бон-тон и однесување треба да има еден наставник (етикеција на професијата), па до етичкиот кодекс до кој треба да се придржува.

Врз основа на гореизнесеното, рецензентите на ракописот „Етика во образованието“ од авторот проф. д-р Трајче Стојанов го донесуваат следниов

## ЗАКЛУЧОК

Општата научна, стручна и педагошка оценка на трудот е дека истиот претставува не само потреба на студентите, на стручната и научната јавност, туку дека тоа претставува и вредно научно-стручно дело кое ќе биде од голема полза и на пошироката научна јавност не само заради својата содржина, туку и заради своите изразени методолошки, научни и педагошки квалитети. Формално-логички коректен, методолошки доследен и содржински инспиративен, ракописот „Етика во образованието“ е вредно, не само учебно помагало, туку и научно-стручно дело кое пополнува значајна празнина во македонската наука.

Оттука, Резензентската комисија има особена чест и задоволство да го препорача издавањето на ракописот „Етика во образованието“ од проф. д-р Стојанов Трајче како учебник за потребите на студентите на ФОН, без никакви додатни потреби за промени и интервенции во текстот.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Дејан Донев, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, с.р.**

*Рецензијата ја подготвуваат најмалку двајца наставници од потесната научна област од која е ракописот (учебник, скрипта или учебно помагало). Рецензентите ги избира наставно-научниот совет на факултетот. Ако рецензентите во рок од 3 (три) месеци не ја поднесат рецензијата, наставно-научниот совет на факултетот, избира други рецензенти, при што не може да остане член од првобитниот состав. Рецензиите за ракописот се објавуваат во Универзитетски билтен.

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА** | Унапредување на деловните процеси на туристичките апартмани во рурална планинска средина во Северна Македонија | 2102-263/11 од 10.11.2021 год. | Проф. д-р Елизабета Митрева | Кристиан Ристески |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на прифатени теми за изработка на докторски трудови од наставно-научните совети на докторски студии на Кампус 4**

| | Одлука | Тема | Ментори | Студент |
|---|---|---|---|---|
| ЕФ | 0206-691/4 од 3.12.2021 г. | „Глобалните стопански текови и информациските технологии водечка сила за ефикасно управување со маркетинг каналите“/„Global economic flows and information technologies-leading forces for effective marketing channel management“ | проф. д-р Ристе Темјановски, интерен ментор<br>проф. д-р  Ленче Петреска, екстерен ментор | Моника Арсова |